Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

# ГОДИШЕН ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИЗВЕШТАЈ

# 2024 ГОДИНА

2025 година

ПРЕДГОВОР

Почитувани,

Пред Вас е годишниот земјоделски извештај на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во кој се преставени реализирани активности од страна на институциите и општите состојби во агросекторот за 2024 година, политиките за земјоделството и рурален развој, прилагодувањето кон Европската унија и меѓународната соработка, како и хоризонталните и административно-контролните прашања.

Воедно, даден е осврт на макро економската состојба во Република Северна Македонија со фокус на земјоделско-прехранбениот сектор, вредноста на земјоделското производство, остварените производствени резултати по потсектори, вклучувајќи и органското производство, трговијата со земјоделско-прехранбени производи, рибарството и ловството, управување и стопанисување со шумите, осврт  на хидромелиоративни системи за наводнување и одводнување, тековни капитални проекти во водостопанството, како и агрометеоролошка анализа на временските услови во Република Северна Македонија во 2024 година.

Во изготвувањето на извештајот се користени материјали и податоци подготвени од секторите и управите во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и од релевантни податоци од базите и регистрите кои се водат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управата за хидрометеоролошки работи, Државен инспекторат за земјоделство, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенцијата за храна и ветеринарство, како и статистички податоци од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Се надевам дека  годишниот земјоделски извештај за 2024 година, ќе биде корисна референца и ќе наиде на широка употреба меѓу учесниците во земјоделско-прехранбениот сектор, како во државата така и надвор од државата.

Со почит,

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство

Цветан Трипуновски

# Contents


**1.Спроведување на ИПАРД Програма 2014-2020** ... 6

**2. Спроведување на ИПАРД Програма 2021-2027** ... 25

**3.Одделение за политика на кредитирање и финансиски инжинеринг во земјоделството и руралниот развој** ... 40

**4.Интегративен процес и меѓународна соработка** ... 43

- **4.1.ЕУ интеграција** ... 43
- **4.2 ИПА II проекти во секторот земјоделство** ... 46
- **4.3. ИПА III проекти во секторот земјоделство** ... 50
- **4.4. ИПА 2024 програмска година** ... 50

**5.Земјоделски пазари и трговија со земјоделско-прехранбени производи** ... 51

- **5.1.Трговска размена на примарни земјоделски производи, преработени земјоделски производи и рибни производи** ... 51
- **5.2.Вкупна трговија и трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи** ... 52
- **5.3. Најзначајни партнери на Република Северна Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2024 година** ... 54
- **5.4.Трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи меѓу Република Северна Македонија и ЕУ-27 во 2024 година** ... 56
- **5.5. Анализа на извозот од Република Северна Македонија во ЕУ - 27 по производи** ... 58

**6. Сектор за меѓународна соработка** ... 60

**7. Систем за Идентификација на земјишни парцели (СИЗП)** ... 62

- **7.1 Консолидација на земјоделско земјиште** ... 62

**8. Општи карактеристики на Република Северна Македонија со осврт на земјоделско-прехранбениот сектор** ... 64

- **8.1 Географски карактеристики, клима и население** ... 64
- **8.2 Макроекономска рамка** ... 66
- **8.3 Општи состојби во агрокомплексот** ... 67

**9. Вредност на производството на земјоделскиот сектор** ... 69

- **9.1 Економски сметки во земјоделството** ... 69

**10. Земјоделско производство** ... 70

- **Растително производство** ... 70
- **10.1. Житни култури** ... 71
- **10.2 Индустриски култури** ... 73
- 10.2.1.Површини и производство на тутун и остварен просечен принос за период 2020-2024 година ... 73
- 10.2.2. Површини и производство на сончоглед и остварен просечен принос за период 2020-2024 година ... 74

10.2.3.Површини и производство на афион и остварен просечен принос за период 2020-2024 година ... 74
**10.4 Фуражни култури** ... 75
**10.5 Градинарски култури** ... 77
**10.5.1. Градинарско производство во заштитени простори без загревање – пластеници** 79
**10.5.2. Градинарско производство во оранжерии** ... 80
**10.6. Овоштарство** ... 81
**10.7. Лозарство и винарска индустрија** ... 83
**10.7.1. Регистар на лозови насади** ... 86
**11.Сточарство** ... 86
11.1 Број на добиток, живина и пчелни семејства ... 86
**11.2 Говедарство** ... 87
**11.3 Овчарство** ... 88
**11.4 Козарство** ... 89
**11.5 Свињарство** ... 90
**11.6 Живинарство** ... 91
**12. Органско земјоделско производство** ... 92
**13. Рибарство** ... 94
**14. Добиточно производство** ... 95
**14.1 Производство на млеко во 2024 година** ... 95
**14.2 Производство на месо во 2024 година** ... 95
**14.3 Производство на мед, цените на медот и на пчелните производи** ... 96
**15. Фитосанитарна политика** ... 97
**15.1 Државна фитосанитарна лабораторија** ... 97
**15.2 Лабораториски анализи реализирани во 2024 година** ... 101
... 105
**15.3 Здравје на растенијата** ... 105
**15.4 Фитосанитарен информациски систем - ФИС** ... 107
**16. Управа за семе и саден материјал** ... 108
**17.Агенција за храна и ветеринарство** ... 109
**17.1 Здравствена заштита на животните** ... 111
**17.2 Заштита и благосостојба на животните** ... 113
**17.3 Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство** ... 114
**17.4.Одобрување на објекти и оператори со храна за животни** ... 115
**18. Државен инспекторат за земјоделство** ... 116

19.Шумарство – Сектор за шумарство и ловство ........ 118
19.1 Општи карактеристики на шумарскиот сектор ........ 118
19.2 Управување и стопанисување со шумските ресурси ........ 119
19.3 Заштита на шумите ........ 120
19.4 Ловство и ловен туризам ........ 122
20. Управа за водостопанство ........ 123
20.1.Закон за водостопанство ........ 123
20.2.Хидромелиоративни системи за наводнување и одводнување ........ 123
20.2.1.Системи за наводнување ........ 123
20.2.2. Системи за одводнување ........ 126
20.3.Капитални проекти: ........ 127
21. Управа за хидрометеоролошки работи ........ 128
21.1. ........ 128
Климатски подрачја во Република Северна Македонија ........ 128
21.1.2. Агрометеоролошка анализа на временските услови во Република Северна Македонија во периодот јануари-декември 2024 година ........ 130
22.Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) ........ 138
22.1. Реализација на Програми ........ 138

## 1.Спроведување на ИПАРД Програма 2014-2020

ИПАРД Програмата за програмскиот период 2014-2020 беше одобрена на 13ти февруари 2015 година со Одлука на Комисијата В (2015) 760. Првата модификација на Програмата беше одобрена со Одлуката на Комисијата С (2019) 6038. Од почетокот на имплементацијата на Програмата претрпе пет модификации. Последната, петта модификација на Програмата беше одобрена во јуни 2023 година со Одлуката на Комисијата С (2023) 4537.

Индикативните максимални износи на придонесот на Европската Унија за имплементација на ИПАРД Програмата во рамките на ИПА II се утврдени на следниов начин:

| Година | Индикативна сума | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
| Вкупно | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 | 6.000.000 | 10.000.000 | 14.000.000 | 15.000.000 |

ИПАРД Програмата 2014-2020 обезбедува поддршка преку пет мерки (четири од нив акредитирани во програмскиот период 2007-2013):

- -Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства – Мерка 1
- -Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи – Мерка 3
- -Инвестиции во рурална јавна инфраструктура – Мерка 5 (акредитација уште не е добиена поради недостаток на човечки капацитети во ИПАРД Агенцијата)
- -Диверзификација на фармите и развој на бизниси – Мерка 7 и
- -Техничка помош – Мерка 9

Имплементацијата на Програмата започна во април 2017 година. До крајот на 2023 година објавени се девет јавни повици. Освен првиот јавен повик, другите јавни повици беа наменети за различни ИПАРД мерки:

- -Јавен повик 01/2017 за поднесување на барања по мерка 1, 3 и 7
- -Јавен повик 01/2018 за поднесување на барања по мерка 3
- -Јавен повик 02/2018 за поднесување на барања по мерка 1
- -Јавен повик 01/2019 за поднесување на барања по мерка 7
- -Јавен повик 02/2019 за поднесување на барања по мерка 3
- -Јавен повик 01/2020 за поднесување на барања по мерка 1
- -Јавен повик 01/2021 за поднесување на барања по мерка 7
- -Јавен повик 01/2022 за поднесување на барања по мерка 3 и
- -Јавен повик 01/2023 за поднесување на барања по мерка 3.

**ИПАРД барања по јавен повик:**

| Број на јавен повик | Поднесени барања | ЕУ придонес | Одобрени барања | ЕУ придонес | Исплатени барања | ЕУ придонес |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 1.648 | 72.329.985 | 900 | 15.949.967 | 866 | 13.187.960 |
| 01/2018 | 65 | 15.306.651 | 39 | 6.496.155 | 36 | 6.292.029 |
| 02/2018 | 1.099 | 18.335.969 | 640 | 6.420.497 | 595 | 5.470.302 |
| 01/2019 | 261 | 43.821.070 | 80 | 6.470.773 | 71 | 5.071.729 |
| 02/2019 | 61 | 16.763.734 | 49 | 8.578.991 | 42 | 6.395.721 |
| 01/2020 | 748 | 21.011.113 | 456 | 6.318.517 | 387 | 4.286.448 |
| 01/2021 | 250 | 32.490.820 | 107 | 9.417.564 | 80 | 4.641.074 |
| 01/2022 | 42 | 9.178.901 | 28 | 2.947.876 | 27 | 2.362.669 |
| 01/2023 | 58 | 6.485.806 | 39 | 3.347.168 | 36 | 3.138.392 |
| Вкупно | 4.232 | 229.238.243 | 2.338 | 65.947.508 | 2.140 | 50.848.324 |

Извор: ИПАРД II табели со показатели за следење и евалуација 2024

ИПАРД II Програмата беше предмет на ex-ante евалуација (извештај издаден во јули 2014 година), каде што матрицата со препораки за евалуација беше приложена кон Програмата (Анекс 6). Во согласност со член 58 од Секторскиот договор, Телото за управување со ИПАРД ангажираше независен евалуатор за ex-post евалуација на ИПАРД II Програмата. Извештајот од ex-post евалуацијата на Програмата се доставува до ГД за земјоделство најдоцна до 31 декември 2025.

ИПАРД Агенцијата успеа да го склучи договори за целиот финансиски пакет на Програмата до крајот на 2022 година. Имајќи го предвид откажувањето на договорите (на барање на корисниците), одобрените износи се ставени на располагање за нови договори. Следејќи го правилото „N+3", притисокот за користење на средствата од Програмата беше префрлен кон самите корисници (за да се забрзаат инвестициите и да се поднесе барање за плаќање), како и кон Секторот за одобрување на плаќања во ИПАРД Агенцијата. До крајот на 2022 година не се случи губење на средствата. Добиеното одобрение за продолжување на спроведувањето на буџетската обврска за 2020 година за една година (од N+3 на N+4), предвиде користење на обврската до крајот на 2024 година. Имајќи предвид вкупен износ од 51.126.236 евра (вклучувајќи М9) од придонесот на ЕУ платен од ИПАРД II Програмата, 8.873.764 евра од финансискиот пакет за 2020 година беа повлечени.

Искуството стекнато за време на спроведувањето покажува дека засегнатите страни во македонскиот земјоделски и рурален сектор имаат голем интерес за користење на можностите на ИПАРД Програмата. Придонесот на ЕУ за поднесени проекти е повеќе од 3 пати поголем од средствата достапни во Програмата. Воведувањето на задолжителна комплетност на пакетот за аплицирање се покажа како многу ефикасно за спроведување на Програмата и резултираше со намалување на времето потребно за обработка/договорање на барањата.

| Број на јавен повик | Објавен во месец | Договор склучен во месец | Потребно време за одобрување |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 01/2017 (М 1, М 3 и М 7) | април 2017 | август 2018 | 15 месеци |
| 01/2018 (М 3) | ноември 2018 | април 2019 | 4 месеци |
| 02/2018 (М 1) | декември 2018 | август 2019 | 6 месеци |
| 01/2019 (М 7) | октомври 2019 | јули 2020 | 7 месеци |
| 02/2019 (М 3) | декември 2019 | септември 2020 | 7 месеци |
| 01/2020 (М 1) | февруари 2020 | јануари 2021 | 10 месеци |
| 01/2021 (М 7) | јули 2021 | февруари 2022 | 5 месеци |
| 01/2022 (М 3) | јули 2022 | ноември 2022 | 3 месеци |
| 01/2023 (М 3) | август 2023 | декември 2023 | 3 месеци |

Извор: Тело за управување со ИПАРД, Систем за следење, 2025

За понатамошно подобрување и забрзување на процесот на одобрување на барања во ИПАРД Агенцијата, потребно е да се скрати времето за собирање цени во базата на податоци за референтни цени, како и да се подобри состојбата со човечките ресурси во сите ИПАРД структури.

Преглед на финансиско спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020:

| Сектор | | Одобрено | | Исплатено | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно јавни трошоци | ЕУ придонес | Вкупно јавни трошоци | ЕУ придонес |
| М1 | Сточарство | 3.838.903 | 2.775.551 | 1.853.626 | 1.390.222 |
| | Растително производство | 23.567.065 | 17.772.611 | 21.076.773 | 15.808.414 |
| | Преработка на фарма | 96.443 | 72.333 | 17.048 | 12.786 |
| | Производство на енергија од обновливи извори | 8.470 | 6.353 | 8.470 | 6.353 |
| М3 | Млеко и млечни производи | 2.150.829 | 1.658.839 | 1.105.260 | 828.946 |
| | Месо и месни производи | 5.546.191 | 4.092.384 | 5.229.027 | 3.878.109 |
| | Преработка на овошје и зеленчук | 19.855.027 | 15.197.985 | 17.578.225 | 13.407.950 |
| | Мелничка индустрија | 1.438.720 | 1.063.506 | 930.829 | 698.123 |
| | Масти и масла | 32.821 | 24.616 | 12.826 | 9.620 |
| | Винарство | 5.902.995 | 4.198.271 | 5.039.441 | 3.598.958 |
| | Производство на енергија од обновливи извори | 0 | 0 | 0 | 0 |
| М7 | Алтернативно производство | 915.362 | 631.193 | 869.751 | 671.534 |
| | Преработка на храна и пијалоци | 2.985.834 | 2.293.425 | 1.306.198 | 984.400 |
| | Изработка на непрехранбени производи | 12.374.998 | 9.575.379 | 7.927.883 | 6.246.993 |
| | Занаетчиство | 617.284 | 506.398 | 21.774 | 16.331 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Услуги во земјоделството | 1.383.534 | 1.075.151 | 777.901 | 586.179 |
| | Услуги за руралната популација | 1.268.759 | 914.070 | 19.965 | 14.974 |
| | Рурален туризам | 6.024.748 | 4.631.023 | 3.222.535 | 2.583.318 |
| | Производство на енергија од обновливи извори | 0 | 0 | 0 | 0 |
| M9 | Комитет за следење | 73.882 | 62.800 | 73.882 | 62.800 |
| | Информирање и публицитет | 148.167 | 125.734 | 148.167 | 125.734 |
| | Евалуација на ИПАРД | 180.018 | 154.862 | 106.541 | 90.768 |
| | Поддршка на други мерки | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | | 88.409.950 | 66.832.214 | 67.335.809 | 51.022.535 |

Извор: ИПАРД Агенција, ИПАРД II табели со показатели за следење и проценка 2024

### Мерка 1 – Инвестиции во физички средства на земјоделските стопанства

Главни цели на мерката:

-да се поддржи прогресивното усогласување на земјоделскиот сектор со правилата, стандардите, политиките и практиките на ЕУ со цел членство во ЕУ,
-да се поддржи економскиот, социјалниот и територијалниот развој, со цел паметен, одржлив и инклузивен раст, преку развој на физички капитал;
-да се справат со предизвиците на климатските промени преку промовирање на ефикасноста на ресурсите и обновливата енергија.
Специфичните цели на оваа мерка се:

-да се модернизира и реструктуира физичкиот потенцијал со цел да се подобри целокупниот учинок на земјоделските стопанства во производството на примарни земјоделски производи, додавајќи вредност на производството и маркетингот,
-да се промовира почитувањето на стандардите на Заедницата и подобрувањето на условите на земјоделските стопанства, особено во врска со заштитата на животната средина и благосостојбата на животните,
-да се зголеми потрошувачката на примарна енергија од обновливи извори на енергија

Поднесените барања во рамките на Мерка 1, на три јавни повици, достигнаа 3.251 (35.979.297 евра придонес од ЕУ). Потпишани се договори со 1.942 баратели за 20.626.848 евра придонес од ЕУ, од кои 76 договори (330.702 евра придонес од ЕУ) се раскинати од страна на Агенцијата. Причините за раскинување на овие договори се образложени од страна на Агенцијата во дел 4.3.2, резиме на следењето на договорите.

**Мерка 1 барања по јавен повик:**

| Јавен повик | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | Исплатени (В) | Стапка на одобрување (Б/А) | Стапка на исплата (В/Б) |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 1.404 | 846 | 820 | 60 % | 97 % |
| 02/2018 | 1.099 | 640 | 595 | 58 % | 93 % |
| 01/2020 | 748 | 456 | 387 | 61 % | 85 % |
| Вкупно | 3.251 | 1.942 | 1.802 | 61 % | 93 % |

Извор: ИПАРД Агенција, месечен извештај декември 2024.

До крајот на спроведувањето на Програмата, исплатата на договорите достигна 1.802 (17.217.775 евра придонес од ЕУ).

**Преглед на барања по вредност на инвестиција во вкупни јавни трошоци за мерка 1**




Извор: ИПАРД Агенција, табели за известување 2024.

Просечната вредност на примените барања (изразена во придонес од ЕУ) во рамките на Мерка 1 е 11.067 €. Соодветно, просечната вредност на договорените и платените барања во рамките на Мерка 1 е 10.621 € и 9.555 €. Барањата за инвестиции во вакви фарми се однесуваат главно на мали парчиња земјоделска опрема и машини или трактори со помала моќност на моторот.

Во овој поглед, следните бројки покажуваат дека малите земјоделци поднесуваат најголем дел од барањата за мерка 1 во секторот за земјоделски култури. Ниската вредност на барањата првенствено се должи на големината на фармите во македонското земјоделство (просечно помалку од 2 хектари). Во овој поглед, поголемиот дел од ИПАРД барањата се поднесуваат од мали земјоделци.

**Производствените капацитети на барателите се:**

| Тип на производство | Производна големина на барателите | Барања | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поднесени | Одобрени | Исплатени |
| Растително производство (житарици, индустриски и култури и сточна храна) | 1 - 3 Ха | 754 | 395 | 373 |
| | 3 - 5 Ха | 270 | 206 | 193 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 5 - 10 Ха | 184 | 169 | 160 |
| | | 10 - 20 Ха | 105 | 66 | 40 |
| | | 20 - 50 Ха | 95 | 25 | 18 |
| | | > 50 Ха | 47 | 15 | 12 |
| Лозови насади | | 1 - 3 Ха | 306 | 173 | 171 |
| | | 3 - 5 Ха | 104 | 84 | 83 |
| | | 5 - 10 Ха | 21 | 21 | 16 |
| | | 10 - 20 Ха | 24 | 13 | 8 |
| | | 20 - 50 Ха | 7 | 5 | 3 |
| | | > 50 Ха | 14 | 9 | 5 |
| Овоштарници | | 1 - 3 Ха | 619 | 356 | 346 |
| | | 3 - 5 Ха | 170 | 143 | 135 |
| | | 5 - 10 Ха | 138 | 95 | 92 |
| | | 10 - 20 Ха | 31 | 11 | 7 |
| | | 20 - 50 Ха | 29 | 15 | 14 |
| | | > 50 Ха | 22 | 6 | 5 |
| Градинарство | стакленици | 0.5 - 1 Ха | 19 | 11 | 5 |
| | | 1 - 2 Ха | 3 | 1 | 0 |
| | | 2 - 4 Ха | 1 | 0 | 0 |
| | | 4 - 8 Ха | 0 | 0 | 0 |
| | | > 8 Ха | 2 | 0 | 0 |
| | отворено | 1 - 3 Ха | 106 | 59 | 58 |
| | | 3 - 5 Ха | 44 | 23 | 22 |
| | | 5 - 10 Ха | 17 | 13 | 12 |
| | | 10 - 20 Ха | 16 | 4 | 3 |
| | | 20 - 50 Ха | 4 | 1 | 1 |
| | | > 50 Ха | 4 | 2 | 2 |
| Сточарство | говеда | 5 - 10 ДЕ | 12 | 4 | 2 |
| | | 10 - 20 ДЕ | 10 | 1 | 1 |
| | | 20 - 50 ДЕ | 4 | 1 | 1 |
| | | > 50 ДЕ | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | овци | 1.5 - 5 ДЕ | 22 | 4 | 2 |
| | | 5 - 10 ДЕ | 0 | 0 | 0 |
| | | 10 - 20 ДЕ | 0 | 0 | 0 |
| | | 20 - 50 ДЕ | 0 | 0 | 0 |
| | | > 50 ДЕ | 0 | 0 | 0 |
| | кози | 1.5 - 5 ДЕ | 1 | 0 | 0 |
| | | 5 - 10 ДЕ | | | |
| | | 10 - 20 ДЕ | | | |
| | | 20 - 50 ДЕ | | | |
| | | > 50 ДЕ | | | |

Извор: ИПАРД Агенција табели за известување 2024

ИПАРД Агенцијата не обезбеди податоци за големината на фармите во свињарството и живинарството.

Како и во минатото, а поради нерешените имотно-правни односи, потребата од поедноставни инвестиции (опрема и механизација наместо градежни работи) и можноста за побрза реализација на инвестицијата, секторот за растително производство има значително поголем број поднесени барања.

Фармите што имаат мешано (растително и добиточно) производство треба да ги исполнуваат минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравје, благосостојбата на животните и безбедноста при работа. Овој критериум на Програмата (ИПАРД Програма 2014-2020, Мерка 1, 5.2 Национални и ЕУ стандарди што треба да се почитуваат) беше тешко да се исполни од многу баратели бидејќи нивното сточарско производство е во мал обем и не ги исполнува потребните стандарди.

Вистинските потреби за инвестиции во секторите за сточарско производство се однесуваат на реконструкцијата на производствените капацитети (обнова на фармите со цел да се постигнат стандардите за благосостојба на животните и заштита на животната средина). Инвестициите како овој (градежни активности) имаат поголема вредност од оние поврзани со набавка и инсталација на опрема, па затоа недостатокот на вакви инвестициски активности влијаеше врз спроведувањето на финансиските цели на Програмата. Градежните дозволи се задолжителни за вакви инвестиции и тешко се добиваат во повеќето случаи (особено во малите рурални општини).

Директните интервјуа со потенцијални баратели (оние кои ги исполнуваат условите) спроведени од страна на ТУ со ИПАРД покажаа дека дозволата за градба/реконструкција, легализацијата на веќе изградените сточарски фарми, недостатокот на почетен капитал, пристапот до кредити од банки и неисплатливоста на инвестирањето во заштита на животната средина и благосостојба на животните, се главни проблеми за нискиот интерес за користење на ИПАРД во сточарството. Потребна е понатамошна секторска анализа за да се објаснат причините за нискиот интерес за секторот сточарство.

Преглед на барања по приоритетни сектори во мерка 1

| | Поднесени (А) | Одобрени (В) | ЕУ дел одобрени | Исплатени | ЕУ дел исплатени | % на одобрување (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Говеда1 | 26 | 6 | 1.344.984 | 4 | 204.207 | 23% |
| Живина2 | 16 | 2 | 446.268 | 1 | 321.981 | 13% |
| Овци | 22 | 4 | 66.688 | 2 | 12.453 | 18% |
| Свињи | 16 | 3 | 917.611 | 3 | 851.581 | 19% |
| Кози | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0% |
| Овошни насади | 1.009 | 626 | 6.116.211 | 599 | 6.111.964 | 62% |
| Лозови насади | 476 | 305 | 3.813.485 | 286 | 1.267.383 | 64% |
| Градинарство на отворено | 191 | 102 | 641.314 | 98 | 1.747.640 | 53% |
| Стакленици | 23 | 12 | 324.597 | 10 | 111.657 | 52% |
| Житарици | 1.455 | 876 | 6.877.004 | 796 | 6.569.770 | 60% |
| Преработка на фарма | 11 | 4 | 72.333 | 1 | 12.786 | 36% |
| Обновлива енергија | 5 | 2 | 6.353 | 2 | 6.353 | 40% |
| Вкупно | 3.251 | 1.942 | 20.626.848 | 1.802 | 17.217.775 | 60% |

Извор: ИПАРД Агенција, ИПАРД II табели со показатели за следење и проценка 2024

Производството на житарки, овоштарници, лозја и зеленчук на отворено беа приоритетни сектори со најголем број на барања за поддршка од ИПАРД. Во однос на интересот за видови инвестиции, иако беа објавени само во првиот јавен повик (01/2017), инвестициите во трактори и земјоделска механизација, како и во минатото, беа најпривлечни за земјоделците. Од вкупниот број поднесени 1.044 барања за трактори, потпишани се 660 договори (5.485.845 придонес од ЕУ) и исплатени се 617 (4.514.135 придонес од ЕУ). Согласно ИПАРД програмата (Мерка 1, индикативен буџет), распределбата на јавните средства за земјоделска механизација - трактори, вклучувајќи ја нивната опрема (без приклучоци) нема да надмине 20% од вкупниот достапен финансиски буџет за оваа мерка (5.893.333) за целиот период на спроведување на Програмата. Во оваа смисла, идните јавни повици во рамките на Мерка 1 не ги вклучија тракторите како прифатлив трошок.

Преглед на барања по тип на инвестиција во мерка 1

1 Од кои 21 за молзни крави, 4 договори, 3 исплати.

2 Од кои 10 за производство на јајца, 2 договори, 1 исплата.




Извор: ИПАРД Агенција, ИПАРД II табели со показатели за следење и проценка 2024.

Податоците добиени од ИПАРД Агенцијата покажуваат голем интерес за инвестиции во опрема за постбербена обработка на земјоделски производи, преработка и директен маркетинг (1.766 примени, 1.158 склучени договори, 1.071 платени) и невообичаено низок интерес за специјализирана земјоделска опрема (337 примени, 90 склучени договори, 86 платени), за која искуството покажува дека е од голем интерес за македонските земјоделци. Ваквите податоци укажуваат дека поголемиот дел од барателите ги искористиле своите инвестиции за некако да го преработат сопственото производство и да добијат додадена вредност, наместо да ги модернизираат и опремуваат фармите. Сосема спротивно на ова, од теренските посети, разговорите со здруженијата на земјоделски производители и потенцијалните корисници што ги одржа ТУ со ИПАРД, може да се заклучи дека барателите имале најголем интерес за инвестиции во набавка на машини, механизација и опрема за модернизација на земјоделското производство.

**Мерка 3 – Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи**

Главна цел на мерката:

Оваа мерка ќе го поддржи развојот на човечките и физичките средства, ќе ја зголеми способноста на земјоделско-прехранбениот сектор да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили, како и ќе му помогне на секторот постепено да се усогласи со стандардите на ЕУ.

Мерката, исто така, ќе помогне во справувањето со предизвикот на климатските промени, преку промовирање на ефикасноста на ресурсите и обновливата енергија.

Специфична цел на мерката е да се подобрат целокупните перформанси, економската продуктивност и конкурентноста на претпријатијата во прехранбената индустрија преку:

-подобра употреба на факторите на производство; воведување на нови производи, процеси и технологии,

-зајакнување на синџирот на снабдување и интеграција помеѓу преработувачите и земјоделските производители,

-подобрување на квалитетот и безбедноста на храната и нивната следливост,
-постигнување усогласеност со стандардите на Заедницата,
-подобрување на заштитата на животната средина.

ИПАРД Агенцијата објави пет јавни повици за оваа мерка. Имајќи го предвид продолжувањето на периодот на спроведување на програмата ИПАРД 2 и краткиот период за реализација на проекти/инвестиции, последниот повик беше објавен со ограничувања во однос на видовите инвестиции во градежништво/реконструкција.

Бројот на поднесени барања во рамките на Мерка 3 достигна 283 (61.216.850 евра придонес од ЕУ). Договори се потпишани со 186 баратели за придонес од ЕУ во износ од 26.209.428 евра. Во оваа мерка нема раскинати договори.

**Мерка 3 барања по јавен повик:**

| Јавен повик | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | Исплатени (В) | Стапка на одобрување (Б/А) | Стапка на исплата (В/Б) |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 57 | 31 | 30 | 54 % | 97 % |
| 01/2018 | 65 | 39 | 36 | 60 % | 92 % |
| 02/2019 | 61 | 49 | 42 | 80 % | 86 % |
| 01/2022 | 42 | 28 | 27 | 67 % | 96 % |
| 01/2023 | 58 | 39 | 36 | 67 % | 92 % |
| Вкупно | 283 | 186 | 171 | 66 % | 92 % |

Извор: ИПАРД Агенција: Месечен извештај декември 2024, двомесечен извештај декември 2024.

Исплатата на договори достигна 171 (22.526.797 € ЕУ придонес).

**Преглед на барања по вредност на инвестиција 3 во мерка 3**

3 Вредноста на инцестицијата е прикажана како вкупно јавни трошоци




Извор: ИПАРД Агенција табели за известување 2024.

Просечната вредност на применитe барања (изразена во придонес од ЕУ) во рамките на Мерка 3 во ИПАРД Агенцијата е 216.314 €. Соодветно, просечната вредност на договорените и платените барања во рамките на Мерка 3 е 151.870 € и 145.376 € придонес од ЕУ.

Близу половина од поднесените (95), договорените (47) и платените (40) барња се однесуваат на секторот за преработка на овошје и зеленчук. Исто така, близу половина од договорените и платените износи се во овој сектор. Корисниците во овој сектор се претежно извозно ориентирани компании, со високо ниво на ликвидност и инвестициски потреби во опрема за модернизација на технолошкиот процес или воведување нови производствени линии. Бартелите од винариите и секторите за преработка на месо, исто така, покажаа значителен интерес и можност за користење на ИПАРД. Интересот кај другите сектори во преработувачката индустрија е порамномерен.

**Преглед на барања по приоритетен сектор во мерка 3:**

| | Поднесени (А) | Одобрени (В) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени | Исплатен ЕУ дел | % на одобрување (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирни центри за млеко | 11 | 7 | 972.966 | 5 | 296.171 | 63 % |
| Преработка на млеко | 14 | 9 | 685.873 | 7 | 532.775 | 64 % |
| Преработка на месо (говеда) | 38 | 32 | 3.765.990 | 32 | 3.461.434 | 84 % |
| Преработка на месо (свињи) | 8 | 5 | 326.394 | 5 | 416.675 | 63 % |
| Собирни центри овошје и зеленчук | 30 | 23 | 5.700.405 | 18 | 3.877.472 | 76 % |
| Преработка на овошје и зеленчук | 95 | 60 | 9.497.580 | 60 | 9.530.478 | 63 % |
| Мелничка индустрија | 34 | 20 | 1.063.506 | 18 | 698.123 | 59 % |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Масти и масла | 5 | 2 | 24.616 | 1 | 9.620 | 40 % |
| Винарии | 48 | 28 | 4.198.271 | 28 | 3.598.958 | 58 % |
| Вкупно | 283 | 186 | 26.235.601 | 174 | 22.421.706 | 66 % |

Извор: ИПАРД Агенција, ИПАРД II табели со показатели за следење и проценка 2024

Барателите не покажаа интерес за инвестирање во: набавка на специјализирани транспортни цистерни и приколки, опрема за подобрување на стандардите за благосостојба на животните и инвестиции во развој на инфраструктурата на имотите. Анализата покажа дека овие инвестиции не придонесуваат во поголема мера за економските перформанси на компаниите и затоа интересот е низок.

**Преглед на барања по тип на инвестиција во мерка 3:**




Извор: ИПАРД Агенција, ИПАРД II табели со показатели за следење и проценка 2024.

**Мерка 7 – Диверзификација на фарми и развој на бизниси**

Општата цел на оваа мерка е поттикнување на вработувањето преку создавање нови работни места, одржување на постојните работни места, со што се зголемува нивото на економска активност во руралните средини, подобрување на квалитетот на живот и спречување на руралната депопулација. Диверзификацијата е неопходна за раст, вработување и одржлив развој во руралните средини, а со тоа придонесува за подобра територијална рамнотежа, како на економски, така и на социјален начин.

Специфични цели:

- -одржување на земјоделските активности во руралните средини преку обезбедување специфични услуги,
- -развој и промоција на услуги и активности за рурален туризам,

- -развој на неземјоделски микро и мали претпријатија засновани на локални ресурси и поврзани со подобрување на квалитетот на живот во руралните средини,
- -зачувување и развој на традиционални занаетчиски активности,
- -промовирање на претприемништвото во руралните средини,
- -зголемување на потрошувачката на примарна енергија од обновливи извори на енергија.

Активностите за публицитет и измените на Програмата насочени кон надминување на одредени недостатоци придонесоа за значително подобрена имплементација на оваа мерка во споредба со претходниот програмски период (поднесени 362 барања, 38 договори, 11 платени).

За оваа мерка ИПАРД Агенцијата објави три јавни повици.

**Мерка 7 барања по јавен повик:**

| Јавен повик | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | Исплатени (В) | Стапка на одобрување (Б/А) | Стапка на исплата (В/Б) |
|---|---|---|---|---|---|
| 01/2017 | 187 | 23 | 16 | 12 % | 74 % |
| 01/2019 | 261 | 80 | 71 | 30 % | 89 % |
| 01/2021 | 250 | 115 | 80 | 46 % | 70 % |
| Вкупно | 698 | 218 | 167 | 31 % | 77 % |

Извор: ИПАРД Агенција: Месечен извештај декември 2024, двомесечен извештај декември 2024.

Вредноста на поднесените барања во рамките на мерка 7 достигна 63.898.035 евра придонес од ЕУ. Потпишани се договори со 218 баратели за 19.626.369 евра придонес од ЕУ. Нема раскинати договори во оваа мерка. До крајот на 2024 година, исплатата на договори достигна 167 (11.103.752 евра придонес од ЕУ).

**Преглед на барања по вредност на инвестиција во мерка 7:**




Извор: ИПАРД Агенција табели за известување 2024.

Просечната вредност на примените барања (изразена во придонес од ЕУ) во рамките на Мерка 7 во ИПАРД Агенцијата е 91.544 €. Соодветно, просечната вредност на договорените и платените барања во рамките на Мерка 7 е 90.029 € и 66.490 €.

Во однос на бројот на барања, интересот за користење на средствата од ИПАРД Програмата е најголем во приоритетниот сектор за алтернативно земјоделско производство, имајќи предвид дека пчеларството (производство на мед и производи од мед) е подобно во рамките на овој сектор. Дополнително, барателите пројавија голем интерес за аплицирање за

производството на непрехранбени производи, особено преработката на дрво и производството на мебел.

Имајќи го предвид големиот интерес за инвестирање во производство и продажба на енергија од обновливи извори и фактот дека вредноста на овие инвестиции може да го надмине расположливиот буџет на мерката, ИПАРД Агенцијата го исклучи секторот од јавните повици 01/2019 и 01/2021.

**Преглед на барања по приоритетен сектор во мерка 7:**

| | Поднесени (А) | Одобрени (В) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени | Исплатен ЕУ дел | % на одобрување (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Алтернативно земјоделско производство4 | 256 | 100 | 631.193 | 84 | 671.534 | 39 % |
| Производство на храна и пијлоци | 73 | 23 | 2.293.425 | 12 | 984.400 | 31 % |
| Производство на непрахрамбени производи5 | 138 | 55 | 9.575.379 | 42 | 6.246.993 | 40 % |
| Развој на занетчиство | 9 | 4 | 506.398 | 1 | 16.331 | 44 % |
| Услуги во земјоделство | 33 | 12 | 1.075.151 | 8 | 586.179 | 36 % |
| Услуги за рурално население | 22 | 3 | 914.070 | 2 | 14.974 | 14 % |
| Рурален туризам6 | 121 | 21 | 4.631.023 | 18 | 2.583.318 | 17 % |
| Производство на енергија од обновливи извори | 46 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Вкупно | 698 | 218 | 19.626.369 | 167 | 11.103.752 | 31 % |

Извор: ИПАРД Агенција, ИПАРД II табели со показатели за следење и проценка 2024.

Податоците добиени од ИПАРД Агенцијата покажуваат голем интерес за инвестиции во развој на инфраструктурата на земјоделските стопанства (288 примени, 116 склучени договори, 89 платени). Ваквите податоци укажуваат дека многу од барателите ги искористиле своите инвестиции за подобрување на меѓусебните патишта, патеки, инсталација на електрична енергија, водоснабдување и канализација, пумпни станици, артески бушотини, огради итн. Сосема спротивно на ова, од теренските посети, разговорите со здруженијата на земјоделски производители и потенцијалните корисници што ги одржа ТУ со ИПАРД, може да се заклучи дека

4 Од кои 200 за пчеларство, 86 договори и 77 исплатени

5 Од кои 104 за производство на мебел, 40 договори и 37 исплати

6 Од кои 67 за туристичко сместување, 16 договори и 15 исплати.

барателите имале најголем интерес за инвестиции во набавка на машини, механизација и опрема за модернизација на нивното производство.

**Преглед на барања по тип на инвестиција во мерка 7:**




Извор: ИПАРД Агенција, ИПАРД II табели со показатели за следење и проценка 2024

**Географска анализа на спроведувањето на ИПАРД Програмата**

Податоците за географската имплементација на ИПАРД програмата и поддршката на регионалниот развој на Република Северна Македонија се презентирани во овој извештај по статистички региони (NUTS 3) и општини. Поголемиот дел од вкупно поднесените барања доаѓаат од региони со интензивно земјоделско производство: Пелагонија и Вардар. Пелагонија е најголемиот земјоделски регион, познат по производство на житни култури. Околу 800 од поднесените барања во Пелагонија се за купување трактори. Вардарскиот регион е познат по производство на овошје, зеленчук и вино (лозја). Овие региони имаат и најголем број договори.

**Преглед на барања по статистички региони:**




Извор: ИПАРД Агенција: Месечен извештај декември 2024.

Производството на поледелски култури (житарки) и овоштарници и лозја се доминантно земјоделско производство во пелагонискиот и во вардарскиот регион. Повеќето од барањата во овие региони се за помалку скапи инвестиции (трактори и мали парчиња земјоделска механизација). Нема значителна разлика во бројот на поднесени барања помеѓу другите региони. Поради структурата на теренот, во овие региони е присутно мешано земјоделство. Повеќето од фармите имаат мешано (земјоделско и добиточно) производство, и во тој случај, целата фарма треба да ги исполнува минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравје, благосостојбата на животните и безбедноста при работа. Многу баратели не го исполнија ова бидејќи нивното добиточно производство е од мал обем и не ги исполнува потребните стандарди.

**Преглед на вкупни јавни трошоци по статистички региони:**




Извор: ИПАРД Агенција: Месечен извештај декември 2024.

Постои значителна разлика кога се споредува распределбата на барањата и вкупните јавни расходи по регион. На пример, Скопскиот и Полошкиот регион се најурбанизирани региони со еден од најниските удели во создавањето на бруто додадена вредност во земјоделството (8 и 10%), но со висока концентрација на корисници, особено компании. Производните капацитети на овие корисници се лоцирани на целата македонска територија.

**Преглед на ИПАРД II барања по општини:**

| Општина | | барања | | | ЕУ дел | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | поднесени | одобрени | исплатени | поднесени | одобрени | исплатени |
| 1 | Ресен | 464 | 321 | 302 | 6,001,670 | 3,215,390 | 2,487,360 |
| 2 | Битола | 375 | 180 | 164 | 6,985,789 | 2,707,439 | 1,321,802 |
| 3 | Кавадарци | 207 | 135 | 127 | 6,640,388 | 1,072,138 | 720,167 |
| 4 | Прилеп | 197 | 95 | 92 | 4,439,969 | 1,475,865 | 1,123,127 |
| 5 | Могила | 184 | 119 | 114 | 1,791,265 | 1,183,525 | 943,914 |
| 6 | Неготино | 180 | 108 | 103 | 3,619,727 | 1,028,272 | 569,080 |
| 7 | Велес | 162 | 96 | 92 | 4,193,742 | 2,793,953 | 1,953,652 |
| 8 | Свети Николе | 118 | 71 | 63 | 3,537,047 | 1,252,016 | 297,254 |
| 9 | Куманово | 105 | 51 | 46 | 7,643,044 | 387,988 | 313,028 |
| 10 | Росоман | 94 | 70 | 68 | 1,256,529 | 766,828 | 604,310 |
| 11 | Новаци | 82 | 47 | 44 | 2,347,322 | 410,953 | 260,877 |
| 12 | Лозово | 80 | 43 | 39 | 1,525,665 | 1,101,911 | 955,598 |
| 13 | Делчево | 72 | 37 | 29 | 4,295,879 | 395,037 | 294,723 |
| 14 | Дебарца | 68 | 34 | 30 | 2,218,184 | 263,980 | 225,364 |
| 15 | Охрид | 68 | 38 | 29 | 3,325,938 | 548,427 | 130,720 |
| 16 | Кривогаштани | 67 | 41 | 39 | 1,569,611 | 956,391 | 382,094 |
| 17 | Гази Баба | 59 | 36 | 23 | 9,275,533 | 3,615,929 | 787,994 |
| 18 | Валандово | 59 | 26 | 25 | 1,523,652 | 627,171 | 435,518 |
| 19 | Штип | 55 | 38 | 30 | 5,395,255 | 3,733,564 | 1,721,116 |
| 20 | Демир Хисар | 54 | 23 | 18 | 2,573,093 | 532,889 | 341,809 |
| 21 | Долнени | 53 | 39 | 36 | 1,808,061 | 1,185,788 | 315,118 |
| 22 | Виница | 53 | 34 | 31 | 1,399,069 | 1,164,081 | 86,110 |
| 23 | Чашка | 50 | 27 | 24 | 359,026 | 178,985 | 129,256 |
| 24 | Кочани | 50 | 31 | 22 | 3,134,334 | 959,360 | 508,251 |

| Општина | | барања | | | ЕУ дел | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | поднесени | одобрени | исплатени | поднесени | одобрени | исплатени |
| 25 | Радовиш | 48 | 21 | 18 | 2,538,905 | 739,858 | 731,269 |
| 26 | Берово | 47 | 16 | 13 | 4,299,846 | 645,619 | 392,665 |
| 27 | Гевгелија | 46 | 24 | 17 | 7,187,173 | 2,790,533 | 1,486,016 |
| 28 | Градско | 45 | 31 | 27 | 1,884,175 | 754,716 | 330,772 |
| 29 | Струмица | 45 | 31 | 29 | 7,923,906 | 2,573,852 | 1,115,869 |
| 30 | Струга | 44 | 30 | 20 | 5,498,502 | 2,859,929 | 1,778,489 |
| 31 | Василево | 39 | 24 | 22 | 1,843,638 | 216,400 | 188,239 |
| 32 | Гостивар | 38 | 13 | 6 | 7,003,583 | 1,952,489 | 1,629,619 |
| 33 | Илинден | 38 | 10 | 6 | 4,983,746 | 769,852 | 114,646 |
| 34 | Аеродром | 37 | 16 | 9 | 6,395,459 | 852,092 | 14,351 |
| 35 | Крушево | 37 | 17 | 12 | 2,787,093 | 1,246,643 | 208,062 |
| 36 | Центар | 35 | 12 | 6 | 7,253,162 | 768,949 | 124,263 |
| 37 | Демир Капија | 32 | 13 | 4 | 1,915,554 | 67,844 | 57,488 |
| 38 | Конче | 31 | 4 | 4 | 779,948 | 71,209 | 55,981 |
| 39 | Пробиштип | 28 | 15 | 8 | 1,415,161 | 1,278,080 | 67,815 |
| 40 | Тетово | 28 | 21 | 18 | 3,558,230 | 1,837,286 | 1,696,374 |
| 41 | Кисела Вода | 27 | 9 | 7 | 3,563,263 | 842,288 | 205,842 |
| 42 | Карбинци | 26 | 17 | 15 | 2,656,276 | 611,651 | 449,966 |
| 43 | Босилово | 25 | 15 | 12 | 1,398,585 | 869,405 | 60,023 |
| 44 | Бутел | 25 | 10 | 6 | 3,152,325 | 1,451,994 | 540,885 |
| 45 | Брвеница | 24 | 6 | 5 | 4,618,533 | 477,103 | 427,090 |
| 46 | Липково | 24 | 11 | 6 | 563,690 | 46,282 | 26,829 |
| 47 | Петровец | 24 | 12 | 10 | 6,188,356 | 4,572,008 | 2,547,393 |
| 48 | Крива Паланка | 22 | 5 | 2 | 1,860,743 | 103,503 | 3,958 |
| 49 | Пехчево | 21 | 4 | 4 | 623,930 | 69,792 | 69,764 |
| 50 | Богданци | 20 | 7 | 4 | 1,463,328 | 430,971 | 301,939 |
| 51 | Чешиново Облешево | 20 | 15 | 14 | 326,815 | 208,190 | 138,751 |
| 52 | Јегуновце | 20 | 7 | 6 | 984,772 | 120,951 | 99,456 |
| 53 | Македонска Каменица | 20 | 10 | 8 | 62,161 | 29,306 | 22,815 |

| Општина | | барања | | | ЕУ дел | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | поднесени | одобрени | исплатени | поднесени | одобрени | исплатени |
| 54 | Ново Село | 20 | 6 | 3 | 527,332 | 180,183 | 12,859 |
| 55 | Ѓорче Петров | 18 | 2 | 0 | 1,365,035 | 33,752 | 0 |
| 56 | Карпош | 17 | 6 | 1 | 373,629 | 155,092 | 2,234 |
| 57 | Македонски Брод | 16 | 4 | 2 | 2,177,347 | 37,948 | 13,919 |
| 58 | Сопиште | 16 | 9 | 8 | 5,014,558 | 2,976,035 | 302,399 |
| 59 | Старо Нагоричане | 16 | 8 | 7 | 1,068,139 | 46,646 | 687,203 |
| 60 | Арачиново | 15 | 9 | 8 | 94,319 | 46,116 | 28,936 |
| 61 | Чучер Сандево | 15 | 9 | 8 | 1,216,899 | 27,316 | 23,134 |
| 62 | Кичево | 15 | 8 | 3 | 930,114 | 62,634 | 31,695 |
| 63 | Кратово | 15 | 6 | 5 | 307,125 | 54,027 | 20,971 |
| 64 | Боговиње | 14 | 5 | 3 | 829,569 | 408,169 | 219,845 |
| 65 | Врапчиште | 13 | 10 | 10 | 291,319 | 214,713 | 208,519 |
| 66 | Дојран | 11 | 3 | 3 | 319,181 | 12,481 | 12,473 |
| 67 | Сарај | 11 | 8 | 4 | 3,178,563 | 857,233 | 394,825 |
| 68 | Желино | 11 | 6 | 3 | 3,641,058 | 1,337,972 | 210,451 |
| 69 | Теарце | 10 | 2 | 0 | 1,026,764 | 240,502 | 0 |
| 70 | Зелениково | 10 | 7 | 4 | 536,181 | 350,125 | 48,616 |
| 71 | Дебар | 9 | 2 | 1 | 1,160,682 | 16,994 | 4,457 |
| 72 | Чаир | 8 | 5 | 3 | 26,745 | 15,817 | 7,591 |
| 73 | Маврово Ростуше | 8 | 5 | 4 | 3,236,531 | 591,336 | 443,351 |
| 74 | Ранковце | 8 | 5 | 3 | 95,919 | 18,940 | 15,539 |
| 75 | Студеничани | 7 | 3 | 1 | 1,838,721 | 11,650 | 5,162 |
| 76 | Пласница | 2 | 0 | 0 | 25,938 | 0 | 0 |
| 77 | Зрновци | 2 | 1 | 1 | 130,656 | 9,831 | 9,831 |
| 78 | Центар Жупа | 1 | 0 | 0 | 7,893 | 0 | 0 |
| 79 | Вевчани | 1 | 0 | 0 | 6,022 | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: ИПАРД Агенција табели за известување 2024.

## 2. Спроведување на ИПАРД Програма 2021-2027

ИПАРД 3 Програмата беше подготвена од страна на ТУ со ИПАРД и усвоена со одлука на Европската Комисија Ц(2022) 1538 на 09.03.2022 година. Програмата обезбедува поддршка преку осум мерки (од кои четири беа акредитирани во програмскиот период 2007-2013 година):

- Мерка 1 - Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства,
- Мерка 3 - Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи;
- Мерка 4 - Мерка за агро-еколошки-климатски и органско земјоделство (правото на управување сѐ уште не е доделено),
- Мерка 5 - Имплементација на стратегии за локален развој - LEADER пристап (правото на управување сѐ уште не е доделено);
- Мерка 6 - Инвестиции во рурална јавна инфраструктура (правото на управување сѐ уште не е доделено);
- Мерка 7 - Диверзификација на фарми и развој на бизниси,
- Мерка 9 - Техничка помош,
- Мерка 10 - Советодавни услуги (правото на управување сѐ уште не е доделено).

До крајот на 2024 година, Програмата беше изменета двапати. Првата измена на Програмата беше одобрена со одлуката на Комисијата Ц(2023) 3925 во јуни 2023 година. Втората измена на Програмата беше во јуни 2024 година, усвоена со одлуката на Комисијата Ц(2024) 4519. Причините и предлозите за измени се разработени во дел 4.1 од овој извештај.
Максималните износи на придонесот на Европската Унија за спроведување на ИПАРД 3 Програмата се:

| Година | Индикативна сума | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 |
| Вкупно | 7,000,000 | 8,000,000 | 12,000,000 | 15,000,000 | 17,000,000 | 18,000,000 | 20,000,000 |

Спроведувањето на Програмата започна во септември 2023 година, кога беше објавен јавниот повик 01/2023. Оттогаш, беа објавени уште два јавни повици.

Искуството стекнато за време на спроведувањето на ИПАРД 2 Програмата и од објавените повици за ИПАРД 3, покажува дека засегнатите страни во македонскиот земјоделски и рурален сектор имаат висок интерес за користење на можностите на ИПАРД Програмата. Придонесот на ЕУ за поднесени проекти е повеќе од 3 пати поголем од средствата достапни во Програмата.

Со цел да се следи ефективноста и квалитетот на спроведувањето на ИПАРД 3 Програмата и да се постигнат целите на Програмата, со одговорности опишани во член 53 од рамковниот договор за финансиско партнерство и член 54 од секторскиот договор, во февруари 2023 година беше формиран Комитет за следење на ИПАРД 3. Составот на комитетот беше ажуриран во ноември 2024 година, во согласност со измените на Законот за органите на државната управа што се случија во средината на 2024 година. Во декември 2024 година, комитетот го одржа својот четврти состанок.До крајот на 2024 година, беа објавени три јавни повици за поднесување на барања. Јавниот повик 01/2023 вклучуваше две мерки (1 и 7). Расположивиот буџет за мерка 1 беше

18,8 милиони евра и 11,4 милиони евра за мерка 7. Поради големиот интерес на барателите, иако буџетот за мерките е поголем отколку во претходните јавни повици, мораше да се примени постапка за рангирање.

По прегледувањето/завршувањето на барањата од последниот повик за ИПАРД 2 за мерка 3, во април 2024 година беше објавен јавен повик за мерка 3 (01/2024). Буџетот на овој јавен повик достигна 14 милиони евра. Буџетот за јавниот повик беше значително поголем отколку во претходните јавни повици, што доведе до голем интерес на барателите, па затоа мораше да се примени постапка за рангирање.

Вториот јавен повик (02/2024) за мерка 7 беше објавен во ноември 2024 година. Рокот за поднесување барања за користење на средствата истече во декември 2024 година. Буџетот на овој јавен повик достигна 14 милиони евра.

Резултати од спроведувањето на програмата ИПАРД 3 заклучно со декември 2024 година:

| Јавен повик | Примени барања | Буџет на јавен повик (ЕУ дел) | Примени барања (ЕУ дел) | Одобрени барања | Одобрени барања (ЕУ дел) | Исплатени барања | Исплатени барања (ЕУ дел) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01/2023 | 902 | 14.170.000 | 38.459.752 | 340 | 12.508.095 | 3 | 275.063 |
| | 257 | 8.550.000 | 34.595.298 | 47 | 7.846.224 | 6 | 773.436 |
| 01/2024 | 116 | 10.510.000 | 24.213.854 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 02/2024 | 128 | 10.500.000 | 17.280.525 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Total | 1.403 | 43.730.000 | 114.549.428 | 387 | 20.354.319 | 9 | 1.048.499 |

Извор: ИПАРД 3 двомесечни табели, декември 2024

**Мерка 1 – Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства**

Поднесените барања во рамките на мерка 1 достигнаа 902 (38.459.752 € придонес од ЕУ). Потпишани се договори со 340 баратели за 12.508.095 € придонес од ЕУ, од кои 3 договори (275.063 € придонес од ЕУ) се платени од ИПАРД Агенцијата. Претходна објава за вториот јавен повик за мерка 1, беше објавена кон крајот на 2024 година. Според оваа претходна објава и поради намалениот буџет на овој јавен повик (5,5 милиони € дел од ЕУ), приоритетните сектори на зеленчук и овоштарници ќе бидат исклучени од јавниот повик.

**Преглед на барања по вредност на инвестиција во мерка 1**




Извор: ИПАРД Агенција, табели за известување 2024

Просечната вредност на применете барања во ИПАРД Агенцијата (изразена во придонес од ЕУ) во рамките на мерка 1 е 42.638 €. Соодветно, просечната вредност на одобрените и исплатените барања во рамките на мерка 1 е 36.789 € и 91.688 €. Просечната вредност на барањата во мерка 1 од ИПАРД 3 е значително зголемена од просечната вредност на барањата во мерка 1 од ИПАРД 2 (поднесени барања 11.067 €, договорени барања 10.621 € и исплатени барања 9.106 €). Ова е резултат на првата модификација на Програмата направена врз основа на претходното искуство за спроведување на ИПАРД 2 Програмата и направена со цел да се избегне можно преклопување и конкуренција со националните мерки за поддршка на руралниот развој. Вкупните прифатливи трошоци во рамките на мерка 1, мерка 3 и мерка 7 се зголемени.

Поделба по производен капацитет на барателите во секторот за растително производство:









Извор: ИПАРД Агенција, табели за известување 2024

Како и во минатото, а поради раскинатите имотно-правни односи, потребата од поедноставни инвестиции (опрема и механизација наместо градежни работи) и можноста за побрза реализација на инвестицијата, секторот за растително производство има значително поголем број поднесени барања. Фармите кои имаат мешано (растително и добиточно) производство треба да ги исполнуваат минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавно здравје, благосостојба на животните и безбедност при работа. Овој критериум на Програмата (мерка 1, 6.3 Национални и ЕУ стандарди кои треба да се почитуваат) беше тешко да се исполни од многу баратели бидејќи нивното сточарско производство е во мал обем и не ги исполнува потребните стандарди.

Вистинските потреби за инвестиции во секторите за сточарско производство се однесуваат на реконструкција на производствените капацитети (обнова на фармите со цел да се

постигнат стандардите за благосостојба на животните и заштита на животната средина). Инвестициите како овој (градежни активности) имаат поголема вредност од оние поврзани со набавка и инсталација на опрема, па затоа недостатокот на вакви инвестициски активности влијаеше врз спроведувањето на финансиските цели на Програмата. Градежните дозволи се задолжителни за вакви инвестиции и тешко се добиваат во повеќето случаи (особено во малите рурални општини). Директните интервјуа со потенцијални корисници (оние кои ги исполнуваат условите) спроведени од страна на Управниот орган на ИПАРД покажаа недостаток на почетен капитал, пристап до кредити од банки и неисплатливост на инвестирањето во заштита на животната средина и благосостојба на животните, како главни проблеми за нискиот интерес за користење на ИПАРД во сточарството. Потребна е понатамошна секторска анализа за да се објаснат причините за нискиот интерес во секторот за сточарство.

**Преглед на барања по приоритетен сектор во мерка 1:**

| | Поднесени (А) | Одобрени (В) | ЕУ дел одобрени | Исплати | ЕУ дел исплатени | % на одобрување (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Говеда - молзни | 22 | 10 | 1.867.716 | 0 | 0 | 45 % |
| Говеда - тов | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Живина – несилки | 3 | 3 | 830.622 | 1 | 229.507 | 100 % |
| Живина - бројлери | 3 | 2 | 97.913 | 0 | 0 | 67 % |
| Овци – молзни | 10 | 2 | 34.329 | 0 | 0 | 20 % |
| Овци - тов | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 100 % |
| Свињи - репродукција | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 100 % |
| Свињи - тов | 6 | 1 | 14.373 | 0 | 0 | 17 % |
| Кози - молзни | 4 | 1 | 23.914 | 0 | 0 | 25 % |
| Овошни насади | 168 | 60 | 1.825.483 | 0 | 0 | 36 % |
| Трпезно грозје | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Лозови насади | 6 | 1 | 57.007 | 0 | 0 | 17 % |
| Градинарство | 37 | 21 | 553.855 | 0 | 0 | 57 % |
| Стакленици | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 100 % |
| Житарици | 521 | 205 | 5.444.645 | 2 | 45.556 | 39 % |
| Индустриски култури | 14 | 4 | 98.457 | 0 | 0 | 29 % |
| Фуражни култури | 36 | 15 | 201.533 | 0 | 0 | 42 % |
| Аквакултура | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 33 % |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Други Анекс 1 производи | 59 | 11 | 1.458.249 | 0 | 0 | 12 % |
| Преработка на з.с. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Обновлива енергија | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Вкупно | 902 | 340 | 12.508.095 | 3 | 275.063 | 38 % |

Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

Податоците добиени од ИПАРД Агенцијата покажуваат дека, житарките и овоштарниците беа приоритетни сектори каде што апликантите покажаа голем интерес. Од друга страна, интересот за аплицирање во приоритетните сектори за производство на лозја и зеленчук на отворено покажува значително намалување во споредба со претходните јавни повици (ИПАРД 1 и ИПАРД 2).

Во однос на интересот за видови инвестиции, исто како и во минатото, инвестициите во трактори и земјоделска механизација беа најпривлечни за земјоделците. Заинтересираните земјоделци можат да аплицираат за набавка на трактор почитувајќи го правилото на Програмата за распределба на јавни средства за трактори (тракторите, вклучувајќи ја и нивната опрема, не смеат да надминат 20% од вкупниот достапен финансиски буџет за оваа мерка за целиот период на спроведување на Програмата). Бидејќи ограничувањето не беше постигнато во повикот 01/2023, ИПАРД Агенцијата ги вклучи тракторите во претходниот оглас за вториот повик за мерка 1 (01/2025).

**Преглед на барања по тип на инвестиции во мерка 1:**




Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

Податоците добиени од ИПАРД Агенцијата, исто така, покажуваат голем интерес за инвестиции во набавка на опрема, машини и механизација (примени 242, склучени договори за 99).

**Мерка 3 – Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи**

Поднесените барања во рамките на Мерка 3 достигнаа 116 (24.213.854 € придонес од ЕУ). Имајќи предвид дека ова беше единствениот јавен повик за мерката и заврши на 2 декември 2024 година, барањата поднесени на овој повик сè уште се обработуваат од страна на ИПАРД Агенцијата (се применува постапка за рангирање).

**Преглед на барања по вредност на инвестицијата во мерка 3:**




Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

Просечната вредност на применете барања (изразена во придонес од ЕУ) во рамките на Мерка 3 во ИПАРД Агенцијата е 208.740 евра.

За разлика од претходните програмски периоди, повеќето од применете барања во ИПАРД Агенцијата се однесуваат на преработка на други производи од Анекс 1 од Договорот. Интересот за секторот за преработка на овошје и зеленчук останува силен и непроменет.

**Преглед на барања по приоритетен сектор во мерка 3:**

| | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | ЕУ дел одобрени | Исплатени | ЕУ дел исплатени | % на одобрување (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Преработка на млеко | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преработка на месо (живина) | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преработка на О&З | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Мелничка индустрија | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Масти и масла | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Винарии | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Риба и рибни производи | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Производство на сточна храна | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други анекс 1 производи | 34 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Обновлива енергија | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 116 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

Без оглед на приоритетниот сектор на аплицирање, сите баратели покажаа интерес за инвестирање во набавка на опрема и машини поврзани со нивната област на производство.

**Преглед на барања по тип на инвестиција во мерка 3**:




Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

### Мерка 7 – Диверзификација на фарма и развој на бизниси

За оваа мерка беа објавени два јавни повици. Процесот на склучување договори за барањата поднесени на првиот повик траеше долго поради применетиот процес на рангирање. Барањата од вториот јавен повик сѐ уште се обработуваат. Поднесените барања во рамките на мерка 7 достигнаа 385 (51.875.823 € придонес од ЕУ). Договорените барања достигнаа 47 (7.846.224 € придонес од ЕУ), од кои 6 беа платени (773.436 € придонес од ЕУ).

**Преглед на барања по вредност на инвестицијата во мерка 7:**




Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

Просечната вредност на применитe барања (изразена во придонес од ЕУ) во рамките на мерка 7 во ИПАРД Агенцијата е 134.742 €. Соодветно, просечната вредност на договорените и исплатените барања во рамките на мерка 7 е 166.941 € и 128.906 €.

**Преглед на барања по приоритетен сектор во мерка 7:**

| | Поднесени (А) | Одобрени (Б) | ЕУ дел одобрени | Исплатени | ЕУ дел исплатени | % на одобрување (Б/А) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Алтернативно земјоделско производство7 | 66 | 3 | 399.695 | 0 | 0 | 4,5 % |
| Преработка на алтернативно земјоделско производство | 6 | 1 | 209.730 | 0 | 0 | 16,7 % |
| Производство на храна и пијалоци | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Производство на непрехрамбени производи | 94 | 18 | 2.883.315 | 2 | 380.759 | 19,1 % |
| Поддршка на занаетчиство | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Поддршка на услуги за рурална популација | 24 | 5 | 1.229.817 | 2 | 259.439 | 20,8 % |
| Подршка за услуги во земјоделството | 31 | 5 | 485.236 | 0 | 0 | 16,1 % |
| Поддршка за рурален туризам | 127 | 15 | 2.638.431 | 2 | 133.238 | 11,8 % |

7 Од кои 25 за пчеларство

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Обновлива енергија | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 % |
| Вкупно | 385 | 47 | 7.846.224 | 6 | 773.436 | 0 % |

Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

Интересот за користење на средствата од ИПАРД програмата е најголем во развојот на руралниот туризам и секторот за алтернативно земјоделско производство (имајќи предвид дека пчеларството (производство на мед и производи од мед) е подобно во рамките на овој сектор). Во минатото, приоритетниот сектор за производство на непрехранбени производи беше најчесто користен од страна на барателите.

Податоците добиени од Агенцијата покажуваат дека сега барателите не покажуваат интерес. Имајќи го предвид големиот интерес за инвестирање во производство и продажба на енергија од обновливи извори што се појави во текот на претходниот програмски период и фактот дека вредноста на овие инвестиции го надминува расположливиот буџет на мерката, ИПАРД Агенцијата го исклучи приоритетниот сектор од јавните повици.

**Преглед на барања по тип на инвестиции во мерка 7:**




Извор: Табели со показатели за следење и евалуација на ИПАРД 3, 2024

**Географска анализа на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027**

Податоците за географската имплементација на ИПАРД Програмата и поддршката на регионалниот развој на Република Северна Македонија се презентирани во овој извештај по статистички региони (NUTS 3) и општини. Поголемиот дел од вкупно поднесените барања доаѓаат од региони со интензивно земјоделско производство: Пелагонија и Вардар. Пелагонија е најголемиот земјоделски регион, познат по производство на житни култури. Вардарскиот регион е познат по производство на овошје, зеленчук и вино (лозја). Во споредба со претходните програмски периоди, источниот регион бележи зголемување на интересот за користење на ИПАРД. Исто така, овие региони имаат и најголем број договори. Производството на земјоделски

култури (житни култури, овоштарници и лозја) е доминантно земјоделско производство во Пелагонискиот и Вардарскиот регион, но и во Источниот регион. Повеќето од апликациите во овие региони се за поевтини инвестиции (трактори и мали парчиња земјоделска механизација).

**Преглед на барања по статистички региони:**




Извор: ИПАРД 3 месечен извештај, јануари 2025

Нема значителна разлика во бројот на поднесени барања помеѓу другите региони. Поради структурата на релјефот, во овие региони е присутно мешано земјоделство. Повеќето фарми имаат мешано (земјоделско и сточарско) производство и во тој случај целата фарма треба да ги исполнува минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавно здравје, благосостојба на животните и безбедност при работа. Многу баратели не го исполнија ова бидејќи нивното сточарско производство е од мал обем и не ги исполнува потребните стандарди.

**Преглед на вкупни јавни трошоци по статистички региони:**




Извор: ИПАРД 3 месечен извештај, јануари 2025

Постои значителна разлика кога се споредува распределбата на барањата и вкупните јавни трошоци по регион. На пример, Скопскиот и Полошкиот регион се најурбанизирани региони со еден од најниските удели во создавањето на бруто додадена вредност во земјоделството (8 и 10%), но со висока концентрација на корисници, особено компании. Производните капацитети на овие корисници се лоцирани на целата македонска територија.

**Преглед на барања по општини**

| | | барања | | | EU part | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | поднесени | одобрени | исплатени | поднесени | одобрени | исплатени |
| 1 | Битола | 54 | 20 | 0 | 3.269.989 | 811.454 | 0 |
| 2 | Свети Николе | 49 | 16 | 0 | 5.562.304 | 436.535 | 0 |
| 3 | Прилеп | 41 | 20 | 0 | 2.353.264 | 735.846 | 0 |
| 4 | Ресен | 39 | 14 | 0 | 3.086.684 | 368.950 | 0 |
| 5 | Велес | 38 | 22 | 0 | 3.275.270 | 594.005 | 0 |
| 6 | Карбинци | 31 | 17 | 1 | 4.933.574 | 3.310.879 | 290.026 |
| 7 | Кочани | 29 | 6 | 0 | 3.331.620 | 112.163 | 0 |
| 8 | Куманово | 26 | 9 | 0 | 3.307.413 | 440.734 | 0 |
| 9 | Могила | 25 | 11 | 0 | 1.862.574 | 604.965 | 0 |
| 10 | Берово | 24 | 3 | 0 | 2.754.941 | 93.699 | 0 |
| 11 | Неготино | 24 | 8 | 0 | 3.294.954 | 667.295 | 0 |
| 12 | Чешиново-Облешево | 22 | 6 | 0 | 1.249.768 | 162.609 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Лозово | 22 | 13 | 1 | 1.696.081 | 434.856 | 42.885 |
| 14 | Кавадарци | 19 | 3 | 0 | 2.257.907 | 68.761 | 0 |
| 15 | Долнени | 17 | 9 | 0 | 1.408.830 | 1.254.551 | 0 |
| 16 | Пробиштип | 17 | 5 | 0 | 2.099.898 | 157.465 | 0 |
| 17 | Виница | 17 | 5 | 0 | 330.576 | 105.463 | 0 |
| 18 | Штип | 15 | 6 | 0 | 1.198.330 | 273.276 | 0 |
| 19 | Гевгелија | 14 | 2 | 0 | 4.780.206 | 341.048 | 0 |
| 20 | Илинден | 14 | 6 | 1 | 1.384.166 | 1.269.375 | 306.010 |
| 21 | Струмица | 13 | 1 | 0 | 3.639.723 | 51.745 | 0 |
| 22 | Демир Капија | 12 | 1 | 0 | 728.871 | 30.780 | 0 |
| 23 | Гази Баба | 12 | 2 | 0 | 1.373.226 | 82.676 | 0 |
| 24 | Радовиш | 12 | 0 | 0 | 1.619.902 | 0 | 0 |
| 25 | Боговиње | 10 | 4 | 0 | 493.792 | 137.773 | 0 |
| 26 | Бутел | 10 | 1 | 0 | 2.019.561 | 16.454 | 0 |
| 27 | Чашка | 10 | 6 | 0 | 905.049 | 121.988 | 0 |
| 28 | Гостивар | 10 | 3 | 0 | 2.028.298 | 540.424 | 0 |
| 29 | Охрид | 10 | 1 | 0 | 2.271.258 | 226.651 | 0 |
| 30 | Пехчево | 10 | 2 | 0 | 361.876 | 48.860 | 0 |
| 31 | Струга | 10 | 1 | 0 | 1.287.936 | 20.742 | 0 |
| 32 | Василево | 10 | 2 | 1 | 1.808.992 | 874.115 | 217.653 |
| 33 | Босилево | 9 | 4 | 0 | 893.608 | 401.300 | 0 |
| 34 | Брвеница | 9 | 5 | 0 | 565.472 | 463.718 | 0 |
| 35 | Делчево | 9 | 3 | 0 | 356.918 | 75.102 | 0 |
| 36 | Крушево | 9 | 0 | 0 | 578.078 | 0 | 0 |
| 37 | Градско | 8 | 7 | 0 | 453.722 | 221.984 | 0 |
| 38 | Кратово | 8 | 1 | 0 | 424.637 | 17.854 | 0 |
| 39 | Кривогаштани | 8 | 3 | 0 | 513.625 | 76.067 | 0 |
| 40 | Росоман | 8 | 1 | 0 | 1.589.069 | 279.641 | 0 |
| 41 | Дебар | 7 | 1 | 0 | 222.700 | 46.972 | 0 |
| 42 | Дебарца | 7 | 1 | 0 | 117.797 | 22.161 | 0 |
| 43 | Кичево | 7 | 1 | 0 | 247.493 | 51.540 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 44 | Крива Паланка | 7 | 1 | 0 | 117.784 | 15.279 | 0 |
| 45 | Старо Нагоричане | 7 | 1 | 0 | 933.057 | 23.209 | 0 |
| 46 | Желино | 7 | 3 | 0 | 897.858 | 93.567 | 0 |
| 47 | Чучер Сандево | 6 | 1 | 0 | 1.042.300 | 14.014 | 0 |
| 48 | Демир Хисар | 6 | 4 | 0 | 1.139.077 | 932.533 | 0 |
| 49 | Петровец | 6 | 1 | 0 | 731.254 | 42.034 | 0 |
| 50 | Студеничани | 6 | 0 | 0 | 1.347.045 | 0 | 0 |
| 51 | Тетово | 6 | 0 | 0 | 1.160.449 | 0 | 0 |
| 52 | Јегуновце | 5 | 2 | 0 | 797.859 | 489.809 | 0 |
| 53 | Липково | 5 | 1 | 0 | 403.318 | 16.565 | 0 |
| 54 | Македонски Брод | 5 | 0 | 0 | 76.822 | 0 | 0 |
| 55 | Ранковце | 5 | 2 | 0 | 119.870 | 49.878 | 0 |
| 56 | Валандово | 5 | 4 | 2 | 1.002.882 | 271.377 | 0 |
| 57 | Врапчиште | 5 | 1 | 0 | 251.922 | 72.996 | 0 |
| 58 | Кисела Вода | 4 | 0 | 0 | 3.064.856 | 0 | 0 |
| 59 | Сопиште | 4 | 1 | 1 | 1.468.500 | 601.321 | 298.688 |
| 60 | Зрновци | 4 | 0 | 0 | 749.364 | 0 | 0 |
| 61 | Арачиново | 3 | 0 | 0 | 159.569 | 0 | 0 |
| 62 | Богданци | 3 | 1 | 0 | 1.459.453 | 14.802 | 0 |
| 63 | Ново Село | 3 | 1 | 0 | 586.161 | 406.135 | 0 |
| 64 | Теарце | 3 | 1 | 0 | 147.516 | 65.537 | 0 |
| 65 | Зелениково | 3 | 1 | 0 | 225.116 | 163.956 | 0 |
| 66 | Аеродром | 2 | 2 | 0 | 50.694 | 47.452 | 0 |
| 67 | Македонска Каменица | 2 | 1 | 0 | 55.307 | 15.845 | 0 |
| 68 | Маврово и Ростуша | 2 | 0 | 0 | 28.099 | 0 | 0 |
| 69 | Вевчани | 2 | 1 | 0 | 113.501 | 83.811 | 0 |
| 70 | Центар | 1 | 0 | 0 | 34.663 | 0 | 0 |
| 71 | Дојран | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 72 | Ѓорче Петров | 1 | 0 | 0 | 55.774 | 0 | 0 |
| 73 | Карпош | 1 | 0 | 0 | 432.778 | 0 | 0 |
| 74 | Конче | 1 | 0 | 0 | 155.414 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 75 | Сарај | 1 | 0 | 0 | 35.588 | 0 | 0 |
| 76 | Чаир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 77 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 78 | Новаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 79 | Пласница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: ИПАРД Агенција, табели за известување 2024

**Искористување на мерката техничка помош**

Спроведувањето на мерката техничка помош се покажа од големо значење за ТУ со ИПАРД и структурите на ИПАРД во целина, бидејќи ИПАРД Агенцијата, Управувачката Структура и различните вклучени засегнати страни индиректно имаа корист од нејзиното спроведување.

ТУ со ИПАРД потпиша вкупно 10 договори со ИПАРД Агенцијата (придонес од ЕУ од 526.697 €).

Договорот со највисока вредност што се спроведува преку мерката е набавка на услуги за независна евалуација на ИПАРД 2 Програмата.

Во последните две години (2023 и 2024 година), имаше два неуспешни обиди да се ангажира компанија за организирање состаноци на Комитетот за следење. Поради неуспехот на овие набавки, ТУ со ИПАРД направи измени во АПТА за да може логистички да организира состаноци на Комитетот.

**Предвидени активности од АПТА 2024:**

Организирање на Комитетот за следење на ИПАРД – 4 состаноци, во индикативен износ од 65.000 евра.

Трошоци за информативна и кампања за публицит, вклучувајќи трошоци за печатење и дистрибуција – печатење на промотивни материјали (упатства, брошури и обрасци за аплицирање), во индикативен износ од 2.500 евра.

Трошоци за превод и толкување - превод на документи од Програмата, во индикативен износ од 5.000 евра.

Обука за подготовка на потенцијални ЛАГ за имплементација, во индикативен износ од 20.000 евра.

Работилница за зајакнување на капацитетите за евалуација и утврдување на очекуваните резултати, во индикативен износ од 20.000 евра.

Реализација на активностите за евалуација, ex-post евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020, во индикативен износ од 95.000 евра.

Работилница за едукација за PRAG правилата за ТУ со ИПАРД и ИПАРД Агенцијата, во индикативен износ од 15.000 евра.

**3.Одделение за политика на кредитирање и финансиски инжинеринг во земјоделството и руралниот развој**

**Пристап до финансии во земјоделството и руралниот развој**

Пристапот до финансии во земјоделството и руралниот развој е претставен преку помош за кредити од банките и штедилниците наменети за инвестиции кои се финансирани од инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој од Европската унија. За оваа мерка во 2024 година беа предвидени 26.676.340 денари.

Вкупните кредитни пласмани за 2024 година во денари се прикажани во табеларен преглед

| Институција | Примарно производство во земјоделството | Преработувачки капацитети во земјоделството | Трговија/ откуп на земјоделски производи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| SILKROAD Банка | 10,295,324.00 | 5,129,933.00 | 9,340,790.00 | 24,766,047.00 |
| Халк Банка | 1,225,851,510.00 | 1,048,959,634.00 | 1,944,593,228.00 | 4,219,404,372.00 |
| Шпаркасе Банка | / | / | / | / |
| Комерцијална Банка АД Скопје | 719,663,698.00 | 2,857,813,688.00 | 1,261,468,353.00 | 4,838,945,739.00 |
| Капитал Банка | 6,238,428.00 | 0.00 | 50,295,000.00 | 56,533,428.00 |
| Развојна банка на Северна Македонија | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| НЛБ Тутунска Банка | 379,652,082.00 | 2,649,728,888.00 | 2,388,045,500.00 | 5,417,426,470.00 |
| Про Кредит Банка | 609,679,389.00 | 855,178,490.00 | 0.00 | 1,464,857,879.00 |
| Централна Кооперативна Банка | / | / | / | / |
| Стопанска Банка АД Битола | 1,565,000.00 | 3,691,879.00 | 0.00 | 5,256,879.00 |
| ТТК БАНКА АД Скопје | 10,200,000.00 | 0.00 | 0.00 | 10,200,000.00 |
| Уни Банка | / | / | / | / |
| Стопанска Банка АД Скопје | / | / | / | / |
| Штедилница Можности | 240,073,431.00 | 0.00 | 0.00 | 240,073,431.00 |
| Штедилница Фулм | 10,925,000.00 | 0.00 | 0.00 | 10,925,000.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Финансиско друштво Финансиски кредитен центар БС ДОО Скопје | / | / | / | / |
| Вкупно денари | 3,429,642,237.00 | 9,134,234,340.00 | 4,843,598,039.00 | 17,407,474,616.00 |

Извор: Извештаи на банките и штедилниците за кредитни пласмани во земјоделството и руралниот развој во три сектори (примарно земјоделско производство, преработка на земјоделски производи и трговија со земјоделски производи) – со завршни сметки на секоја финансиска институција поединечно за 2024 година.

Според податоците, може да се види дека во 2024 година за кредити во земјоделството и руралниот развој има пласирано вкупно 17,407,474,616.00 денари. Од вкупно одобрените кредити во земјоделството и руралниот развој најмногу средства имаат пласирано НЛБ Тутунска Банка, Комерцијална Банка АД Скопје и Халк Банка, а најмалку Стопанска Банка АД Битола, ТТК Банка АД Скопје и Штедилница Фулм.

Вкупно најголем износ за примарно земјоделско производство има пласирано Халк Банка, Комерцијална Банка АД Скопје и Про Кредит Банка, а најмалку Стопанска Банка АД Битола и Капитал Банка.

Во однос на преработувачките капацитети во земјоделството, најмногу средства има пласирано Комерцијална Банка АД Скопје, НЛБ Тутунска Банка и Халк Банка, а најмалку Стопанска Банка АД Битола и SILKROAD Банка.

Во однос на кредитите за трговија/откуп на земјоделски производи податоците покажуваат дека вкупно најмногу средства за овој сектор се дадени од НЛБ Тутунска Банка, Халк Банка и Комерцијална Банка АД Скопје, а најмалку SILKROAD Банка и Капитал Банка.

Вкупно пласирани средства по сектори за 2024 година изразено во проценти, а пресметано на основа на податоците од Табела 1 е прикажано во Графикон 1.

Графикон 1: Вкупно пласирани средства по сектори за 2024 година




| | Примарно земјоделско производство | Преработувачки капацитети во земјоделството | Трговија/откуп на земјоделски производи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Series1 | 3,214,143,862.00 | 7,420,502,512.00 | 5,653,742,871.00 | 16,288,389,245.00 |
| Series2 | 20% | 46% | 35% | 100% |

Извор: Пресметки на МЗШВ, Одделение за кредитирање и финансиски инженеринг во земјоделството и руралниот развој

Според податоците од Графикон 1, може да се каже дека 46% од вкупно пласираните кредити влече секторот преработувачки капацитети во земјоделството, 35% секторот трговија на земјоделски производи и најмалку односно 20% секторот примарно земјоделско производство

## 4.Интегративен процес и меѓународна соработка

### 4.1.ЕУ интеграција

На ниво на државата, официјалниот почеток на преговорите ја наметна потребата веднаш да се започне со консолидирање на координативниот механизам за водење на пристапниот процес, а со цел да се обезбеди координација и поддршка на сите реформи поврзани со евроинтегративниот процес и натамошна имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), која останува во сила се до потпишувањето на пристапниот договор.

Во тој контекст, врз основа на воведувањето на ревидираната методологија за пристапни преговори во 2020 година, на ниво на државата беше изготвена новата преговарачка структура, со соодветно рефлектирање на новините во процесот.

Со ова, се воспостави нов модел за координација, кој во целост ги рефлектира новините од Методологијата за зајакнати пристапни преговори. Притоа, користени се и сопствените искуства кои се стекнати во досегашниот процес на европска интеграција, особено преку имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

### Усогласување на земјоделските политики и законодавство со acquis

Основни закони и соодветните подзаконски акти во областа на земјоделството и руралниот развој се веќе донесени претходно. Во тековниот период МЗШВ е во процес на понатамошно усогласување на основниот правен систем за формулирање и спроведување на политиката за земјоделство и рурален развој со Acquis Communautaire поврзана со Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) за периодот 2023-2027 година.

Заедничко уредување на пазарите ЗУП (за организации на производители, приватни складишта и училишни шеми) ќе бидат ажурирани и дополнително усогласени со најновата регулатива на ЕУ, додека дополнителните инструменти на ЗУП, како секторските интервенции на пример, ќе бидат ново-воведени.

Имајќи предвид дека во 2024 година е на половината од имплементација на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година, според самиот стратешки документ се спроведе анализа на реализацијата (среднорочен преглед) на постигнатите ефекти и резултати од имплементираните политики. Процесот на среднорочна ревизија на стратегијата започна во октомври 2024 година и ќе трае до април 2025 година.

IACS (Интегриран административен и контролен систем)

Накратко, елементите на Интегрираниот административен и контролен систем (Регистар на фарми, Систем за идентификација на земјишни парцели и IACS софтвер на ИПАРД Платежната агенција) се потврдува достигнатото ниво на нивната функционалност и интероперабилност, се во оперативна состојба за спроведување на програмите за државна поддршка во земјоделство и рурален развој од 2011 година. Дополнително, проектот ,,Надградба на ИАКС системот во АФПЗРР“ ќе придонесе за целосна оперативност на IACS системот во ИПАРД Платежната агенција, особено на оперативно ниво во подрачните единици.

## Единствен регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС)

Ажурирањето на податоците за земјоделските стопанства како и регистрација на нови земјоделски стопанства се одвиваше непречено, со што се обезбедени законски услови земјоделски стоанства да аплицираат по сите мерки од Националните Програми како и за ИПАРД програмите. Запишаните земјоделски стоанства во ЕРЗС имаат можност да остваруваат и други права согласно Законот за земјоделство и рурален развој .

Единствениот регистар на земјоделски стопанства и понатаму ќе продолжи да се користи како референтен систем за земјоделците пред другите институции, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија за враќање на добивката од персоналниот данок на доход од продажба на сопствени земјоделски производи и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за остварување на правото за земјоделска пензија како и другите права.

Број на регистрирани земјоделски стопанства според полот на земјоделците.

| | | |
|---|---|---|
| Број на машки носител на земјоделско стопанство | 98.860 | 76,3% |
| Број на женски носител на земјоделско стопанство | 30.624 | 23,7% |
| Вкупен број на земјоделски стопанства (пресек 21.10.2024) | 129.484 | 100,0 % |

### Систем за Идентификација на земјишни парцели (СИЗП)

Во тековната година континуирано се одвиваше процес на систематско ажурирање на СИЗП податоците согласно новоизработените ортофото снимки од 2023 година и дигитализацијата на земјоделското земјиште, а со цел подобрување на квалитетот на истите како и регистрирање на нови СИЗП парцели.

Овие активности беа директно поврзани со процесот на аплицирање за директните плаќања за финансиска поддршка во земјоделството каде СИЗП е еден од регистрите на Интегрираниот систем за администрирање и контрола кој се користи во овој процес.

Заклучно со 2024 година во процесот на регистрирање на земјишни парцели во СИЗП се дигитализирани 480.116 парцели кај 98.159 земјоделски стопанства. Во процесот на регистрација, само земјоделските стопанства кои имаат пријавено земјишни парцели се регистрирани во СИЗП. Површината на пријавените СИЗП парцели од страна на земјоделските стопанства е 246.473 ха. Просечната површина на СИЗП парцелите е 0,51 хектари.

## Мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (ФАДН)

Во согласност воспоставената правна и институционална рамка, мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства за периодот на известувањето функционираше непречено и сите планирани активности беа навремено реализирани.

Во насока на обезбедување на микроекономски технички и сметководствени податоци на ниво на земјоделско стопанство за анализа на економската ситуација во земјоделството, големината на ФАДН примерокот во изминатите години постепено се зголемуваше (2010 година

– 300 земјоделски стопанства, 2021 година - 750 земјоделски стопанства, 2023 година – 800 земјоделски стопанства, 2024 година – 900 земјоделски стопанства ).

До септември 2024 година се реализирани неколку TAIEX настани и тоа: TAIEX No 82676, Експертска мисија за поддршка за креирање на податоци и дисеминација на податоците од ФАДН; TAIEX No 82675, Експертска мисија за подобрување на извештајот на земјоделското стопанство базиран на податоците внесени во ФАДН софтверот и TAIEX No 82677, Работилница за поддршка при организирање работилница за собирачите на податоци за унапредување на нивното знаење во однос на правилно собирање/внесување на податоци од FADN во FADN софтверот.

**Советодавен систем на фарма**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го воспостави новиот советодавен систем во земјоделството и руралниот развој. Во декември 2023 година стапи на сила новиот Закон за советодавен систем во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 263/23). МЗШВ воспостави модерен ИТ систем за советодавни услуги во рамки на своите системи (www.akis.mk), кој служи како централна платформа за сите информации поврзани со земјоделството и руралниот развој, како и електронски регистар на даватели на советодавни услуги.

Воспоставувањето и развојот на советодавниот систем и реализацијата на планираните активности се реализираше со поддршка од проект финансиран од Европската Унија – ‘’Модернизација на советодавните услуги за операторите во областа на земјоделството во Северна Македонија’’, кој се спроведуваше во периодот од јануари 2022 година до јули 2024 година.

## Заедничко уредување на пазарите (CMO)

Земјоделските пазари во Република Северна Македонија не се регулирани со единствена регулатива како што е случајот во ЕУ (Регулатива ЕУ бр. 1308/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 17 декември 2013 година за воспоставување заедничко уредување на пазарите на земјоделски производи), но постојат неколку национални закони и подзаконски акти кои делумно ја регулираат оваа политика.

Во тек е изработка на нов предлог на Закон за земјоделство и рурален развој во кој делот за CMO се усогласува со Регулативата на ЕУ 1308/2013.

## Политика за квалитет

Во Декември 2023 година, а по претходно спроведена постапка преку јавен повик, беа склучени 3 договори за финансиска поддршка со 3 здруженија на прозиводители, а кои се

однесуваат на заштита на географскиот назив на производите: Мариовско Биено сирење, Бело овчеполско сирење, Буковска пипер.

Регистарот на географски ознаки се наоѓа следниов линк:

https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/registar%20na%20geografiski%20oznaki%2027.06/Registar-na-geografski-oznaki.pdf

## 4.2 ИПА II проекти во секторот земјоделство
## Преглед на ЕУ поддршка - ИПА проекти

| ИПА 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| ИПА 2 – 2019 централизирани | Тип на договор | Сума на договорот | Цел на проектот |
| Модернизација на советодавните услуги за операторите од областа на земјоделството | договор за услуги | 896.917 € | Цел на овој проект беше да се обезбеди помош за напредок во реформите<br>во секторот за советодавни услуги, вклучувајќи стратешки и законски рамки.<br>Приоритети:<br>• Приоритет 1 се однесува на потребата од подобрување на правната, институционалната и стратешката рамка на секторот за советодавни услуги според најдобрите практики во земјите-членки на ЕУ.<br>• Приоритет 2 се однесува на потребата од подобрување на советодавните услуги што им се обезбедуваат на земјоделските стопанственици.<br><br>- Изработен е закон за Советодавниот систем за земјоделство и рурален развој кој е донесен во декември 2023 година.<br>- Изработен е ИТ систем за советодавните услуги (www.akis.mk), кој служи како централна база за сите информации во врска со земјоделството и руралниот развој и содржи електронски регистри на даватели на советодавни услуги и советници, како и интерфејс за примателите на совети за пребарување и барање услуги.<br>-ИТ Системот содржи и е-каталог на услуги за земјоделците и операторите во земјоделството.<br>-Развиена е нова наставна програма за обука за стручно образование и беа сертифицирани 90 советници кои успешно ја завршија обуката.<br>- Изработени се подзаконски акти за спроведување на Законот за Советодавен систем во земјоделството и руралниот развој кои треба да се донесат во најкус можен рок кое беше услов за продолжување на проектот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Реализирана е кампања за подигање на свеста за информирање на заинтересираните даватели на услуги и советници за процесот и процедурите за аплицирање за регистрација и стекнување лиценца.<br>Промотивен и завршен настан на проектот се одржа на 23.07.2024 година.<br>Времетраење на проектот беше 30 месеци. Од 31.01.2022 до 31.07.2024 година |
| Поддршка за модернизација и иновативно управување во земјоделскиот сектор (задруги) | Грант | Вкупниот предвиден буџет на проектот е 1.200.000 €<br><br>ЛОТ 1 - 549.998 €<br><br>ЛОТ 2-500.000 €, од кои 260.050 € за грантови на целните групи | Потпишани се два договори за грант кои започнаа со реализација на 1 февруари 2023.<br>Двата договора се потпишани со Здружение за унапредување на земјоделски задруги Македонска асоцијација на земјоделските задруги (МАЗЗ) и Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП).<br>ЛОТ 1 Зајакнување на современото одржливо земјоделство- АгроСмарт<br>Времетраење на проектот: 01.02.2023 година – 01.02. 2025 година (24 месеци)<br>Проектот го спроведува Македонска развојна фондација за претпријатија МРФП<br>Цел на проектот: Зголемени модерни и иновативни потфати од страна на земјоделците и земјоделските задруги преку поддршка за пилотирање, забрзување и зголемување на иновативните идеи и технолошкиот напредок.<br>Завршен настан на проектот и презентација на модерна опрема е закажан за 26ти мај 2025 година во Винарија „Шато Сопот", Велес. Проектот е завршен на 26.05.20025.<br><br>ЛОТ 2: Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор - Конкурентни Земјоделски задруги.<br>Цел на проектот: Проектот ги адресира проблемите со нискиот производствен капацитет на земјоделците и земјоделските задруги, недостиг на стандардизиран квалитет на земјоделските производи и ниската позиција на пазарот на земјоделски производи преку услуги за воведување модел на соработка и иновативен менаџмент на земјоделските задруги како носители на производи со етикета за квалитет и географска ознака, надградени со шеми за под-грантирање за подобрена конкурентност и подобра позиција во вредносните синџири на земјоделските производи.<br>Времетраење на проектот: 01 февруари 2023 година – 01 февруари 2025 година (24 месеци). Зајакнување на управувањето со земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор - Конкурентни земјоделски задруги.<br>Завршниот настан и презентацијата на проектните активности се одржа на 29 април 2025 година во хотелот „Холидеј Ин" во Скопје. Проектот заврши на 29.04.2025. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подобрување на консолидацијата на земјиштето | Грант<br><br>(Администра тивен договор со ФАО ) | € 1.000.000 ИПА средства и 200.000 € ФАО кофинансирање | Цел на проектот „Унапредување на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија" поддршка на МЗШВ во унапредување на консолидацијата на земјиштето во преку подобрување на националната политика за консолидација на земјиштето, вклучително стратешката, правната и институционалната рамка, како и во понатамошна имплементацијата на Националната Програма за консолидација на земјиштето, преку целосно спроведување на проекти за консолидација во две подрачја – Дабјани и Чифлик, заедно со изградба на земјоделска инфраструктура.<br>Датум на започнување на проектот : август 2022 година. Датум на завршување на проектот: јануари 2026 година (Побарано е продолжување на проектот за една година со дополнителни средства во износ од 380.000). Проектот бараше продолжување на трошоците, поради зголемувањето на цените на градежните материјали и времето на земјоделските активности. Новата Стратегија за консолидација на земјиштето е во владина процедура. Министерска одлука за прераспределба во Чифлик е во тек. Времетраење на проектот е 42 месеци. |
| Изградба на три мали системи за наводнување | Договор за градежни работи | 2.300.000 € | Изградба на капацитети за малите и нискобуџетни еколошки капацитети за наводнување, од поголемите мрежи за наводнување и рехабилитација и реконструкција на постоечката инфраструктура за наводнување. Три од нив ќе бидат финансирани од ЕУ во областа Пишица, Теарце и Конопница, со вкупна површина од околу 500 хектари (околу 200 фарми).<br><br>Датум на започнување на проектот : март 2022 година.<br><br>Во тек, согласно предвидената динамика Завршени градежни работи во проценти: ЛОТ 1 – Теарце, 80 % ; ЛОТ 2 – Пишица, 100%; ЛОТ 3 – Конопница, 100%. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Зајакнување на управувањето со шумарскиот сектор | Договор за услуги | € 1.255.000 | Да се олесни имплементацијата на стратегиите, политиките и acquis поврзани со ЕУ со цел да се поттикне одржливиот развој на шумарскиот сектор во Северна Македонија.<br>Стратегијата за шумарство е изменета во согласност со Програмата за работа на Владата на Република Македонија. Стратегијата за шумарство е во владина процедура.<br>-Изготвен е Нов законоза Шумарство кој е во владина процедура<br>Развојот на шумскиот информативен систем IFIS е започнат.<br>Активностите за подготовка на правилници поврзани со нацрт-новиот Закон за шуми се во тек.<br>Пилот-активноста за инвентаризација на шумите е започната.<br>Датум на започнување на проектот : 09 март 2023 година.<br>Датум на завршување на проектот: 24 јуни 2025 година. |
| Изградба на фабрика за преработка на остатоци од животинско потекло | Договор за градба (Административен договор со Светска Банка) | €9.000.000<br>€4.500,000 се ИПА средства и €4.500,000 заем од Светска банка | Датум на започнување на проектот: 10 август 2023 година Административен договор со Светска банка. 9 мил€ (4.5 мил€ ЕУ 4.5 мил€ евра заем од Светска Банка).<br>Светска банка го разгледува одговорот на МЗШВ во врска со финалната структура на реструктурираниот проект, по што ќе следи и ревидирање на договорите за заем и грант. Одговор сеуште конкретен нема за статусот на проектот но голема е веројатноста да не се продолжи. |

### 4.3. ИПА III проекти во секторот земјоделство
### Информација за ИПА III Акциски документ 2021 ЕУ за зелена економија

Во декември 2022 година беше потпишан Финансиски договор, со кој Европската Унија се согласува да финансира, а корисникот на ИПА III се согласува да го прифати финансирањето на следниве активности:

Преглед на индикативен буџет по активности ИПА 2021

| ИПА 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Имплементација на мерките за заедничко уредување на пазарите | Договор за услуги | Тендерска постапка | 0,85 мил. € |
| 2 | Подобрување на самоорганизацијата на земјоделците во создавањето и управувањето со мали системи за наводнување | Договор за услуги | Тендерска постапка | 0,7 мил. € |
| 3 | Градба на мали системи за наводнување Сопот и Новаци | Директен Грант | Фаза на преговори | 4,1 мил. € ЕУ + 1,5 мил. € кофинансирање |

### 4.4. ИПА 2024 програмска година
### Информација за ИПА III Акциски документ 2024 ЕУ за економска кохезија

Во секторот земјоделството, Акцискиот документ ќе ја поддржи администрацијата во подготовката и спроведувањето на барањата кои произлегуваат од преговорите за пристапување во ЕУ во согласност со предусловите за усогласување во Поглавјето 11 и Поглавјето 12. Ќе го подобри усогласувањето на националните регулативи со правото на ЕУ за органско производство, географска ознака, ветеринарен систем, здравје на животните и официјални контроли, еколошки производство на храна и безбедност на храна, здравје на растенија и производи за заштита на растенијата. Значаен дел од Акцијата предвидува дигитализација на системите за управување и контрола во целните области, фокусирајќи се на следење на здравјето на животните и безбедноста на храната. Како резултат на тоа, се очекува Акцијата да придонесе кон одржлив економски развој преку создавање синергија помеѓу економските, земјоделските, енергетската ефикасност и иновациските политики, во согласност со целите на ЕУ за климатските промени и заштитата на биолошката разновидност.

Во 2024 година, Финансиската спогодба за ИПА 2024 Годишната акциска програма за Република Северна Македонија е потпишана од страна на Генералниот директорат за соседска политика и преговори за проширување на Европската комисија и Република Северна Македонија.

Акцијата ќе се спроведува преку следните главни активности:
Аутпут 3 (Прозорец 4): Овозможување на националните политики за одржлив систем за храна кон целите на ЕУ за зелено земјоделство

- Промоција на правични, еколошки системи за храна,
- Подобрување на ветеринарниот систем,
- Подобрување на фитосанитарниот систем.

Прглед на индикативен буџет по активности ИПА 2024

| ИПА 2024 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 1) Земјоделска политика и (2) Географски ознаки | Договор за услуги | Не е започнат | 3 мил. € |
| 2 | (1) Земјоделска политика набавка ИПАРДПА) | набавка | Не е започнат | 0,1 мил. € |
| 3 | (3) Ветеринарен систем | Договор за услуги | Не е започнат | 1,5 мил. € |
| 4 | 3) Ветеринарен систем и (4) Фитосанитарен систем | набавка | Не е започнат | 1 мил. € |
| 5 | (4) „Идна поддршка на националниот фитосанитарен систем" | твининг | во тек | 1,5 мил. € |

# 5.Земјоделски пазари и трговија со земјоделско-прехранбени производи

## 5.1.Трговска размена на примарни земјоделски производи, преработени земјоделски производи и рибни производи

Процесот на трговска интеграција на Република Северна Македонија започна по нејзиното осамостојување и истата може да се подели на глобална, европска и регионална интеграција.

Процесот на глобалната интеграција е означен преку пристапувањето во Светската трговска организација (СТО). Договорот за земјоделство, на земјите членки на СТО, наложува да се намалат трговските бариери како трговијата би се одвивала послободно. Денес, иако генералната политика е либерализирана, сепак за земјоделско-прехрамбените производи царинската заштита е задржана на задоволително ниво, поради значењето на земјоделскиот сектор за економскиот профил на државата.

Процесот на европска интеграција е означен со Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија. Овој документ претставува најзначаен преференцијален договор, поради обемот на трговската размена меѓу Република Северна Македонија и ЕУ. Врз основа на трговскиот договор повеќето бариери за влез на македонските земјоделски производи беа отстранети, освен за производите за кои се договорени царински квоти или постепена либерализација:
-виното,

- „baby beef"- говедско месо,
- шеќерот и
- риби и рибни производи,

Од друга страна Република Северна Македонија, за влез на земјоделско-прехранбените производи со потекло од ЕУ:

- ги укина царинските стапки за производите кои се дефинирани како нечувствителни,
- за високо чувствителните производи договорена е примена на максимална царинска заштита, а за дел од нив се договорени бесцарински квоти.

Процесот на регионална интеграција е означен преку членството во Централно европскиот договор за слободна трговија – ЦЕФТА. ЦЕФТА преставува договор за регионална соработка на земјите на Западен Балкан и Молдавија. Дополнително, процесот на интеграција е означен со низата Договори за слободна трговија (ДСТ) со земјите:

- Турција,
- Украина (значајно за македонската страна е договорената целосна либерализација, при извоз во Украина, на следните производи: домати, свежи или разладени; зелка, свежа или разладена, од 1-ви април до 31-ви декември; краставици, свежи или разладени; грозје, свежо, јаболка, свежи или разладени и постепена либерализација на голем број прехранбени производи)
- земјите членки на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн).

Дополнително, после напуштањето на Европската унија од страна на Обединетото Кралство, Република Северна Македонија и Обединетото Кралство склучија „Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска" преку се зачуваа односите и повластените услови поврзани со трговијата меѓу земјите во времето кога ОК беше дел од унијата.

## 5.2. Вкупна трговија и трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи

Во 2024 година, вкупната трговска размена (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) (извоз + увоз) во споредба со 2023 година е намалена за 3,22%.

Вкупниот извоз (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) во 2024 година во споредба со 2023 година, бележи намалување за 6,5%, а вкупниот увоз (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) во 2024 година во споредба со 2023 бележи незначително зголемување од 0,9%.

Вкупниот извоз на земјоделско-прехранбените производи во 2024 година во споредба со 2023 е зголемен за 11% (од €771,6 милиони во 2023, на €857,2 милиони во 2024), а увозот на земјоделско-прехранбени производи во 2024 година во споредба со 2023, е зголемен за 0,9% (од €1.208,2 милиони на €1.136,9 милиони).

Ова минимално зголемување на вредноста на извозот и увозот се должи пред се на зголемувањето на просечните извозни и увозни цени на голем број производи, додека тенденцијата на увоз во однос на извоз на земјоделски производи продолжува во негативен биланс.

Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени производи во вкупниот извоз на Република Северна Македонија во 2024 година е зголемен во споредба со учеството во 2023 година и изнесува 11%, додека учеството на увозот на земјоделско-прехранбени производи е зголемен во 2024 година, во споредба со учеството во вкупниот увоз во 2023 година и изнесува 11,99%.

Трговскиот дефицит во 2024 година, во споредба со 2023 година, бележи зголемување од 0,9% и изнесува €469,7 милиони.

Вкупна трговска размена и трговска размена со земјоделско-прехранбени производи за периодот 2019-2024 (во милиони €)

| | | Вкупна трговија (индустриски + земјоделско-прехранбени производи) | Трговија со земјоделско-прехранбени производи | Учество на земјоделско-прехранбени производи во вкупната трговија |
|---|---|---|---|---|
| 2019 | Извоз | 6.423,70 | 624.5 | 9,72% |
| | Увоз | 8.463,17 | 837.15 | 9,89% |
| | Баланс | -2.039,47 | -212.65 | 10,42% |
| 2020 | Извоз | 5.777,90 | 591.67 | 10,24% |
| | Увоз | 7.594,54 | 822.57 | 10,83% |
| | Баланс | -1.816,64 | -230.9 | 12,71% |
| 2021 | Извоз | 6.922,57 | 627.96 | 9,07% |
| | Увоз | 9.638,29 | 944.06 | 9,79% |
| | Баланс | -2.715,72 | -316.09 | 11,64% |
| 2022 | Извоз | 8.299,58 | 713.11 | 8,59% |
| | Увоз | 12.125,23 | 1,142.31 | 9,42% |
| | Баланс | -3.825,65 | -429.20 | 11,22% |
| 2023 | Извоз | 8.322,82 | 771.58 | 9,27% |
| | Увоз | 11.148,54 | 1,208.19 | 10,84% |
| | Баланс | -2.825,72 | -436.60 | 15,45% |
| 2024 | Извоз | 7.781,16 | 852.22 | 10,95% |
| | Увоз | 11.062,41 | 1.326.95 | 11,99% |
| | Баланс | -3.281,25 | -474.73 | 15,45% |

Трговската структура со земјоделско-прехранбени производи за периодот 2019-2024 со линија на тенденција




**5.3. Најзначајни партнери на Република Северна Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени и рибни производи во 2024 година**

Европската унија - 27 е дефинитивно најзначајниот партнер на Република Северна Македонија во трговијата со земјоделско-прехранбени производи и во 2024 година.

Вкупна вредност на трговската размена со ЕУ-27 со земјоделско-прехранбени производи во 2024 година (извоз+увоз) изнесува €1.047,8 милиони.

Извозот на земјоделско-прехранбени производи од Европската унија, бележи зголемување од 9,3% (од €386,3 милиони во 2023, на €422,3 милиони во 2024), додека увозот на овие производи бележи зголемување од 11% (од €563,4 милиони во 2023, на €625,6 милиони во 2024).

Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во вкупниот извоз на овие производи во 2024 година изнесува 49,25%, додека учеството на увозот од ЕУ-27 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи во 2024 година изнесува 47,1%.

Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени производи во земјите членки на ЦЕФТА 2006 во вкупниот извоз на овие производи во 2024 година изнесува 37,6%, додека учеството на увозот од земјите членки на ЦЕФТА 2006 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи во 2023 година изнесува 28,7%. Најзначаен трговски партнер од земјите членки на ЦЕФТА 2006 е Србија со учество од 14,2% во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени производи и учество од 21,6% во вкупниот увоз на овие производи. Следат Косово со учество од 12% од вкупниот извоз, Босна и Херцеговина (со учество од 5,3% во вкупниот извоз и учество од 3,4% од вкупниот увоз) и Албанија со учество 3,3% во вкупниот извоз, додека останатите заемји членки на ЦЕФТА 2006 (Црна Гора и Молдавија) се со помало учество во трговската размена.

Исто така треба да се спомене и Турција која е земја кандидат за влез во ЕУ, со која Република Северна Македонија има склучено Договор за слободна трговија и значаен трговски

партнер на Република Северна Македонија со учество од 0,5% во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени производи и учество од 3,2% во вкупниот увоз на овие производи. Најзначаен не Европски партнер во однос на извозот на земјоделско-прехранбени производи е САД, со учество од 2,7% од вкупниот извоз (заради големиот извоз на тутун). Следи Украина, со учество од 1,47% од вкупниот извоз (заради големиот извоз на свежо овошје и зеленчук). Во однос на увозот како најзначаен не европски партнер е Бразил со учество од 3,1% од вкупниот увоз, ова од причина што во 2024 година од Бразил се увезени големи количини на живинско месо, говедско месо замрзнато, шеќер и кафе.

Треба да ја споменеме и Велика Британија, која по излегувањето од Европската унија, во вкупниот извоз на земјоделско-прехранбени производи, учествува со 1,6%, додека во вкупниот увоз на овие производи учествува со 0,88%.

Преглед на трговијата со земјоделско-прхранбени производи по земји во 2023 и 2024 година (во милиони €)

| Земја | Извоз | | | | Увоз | | | | Трговски баланс | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | | 2024 | | 2023 | | 2024 | | | |
| | Вредност | Учество% | Вредност | Учество% | Вредност | Учество% | Вредност | Учество% | 2023 | 2024 |
| Албанија | 24.8 | 3.21% | 28.4 | 3.3% | 15.7 | 1.30% | 17.7 | 1.3% | 9.1 | 10.7 |
| Босна и Херцеговина | 39.9 | 5.17% | 45.6 | 5.3% | 40.4 | 3.34% | 45.4 | 3.4% | -0.5 | 0.2 |
| Србија | 106.6 | 13.82% | 121.7 | 14.2% | 268 | 22.18% | 287 | 21.6% | -161.4 | -165.3 |
| Косово | 96.3 | 12.48% | 102.7 | 12% | 19.6 | 1.62% | 25.7 | 1.9% | 76.7 | 77 |
| Црна Гора | 19.8 | 2.57% | 21.2 | 2.5% | 2.3 | 0.19% | 2 | 0.15% | 17.5 | 19.2 |
| Молдавија | 2.4 | 0.31% | 2.5 | 0.29% | 3.2 | 0.26% | 3.7 | 0.3% | -0.8 | -1.2 |
| ЦЕФТА-Тотал | 289.8 | 37.56% | 322.0 | 37.57% | 349.2 | 28.90% | 381.6 | 28.75% | -59.4 | -59.6 |
| ЕУ-27-Тотал | 386.3 | 50.06% | 422.3 | 49.26% | 563.5 | 46.64% | 625.6 | 47.1% | -177.2 | -203.27 |
| Турција | 4.3 | 0.56% | 4.2 | 0.49% | 40.8 | 3.38% | 42.5 | 3.2% | -36.5 | -38.3 |
| Обединето Кралство | 9.9 | 1.28% | 13.7 | 1.6% | 12.6 | 1.04% | 11.7 | 0.88% | -2.7 | 2 |
| Бразил | 1.6 | 0.21% | 2.1 | 0.24% | 55.2 | 4.57% | 41.2 | 3.1% | -53.6 | -39.1 |
| САД | 21.3 | 2.76% | 23.4 | 2.73% | 12.8 | 1.06% | 11.8 | 0.89% | 8.5 | 11.6 |
| Украина | 10.3 | 1.33% | 12.6 | 1.47% | 17.9 | 1.48% | 38.8 | 2.9% | -7.6 | -26.2 |
| Останати | 48.1 | 6.23% | 56.8 | 6.63% | 156.2 | 12.93% | 173.7 | 13% | -108.1 | -116.9 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО, цел свет | 771.6 | 100% | 857.2 | 100% | 1208.2 | 100% | 1326.9 | 100% | -436.6 | -469.7 |

## 5.4. Трговија со земјоделско-прехранбени и рибни производи меѓу Република Северна Македонија и ЕУ-27 во 2024 година

Учеството на извозот на земјоделско-прехранбени производи во ЕУ-27 во вкупниот извоз на овие производи во 2024 година изнесува 49.26%, додека учеството на увозот од ЕУ-27 во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи во 2024 година изнесува 47.1%.

Преглед на податоците за извоз, увоз и трговски баланс со ЕУ-28 за периодот 2019-2024 година со прикажана линија на тенденција




Во 2024 година бележиме пораст на извозот и увозот. Во однос на извозот се бележи пораст од 9.3% (од €386,3 милиони во 2023 на €422,3 милиони во 2024). Во однос на увозот се бележи пораст од 11% (од €563,5 милиони во 2023 на €625,6 милиони во 2024), поради што како резултат на ова се зголемува дефицитот во трговската структура.

Најзначајна ЕУ дестинација за извоз на Македонските земјоделско-прехранбени производи во 2024 година беше Грција (со учество од 18,2% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со тутунот; јагнешко месо; масло од сончоглед; пченка, пченица, бисквити и вафли и различни видови на конзервиран и свеж зеленчук како најзначајни извезени производи. Следна е Хрватска (со учество од 13,3% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со виното, бисквити и вафли, конзервиран зеленчук, разни видови на зеленчук свеж или разладен, јагнешко месо како најзначајни извезени производи. Следи Германија со учество од 12,6% од вкупниот извоз во ЕУ-27, со следните прозводи: вино; тутун; разни живи растенија со нивните калеми, гранчиња и др.; зеленчук полуприготвен; конзервиран зеленчук, и некои други производи. Следна е соседна Бугарија (со учество од 9,3% од вкупниот извоз во ЕУ-27) со тутунот, вино, бисквити и вафли, јаболка, јагнешко месо, свежи пиперки, како најзначајни извезени производи. Белгија (со учество од 7,8% од вкупниот извоз во ЕУ-27), Италија со учество од 6,5% од вкупниот извоз во ЕУ-27 и најзначајни извезени производи се: јагнешко месо, зеленчук замрзнат, печурки свежи полуприготвени или конзервирани, зеленчук полуприготвен и конзервиран, квасец и некои други производи.

Холандија со учество од 5,1% од вкупниот извоз во ЕУ-27, Романија (со учество од 4,6% од вкупниот извоз во ЕУ-27), следи Полска (со учество од 4,1% извоз во ЕУ-27), Словенија со учество од 3,5% од вкупниот извоз во ЕУ-27 итн.

Учество по земји, во извозт во ЕУ-27 на земјоделско-прехранбени производи, за 2024 година




Во однос на увозот во 2024 година, Германија, Италија, Полска, Грција и Хрватска се јавуваат како најзначајни трговски партнери од ЕУ-27, со учество од 13,4%, 13,1%, 11%, 8% и 7,6% од вкупниот увоз од ЕУ-27. Најзначајни производи увезени од Германија се: разни видови на сирење, чоколади, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, свинско месо свежо, разладено или замрзнато и друго. Следи Италија од каде најзначајни увезени производи се: месо говедско свежо разладено или замрзнато, кафе, тестенини, производи на дуго место неспомнати или опфатени, чоколади и др. Од Полска најзначајни увезени производи се: месо од живина, говедско месо, свежо или разладено, месо говедско замрзнато, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, чоколади, бисквити и вафли и некои други производи.

Од Грција најмногу се увезува: свежо јужно овошје (портокали, мандарини, грејпфрут, лимони), месо од живина, конзервиран зеленчук (маслинки), прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, храна за исхрана на животни, риба свежа или разладена и некои други производиОд Хрватска најмногу се увезуваат: чоколади, месо од живина, сирење, преработки од месо, конзервирана риба, супи и чорби хомогенизирани, прехранбени производи на дуго место неспомнати или опфатени, алкохолни пијалоци и други производи. Следна е Австрија со учество од 5,81% од вкупниот увоз од ЕУ-27, потоа Бугарија со учество од 5,5%. Потоа е Шпанија е со учество од 5,5%, Холандија со учество од 5,2%, Унгарија со учество од 4,5%, Словенија со учество од 3,9%, и тн.

**Учество по земји, во увозот од ЕУ-27 на земјоделско-прехранбени производи, за 2024 година**




**5.5. Анализа на извозот од Република Северна Македонија во ЕУ - 27 по производи**

Најголемиот дел од трговијата со земјоделско-прехранбени производи меѓу Република Северна Македонија и ЕУ-27, отпаѓа на трговијата со примарни земјоделски производи, со учество од 75,8% од вкупниот извоз и учество од 55,6% од вкупниот увоз во 2024 година.

Преглед на податоците за извоз, увоз и трговски баланс за примарни земјоделски производи, со ЕУ-27 за 2020-2024 година (во милиони €)




Најзначајни извезени примарни земјоделски производи од Република Северна Македонија во ЕУ-27 се: пред се тутунот со учество од 29,3% во извозот на овие производи; потоа

следи виното со учество од 6.6%; конзервиран зеленчук со учество од 7,7%; разни живи растенија за садење со учество од 6,9%; зелка свежа со 6%; разни видови на свеж зеленчук (пиперки, печурки) со 4,1%; јагнешко месо со учество од 4,3%; свежи јаболка со учество 3,6%; замрзнат зеленчук со 3,6% и тн.

Најзначајни увезени примарни земјоделски производи во Република Северна Македонија од ЕУ-27 се: месо јунешко свежо или разладено со учество од 6,9%; месо свинско свежо, разладено или замрзнато со учество од 4,9%; живинско месо со учество од 4,9%; разни видови сирења со учество од 4,6%; кафе со учество од 2,7%; шеќер со учество од 2,4%; колбаси од месо со учество од 1,7%; други преработки од месо со учество од 1,8%; и тн.

Преработените земјоделски производи учествуват со 24,2% во вкупниот извоз кон европските земји и со 42,5% во вкупниот увоз на земјоделско-прехранбени производи кон европските земји во 2024 година.

Преглед на податоците за извоз, увоз и трговски баланс за преработени земјоделски производи, со ЕУ-27 за 2020-2024 година (во милиони €)




Најзначајни извезени преработени земјоделски производи од Република Северна Македонија во ЕУ-27 се: бисквити и вафли со учество од 47,7% од извозот на овие производи; чоколади со учество од 10,3%; сладолед со учество од 6,2%; минерална вода со додаден шеќер со учество од 5,5%; квасец со учество од 3,9%; кондиторски производи кои не содржат како (вклучувајќи и бело чоколадо) со учество од 3,6%; и тн.

Најзначајни увезени преработени земјоделски производи во Република Северна Македонија од ЕУ-27 се: производи на друго место не спомenати ниту опфатени со учество од 24,5% од увозот на овие производи; чоколади со учество од 13,6%; бисквити и вафли со учество од 12,4%; минерална вода со додаток на шеќер со учество од 6,7%; алкохолни пијалоци со учество од 4,2%; екстракти, енсенции и концентрати добиени од чај или кафе со учество од 3,2%; и тн.

Преглед на трговијата со примарни земјоделски производи и преработени земјоделски производи за периодот 2021, 2022, 2023 и 2024 (во милиони €)

| | Извоз | | | | Увоз | | | | Трговски баланс | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| Примарни земјоделски производи | 255,6 | 277,9 | 291,8 | 320,2 | 256,7 | 302,8 | 316,6 | 348,1 | -1,1 | -24,8 | -24,8 | -27,8 |
| Преработени земјоделски производи | 61,6 | 81,9 | 94,3 | 101,9 | 181,4 | 206,4 | 234,9 | 266,1 | -119,8 | -124.4 | -140,6 | -164,1 |
| ВКУПНО | 317,2 | 359,9 | 386,1 | 422,1 | 438,1 | 509,2 | 551,6 | 614,2 | -120,9 | -149,3 | -165,5 | -191,9 |

## 6. Сектор за меѓународна соработка

Во 2024 година, официјализирање на билатералната, односно мултилатералната соработка се дефинираше преку:

- Потпишан: Протокол за научна, техничка и економска соработка во областа на земјоделството помеѓу Министерството за земјоделсто, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Црна Гора;
- Документ во подготовка: Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Швајцарската конфедерација за проектот 'Програма за управување, искористување и заштита на подземните води, фаза 1' (GWP)
- Документ во подготовка: Меморандум за разбирање меѓу Телото на Обидинетите Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените – UN Women и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија;

Во 2024 година, меѓународната соработка се одвива во рамки на следните активности:

| Тековни проекти за 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| Донатор | Име на проект | Опис | износ |
| ФАО[8]<br>техничка соработка | TCP/MCD/3904 | Техничка соработка за развој на национални политики за Е-земјоделство | 120.000 $ |

[8] Соработката на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите Нации (ФАО) е во рамки на Програмската рамка за периодот 2021 – 2025, што претставува стратешки документ во кој се утврдени приоритетните области за техничка поддршка за одржлив развој на земјоделството, рурален развој и безбедност на храна која е во фаза на усогласување и усвојување

| | | | |
|---|---|---|---|
| ФАО<br><br>техничка соработка | TCP/MCD/4001 | Поддршка за решавање на јавно-приватната сопственост со цел подобрување на управувањето со земјоделското земјиште и земјишните права во Пелагонискиот регион | 497.000 $ |
| Европска Унија<br><br>ИПА и<br><br>ФАО | "GCP/MCD/008/EC | Унапредување на консолидацијата на земјиште во Северна Македонија | 1.000.000 € (ЕУ ИПА II)<br>200.000 € (ФАО) |
| Европска Унија<br><br>ИПА и<br><br>ФАО | TCP/MCD/3901 | Подобрување на консолидацијата на земјиштето преку поддршка на процесот на национално стратешко планирање | 350,000 долари |
| ФАО | TCP/MCD/3902 | Техничка помош за усогласување на Националниот систем за здравје на животните и безбедност на храна со стандардите на Европската Унија | 150.000 $ |
| Програма за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд | GCP/MCD/010/GCR | Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење општество отпоорно кон климатските промени во Република Северна Македонија | 633.221 $ |
| Програма за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд | GCP/MCD/012/GCR | Поддршка на процесот на декарбонизација на земјата преку интегрирано управување со шумските пожари и зајакнување на споделувањето на информации за климатските промени. | 900.677 $ |
| ФАО | TCP/MCD/4002 | Поддршка за изработка на ефективна Стратегија и Акциски план за климатско финансирање во рамки на Национално определени придонеси (NDC) | 50.000 $ |
| Светска банка | | Проект за модернизација на земјоделството | СБ (заем) 46.000.000 $<br>ЕУ (грант) 4.000.000 $ |
| KfW банка | | Програма за наводнување на Јужна Вардарска Котлина - Фаза 3 | KfW (заем) 80.000.000 €<br>KfW (грант) 2.800.000 €<br>МЗШВ - 27.200.000 евра |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

Проектите кои се финансирани во секторот се фокусирани на следните три приоритети:

- Зголемување на конкурентноста на земјоделскиот сектор,
- Подобрување на условите за живот во руралните средини преку одржлив рурален развој и
- Подобрување на капацитетите за одржливо управување со природните ресурси и ублажување на и адаптација кон климатските промени во земјоделството.

## 7. Систем за Идентификација на земјишни парцели (СИЗП)

Во тековната година континуирано се одвиваше процес на систематско ажурирање на СИЗП податоците согласно новоизработените ортофото снимки од 2023 година и дигитализацијата на земјоделското земјиште, а со цел подобрување на квалитетот на истите како и регистрирање на нови СИЗП парцели. Овие активности беа директно поврзани со процесот на аплицирање за директните плаќања за финансиска поддршка во земјоделството каде СИЗП е еден од регистрите на Интегрираниот систем за администрирање и контрола кој се користи во овој процес.

Заклучно со 2024 година во процесот на регистрирање на земјишни парцели во СИЗП се дигитализирани 480.116 парцели кај 98.159 земјоделски стопанства. Во процесот на регистрација, само земјоделските стопанства кои имаат пријавено земјишни парцели се регистрирани во СИЗП. Површината на пријавените СИЗП парцели од страна на земјоделските стопанства е 246.473 ха. Просечната површина на СИЗП парцелите е 0,51 хектари.

### 7.1 Консолидација на земјоделско земјиште

Во 2024 година, проектот финансиран од Европската унија „Унапредување на консолидацијата на земјиштето во Северна Македонија“, ко-финансиран и имплементиран од ФАО, во партнерство со МЗШВ, во вкупна вредност од 1,2 милиони евра (1 милион евра преку ЕУ ИПА II 2019 Инструментот и 0,2 милиони евра придонес од ФАО), кој започна во август 2022 година, продолжи со активности за унапредување на националната политика за консолидација на земјиштето, вклучително стратешката, правната и институционалната рамка, како и во спроведувањето на Националната Програма за консолидација на земјиштето. Проектот обезбеди поддршка на МЗШВ при изготвувањето на новата Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште 2025–2035, како и во спроведување на постапка за консолидација во Чифлик и изградба на земјоделска инфраструктура во консолидираното подрачје Дабјани.

Во текот на 2024 година се изработи Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште за периодот 2025–2035 годинапреку партиципативен и транспарентен процес во тесна соработка со Постојаната советодавна група за консолидација на земјиште, Работната група на МЗШВ за земјишна политика и други засегнати страни, и истата е усогласена со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027, со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година (Службен весник бр. 256/2023 и 177/2024) и со

националните развојни цели од Националната развојна стратегија 2024-2044 (Службен весник бр. 222/2024). Новата Стратегија вклучи и повеќенаменска консолидација на земјиштето, со што го прошири опсегот на консолидацијата не само за земјоделски цели, но и за решавање на пошироки национални приоритети, вклучително заштита на животната средина, обновување на природата, адаптација и ублажување на климатските промени, зачувување на биодиверзитетот, пошумување, консолидација на приватни шумски парцели и консолидација за други неземјоделски цели.

Стратегијата ја потврдува посветеноста на Владата кон одржливо искористување на земјоделското земјиште и зајакнување на конкурентноста на земјоделското производство во согласност со стандардите на Европската унија. Во текот на 2024 година започна процесот за нејзино усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Во 2024 година беа реализирани и низа други активности. Со поддршка од ФАО, МЗШВ ја финализираше постапката за консолидација со промена на границите на земјиштето во село Чифлик. Изработен беше предлог План за распределба на земјиштето, заедно со детален технички дизајн за подобрување на земјоделската инфраструктура на површина од 156 хектари, опфаќајќи вкупно 395 сопственици на земјиште. Планот за распределба беше успешно усвоен на 18 октомври 2024 година од Собранието на учесници во Чифлик, со поддршка од мнозинството сопственици. Во текот на 2025 год. се очекува негова регистрација во Агенцијата за катастар на недвижности.

Дополнително, во село Дабјани во 2024 година се заврши изградбата на земјоделска инфраструктура за подобрување на системот за одводнување и земјоделската патна мрежа на вкупно 742 хектари обработливо земјиште, во корист на 86 сопственици на земјиште. Истата беше успешно завршена и ставена во употреба во септември 2024 год.

Континуирано се спроведуваа и активности за подигање на јавната свест за консолидацијата на земјиштето, заедно со обуки за унапредување на капацитетите и стручноста на клучните чинители, со цел да се обезбеди долгорочна одржливост на Националната програма за консолидација на земјиштето. Дополнително, беа организирани редовни средби со земјоделците и локалната заедница во консолидационото подрачје Чифлик, како дел од процесот на распределбата на земјиштето и планирање на новата земјоделска инфраструктура.

Со поддршка на друг активен проект на ФАО: „Поддршка за решавање на приватно-јавната сосопственост со цел подобрување на управувањето и владеењето со земјоделското земјиште во Пелагонискиот регион“ (TCP/MCD/4001) се започна со изработка на студија за оправданостза консолидација за решавање на постојнатајавно-приватна сосопственост на земјоделско земјиште меѓу државата и приватните сопственици во Пелагонискиот регион. Овој долгогодишен проблем, кој најчесто се однесува на парцели под долгорочен закуп од поранешниот агрокомбинат, во многу случаи го оневозможува целосното користење и управување со земјиштето и притоа создава конфликти меѓу сосопствениците и ги ограничува приватните сопственици и закупците на државно земјиште да вршат активна земјоделска дејност. Интервенцијата опфаќа површина од околу 18.000 хектари и вклучува околу 2.000 сопственици на земјиште, кои според евиденцијата во Катастарот на недвижности се во сосопственост со државата на вкупно 10.000 хектари.

Друга компонента од проектот вклучи изработка на социо-економска проценка на влијанието на постапката за консолидација на земјоделското земјиштето во с. Егри, спроведена во рамките на Националната програма за консолидација на земјоделско земјиште. Оваа

компонента започна да се спроведува во 2024 год. и се очекува да биде завршена во текот на 2025 година.

Во рамки на третиот подготвителен проект за Зелен климатски фонд (ЗКФ) имплементиран од ФАО „Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење општество отпорно кон климатските промени во Република Северна Македонија'' (GCP/MCD/010/GCR) кој започна во октомври 2023 година и ќе трае до март 2026 година, се започна со изработка на студија за оправданост за консолидација на земјоделското земјиште и подобрување на инфраструктурата за наводнување во Прилепско Поле, Струмичко Поле и Радовишко Поле. Започнати се директни консултации со сопствениците на земјиште за да се оцени оправданоста и потребата кај локалната заедницата за оваа иницијатива.

Во пред-физибилити студијата за консолидацијата на земјоделското земјиште, во Прилепското Поле опфатени се седум консолидациони подрачја и тоа: Беровци, Волково, Галичани, Кадино Село, Мало Коњари, Мало Рувци, Ново Лагово и Старо Лагово, со вкупна површина од 3.910 хектари, кои опфаќаат 7.295 парцели во сопственост на приближно 2.600 земјопоседници, со просечна големина на парцела од 0,54 хектари. Во Струмичкото Поле е идентификувано едно консолидационо подрачје, Сушица, со вкупна површина од 1.213 хектари, со 6.612 парцели и 1.800 сопственици, со просечната големина на парцела од само 0,18 хектари. Во Радовишкото Поле се опфатени седум консолидациони подрачја, вклучувајќи ги: Инџево/Воиславци, Јаргулица, Калугерица, Ораовица, Подреш, Покрајчево и Злеово, со вкупна површина од 1.882 хектари и 8.577 парцели на околу 3.300 сопственици, при што просечна големина на парцела е 0,22 хектари.

Студијата се очекува да биде завршена во текот на 2025 год. и согласно наодите, ќе се препорача најсоодветниот пристап за консолидација на земјиштето (консолидација со или без промена на границите) во трите региони - Прилепско Поле, Радовишко Поле и Струмичко Поле, како и потребата за потенцијални инвестиции за подобрување на земјоделска инфраструктура во полето (системи за наводнување, одводнување и земјоделски патиште за пристап до парцелите).

## 8. Општи карактеристики на Република Северна Македонија со осврт на земјоделско-прехранбениот сектор

### 8.1 Географски карактеристики, клима и население

Република Северна Македонија е централна балканска држава во Југоисточна Европа, со површина од 25.436 км² и се граничи со четири држави: на исток со Бугарија, на север со Србија, на запад со Албанија и на југ со Грција. Должината на границите изнесува вкупно 899 км, од кои сувоземни 809 км, 43 км речни и 47 км езерски. Иако е копнена земја, Северна Македонија е на крстопат помеѓу два големи транспортни коридори (8 и 10) кои ја поврзуваат централна Европа со Јадранското, Егејското и Црното море.

Карта на Република Северна Македонија




Релјефот на Република Северна Македонија е претежно ридско-планински со хетерогени природни услови и структура на земјиштето. Ридско-планинските делови опфаќаат 78% од вкупната територија, рамнинскиот дел 20%, а останатото се водни површини околу 1,9%.

Република Северна Македонија е главно под влијание на три климатски типови: субмедитерански, регион со изразена транслатација на средоземната и континенталната клима, регион со континентална клима и регион со планинска клима.

Климатските фактори допринесуваат земјата да се карактеризира со топли и суви лета и студени и влажни зими. Инсолацијата и температурите во земјата се покачуваат од север кон југ. Летата се суви и топли, а зимите студени и влажни. Средната годишна температура на воздухот изнесува 11,5 °C. Најтопол месец е јули, со просечна температура на воздухот од 22,2 °C, а најстудениот месец е јануари со просечна температура од 0,3 °C. Различни климатски типови и поттипови се комбинација од основните - средоземна, континентална и алпска клима.

Врнежите во Репблика Северна Македонија се главно од дожд, а во зимскиот период има и снег.

Уделот на снегот на височина од 400 м н.в. во вкупната количина на врнежи е околу 10%, а на височина од 1.500 м повеќе од 30%. Географската распределба на врнежите е неправилна, условена главно од комплицираниот релјеф, општата и секундарната циркулација на воздухот и од настанувањето на врнежите со термичка конвекција.

Според географската распределба на врнежите најсушен централен дел (од Градско до Скопје, како и Радовишкото и Прилепското Поле), со просечно годишно количество на врнежи од 440 до 492 мм. Од ова подрачје врнежите се зголемуват во сите правци. Тие во Прилепско, Штипско, Кочанско и Делчевско Поле се 500–600 мм, а во Струшкиот, Ресенскиот крај и во долниот тек на Вардар се 700 –800 мм.

Најмногу врнежи добиваат планините на запад од реката Вардар, а посебно планините на македонско-албанската граница. Најмногу врнежи во Македонија има во сливот на

реката Радика, над 1.400 мм, а над 1.000 мм имаат источните падини на Кораб и Јабланица и подрачјето на Мавровско Езеро. На планината Јакупица се околу 1.000 мм, а на планините во Источна Македонија, источно од реката Вардар се под 1.000 мм годишно. Врнежите најмногу се наесен, во месеците октомври и ноември.

Споредниот максимум е во април и мај. Исто така се чести и појавите на поројни врнежи во летниот период кои се проследени со појава на град. Појавите на град ги има секоја година и тоа во месеците мај и јуни, а во некои години и во другите месеци и предизвикуваат значителни штети, кои секогаш се ограничени на помали површини.

Средната годишна количина на врнежи во планините е околу 1.000-1.500 мм, а во котлините 600-700 мм. Климатските индикатори, меѓу кои - сушата, раните есенски и доцните пролетни мразеви се ограничувачки фактори на интензивното земјоделско производство.

Најголем регион по површина е пелагонискиот со површина од 4 717 км, со најмногу населени места, околу 343 и со мала густина на населеност од 50 жители на км², додека најмалиот регион 1 812 км2, скопскиот има изразито густа населеност од 319 жители на км² и повеќе од една четвртина од вкупното население во Република Северна Македонија.

Полошкиот и југозападниот регион се издвојуваат според високото учество на населението кое живее во руралните средини, додека во другите региони руралните населби се поретко населени.

Според последната проценка на населението (состојба на 31.12.2024 година), во Република Северна Македонија има 1 822 612 жители, што е за 96 768 лица или за 5.0 % помалку во однос на проценката на населението во 2014 година и 60 893 лица или 3.2 % помалку во однос на 2019 година. Во однос на старосната структура, македонското население сè повеќе старее. Во периодот од 2014 до 2024 година, учеството на старото население (65 и повеќе години) е зголемено од 13.5 % на 18.6 %.

Во периодот 2019 – 2024 година, стапките на активност, вработеност и невработеност бележат промени од година на година, во насока на пораст и/или намалување.

Во последната година од овој период, стапката на активното население кај мажите бележи намалување од 5.0 процентни поени во однос на 2019 година. Највисока стапка на вработеност од 45.8 е забележана во 2024 година, додека најниска стапка на невработеност од 12.4 е забележана исто така во 2024 година. Повисока стапка на вработеност во овој период се забележува кај мажите (53.6 %), што рефлектира поголемо учество на мажите во вкупниот број вработени. Стапката на вработеност кај жените во текот на периодот бележи исто така намалување од 0.6 процентни поени во однос на 2019 година.

### 8.2 Макроекономска рамка

Според претходните податоци на Државниот завод за статистика, бруто-домашниот производ во 2024 година изнесува 964 087 милиони денари и во однос на 2023 година е номинално зголемен за 6.8 %.

Реалната стапка на раст на бруто-домашниот производ (БДП) во 2024 година, во однос на 2023 година, е 3.0 %.

Номиналната стапка на раст на БДП во 2024 година, во однос на 2023 година, изнесува 6.8 %. Најголемо учество во додадената вредност со 17.9 % во структурата на БДП во 2024 година

имаат секторите: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли и Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна.
Финалната потрошувачка во 2024 година во структурата на БДП учествува со 82.4 %.

Учеството на извозот на стоки и на услуги во структурата на БДП во 2024 година е 61.7 %.Вредноста на инвестициите во основни средства во 2024 година изнесува 226 482 милиони денари.

Во техничката структура на инвестициите во основни средства, градежните работи учествуваат со 53.6 %, машините и опремата со 35.7 %, а останатите инвестиции со 10.7 %.

Преглед на макроекономски показатели (2020-2024 година)

| Показател | Единица | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Население | | 2 068 | 1 837 | 1 834 | 1 826 | 1 822 |
| БДП во тековни цени | мил.евра | 10 852 | 11 836 | 13 243 | 14 583 | 15 668 |
| БДП во тековни цени | мил.денари | 669 280 | 729 445 | 816 084 | 902 905 | 964 087 |
| БДП по глава на жител | евра | 5 236 | 6 443 | 7 230 | 8025 | 8 588 |
| Учество на земјоделски сектор во БДП | % | 8,6 | 7,2 | 7,4 | 6,2 | 6,1 |
| Економски развој (стапка на реален раст на БДП) | % | -4,7 | 4,5 | 2,8 | 2,1 | 2,8 |
| Стапка на невработеност | % | 16,4 | 16,9 | 13.1 | 13.1 | 12,4 |

Извор:Државен завод за статистика

Стапката на активното население во 2024 година кај мажите бележи намалување од 5.0 процентни поени во однос на 2019 година. Највисока стапка на вработеност од 45.8 е забележана во 2024 година, додека најниска стапка на невработеност од 12.4 е забележана исто така во 2024 година. Повисока стапка на вработеност во овој период се забележува кај мажите (53.6 %), што рефлектира поголемо учество на мажите во вкупниот број вработени.

### 8.3 Општи состојби во агрокомплексот

Според податоците на Државниот завод за статистика во 2024 година се регистрирани 506 586 хектари обработлива површина.

Кај обработливата површина намалување е забележано кај ораниците и бавчите за 2.0 % и кај површините со лозјата за 1.7 %, а зголемување кај овоштарниците за 3.1 %. 40,8%, од земјоделска површина е обработлива (506 586 ха) а 59,1% се површини со пасиштата (734 304 ха).
Преглед на земјоделски површини (во илјади хектари), 2020-2024 година

| | Земјоделска површина | Вкупна обработлива површина | Ораници и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | Пасишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 1 261 687 | 517 039 | 416 070 | 17 095 | 23 976 | 59 898 | 743 911 |
| 2021 | 1 259 996 | 516 773 | 416 714 | 16 942 | 23 776 | 59 301 | 742 760 |
| 2022 | 1 256 854 | 514 436 | 415 648 | 16 852 | 23 425 | 58 511 | 741 698 |
| 2023 | 1 250 821 | 514 375 | 416 300 | 16 423 | 22 353 | 59 299 | 735 694 |
| 2024 | 1 241 613 | 506 586 | 408 055 | 16 934 | 21 984 | 59 613 | 734 304 |
| Индекс 2024/2023 | 99,3 | 98,5 | 98,0 | 103,1 | 98,3 | 100,5 | 99,8 |

Извор: ДЗС, Земјоделски површини и растително производство, 2024 година

**Структура на обработливата површина, 2024 година**

Од вкупно засеана површина во 2024 година која изнесува 264 144 ха, 57,68% отпаѓа на површините засеани со житни култури, 7,9% на површините засеани со индустриски посеви, 18,9% на градинарски посеви и 15,5% површини засеани со фуражни посеви.

Во споредба со 2023 година (269 834 ха) вкупно засеаните површини се намалени за 2,1% или за 5 690 ха. Намалувањето на површините е забележано 2,8% кај житните култури, за 1,5% кај градинарските култури и кај фуражните посеви за 1,7%. Незначително зголемување на засеаните површинии е забележано кај индустриски посеви за 0,8% или за 176 ха.



# 9. Вредност на производството на земјоделскиот сектор

## 9.1 Економски сметки во земјоделството

Според податоците на Државниот завод за статистика, бруто-додадената вредност во земјоделството во 2023 година изнесува 51 009 милиони денари и во однос на 2022 година (57 298 милиони денари) бележи номинален пад од 11.0 %.

Растителното производство во 2023 година, кое учествува со 71.6 % во вкупното производство, бележи пад од 8.0 % во однос на 2022 година.

Вредноста на добиточното производство, кое учествува со 17.9% во вкупното производство, е намалено за 10.1 % во однос на 2022 година.

Меѓуфазната потрошувачка во 2023 година бележи пораст од 0.2 % во однос на 2022 година. Номиналниот доход во земјоделството од производните фактори, по работна единица, во 2023 година бележи пад од 5.9 %, додека реалниот доход од производните фактори бележи пад од 6.0 %.

Вредноста на земјоделското производство, по тековни цени 2019-2023 година, во милиони денари

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2023/2022 (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01 Жита | 5 962 | 6 273 | 6 407 | 8 478 | 8 391 | 99 |
| 02 Индустриски растенија | 5 432 | 5 417 | 5 079 | 5 770 | 5 493 | 95,2 |
| 03 Фуражни растенија | 7 253 | 6 779 | 6 039 | 7 909 | 6 833 | 86,4 |
| 04 Градинарски производи | 26 721 | 29 729 | 28 770 | 31 657 | 31 506 | 99,5 |
| 05 Компири | 2 847 | 2 795 | 2 698 | 4 017 | 4 151 | 103,3 |
| 06 Овошје | 8 423 | 10 679 | 8 886 | 11 319 | 7 304 | 64,5 |
| 07 Вино | 4 260 | 3 272 | 1 953 | 2 748 | 2 495 | 90,8 |
| 10 Растително производство (01 до 07) | 60 898 | 64 908 | 59 832 | 71 889 | 66 172 | 92 |
| 11 Добиток | 6 956 | 7 237 | 6 221 | 7 136 | 7 371 | 103,3 |
| 12 Добиточни производи | 10 193 | 11 136 | 9 288 | 11 265 | 9 174 | 81,4 |
| 13 Добиточно производство (11+12) | 17 148 | 18 373 | 15 509 | 18 401 | 16 545 | 89,9 |
| 14 Производство на земјоделски производи (10+13) | 78 046 | 83 281 | 75 341 | 90 300 | 82 717 | 91,6 |
| 15 Услуги во земјоделството | 417 | 435 | 415 | 470 | 466 | 99,3 |
| 16 Земјоделско производство (14+15) | 78 463 | 83 717 | 75 755 | 90 770 | 83 183 | 91,6 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 Неземјоделски секундарни дејности (неделиви) | 1 470 | 1 921 | 2 115 | 1 988 | 2 396 | 120,5 |
| 18 Субвенции на производи | 6 469 | 5 043 | 6 408 | 5 816 | 6 808 | 117,1 |
| 19 Производство на земјоделската „деловна гранка“ (16+17+18) | 86 402 | 90 681 | 84 277 | 98 574 | 92 387 | 93,7 |
| 20 Вкупна меѓуфазна потрошувачка | 37 424 | 37 538 | 37 496 | 41 276 | 41 378 | 100,2 |
| 21 Бруто-додадена вредност по основни цени (19-20) | 48 978 | 53 142 | 46 782 | 57 298 | 51 009 | 89,0 |

Извор: ДЗС- Економски сметки во земјоделството, 2023 година

Преглед на учество на вработени во сектор земјоделство, шумарство и рибарство 2020-2024 година

| Година | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно вработени | 794 909 | 795 807 | 692 034 | 688 296 | 694 506 | 100,9 |
| Вработени во сектор земјоделство, шумарство и рибарство | 95 545 | 91 506 | 69 143 | 53 746 | 62 287 | 115,9 |
| Учество во % | 12,0 | 11,5 | 10,0 | 7,8 | 9,0 | |

Извор: ДЗС, Република Северна Македонија во бројки, 2025

Во 2024 година бројот на вработени во секторот земјоделство, шумарство и рибарство (62 287) е зголемен за околу 15,9 % во споредба со 2023 година (53 746).Учеството на земјоделскиот сектор во вкупната вработеност има тренд на намалување од 12% во 2020 год., во 2021 год. од 11,5%, во 2022 година од 10%, во 2023 година од 7,8% и во 2024 година од 9%.

Просечната исплатена месечна нето-плата во Република Северна Македонија во 2024 година (IV тримесечје) изнесува 42.569,00 денари, а во секторот земјоделство, шумарство и рибарство изнесува 32.782,00 денари.

## 10. Земјоделско производство

### Растително производство

Во 2024 година се регистрирани 506 586 хектари обработлива површина. Кај обработливата површина намалување е забележано кај ораниците и бавчите за 2.0 % и кај лозјата за 1.7 %, а зголемување кај овоштарниците за 3.1 %.

Во истиот период, регистрирано е зголемување на производството кај компирот за 9.0 % и кај краставиците за 3.6 %. Кај останатите култури поголемо намалување е забележано кај оризот за 6.9 %, сончогледот за 10.2 % и луцерката за 6.7 %.

Во 2024 година во однос на 2023 година е забележано значително зголемување на производството кај сите овошја.

Најголемо зголемување на производството е забележано кај јаболката за 59.1 % и кај црешите за 41.0 %.

**10.1. Житни култури**

Житните култури во 2024 година се застапени на 152 080 ха или на 58% од вкупна засеана површина, што претставува намалување за 2,8% во споредба со засеаните површини во 2023 година (156 469 ха). Намалувањето на засеаните површини се должи на намалување на засеаните површини со: пченицата за 3,4% на рж за 6,5%, на јачменот за 1,65% ха, овес за 6,5% ил ха и на пченката за 5,9%.

Од житните култури **пченицата** е најзастапена култура во 2024 година. Засеана е на површина од 67 321 ха или околу 44, 3% од вкупно засеаните површини под житни култури (156 469 ха). Производството на пченично зрно во 2024 година изнесувало околу 229 309 тон и во споредба со производството во 2023 година (215 165 т) бележи зголемување од 6,6% а приносот изнесуваше 3 411 кг/ха и исто така преставува зголемување во споредба со производство во 2023 година (3 095 кг/ха) за 10,2% .

Втора по значење житна култура е **јачменот** кој во 2024 година е засеан на околу 44 999 ха, што претставува 29,6% од површините засеани со житни култури. Засеаните површини со јачмен покажуваат намалување во споредба со засеаните површини во 2023 год (45 711 ха). Вкупно производство на јачменот изнесува 145 149 тони и во споредба со производството во 2023 година е зголемено за околу 6,3% (130 тони). Просечниот принос по хектар во 2024 година изнесува 3 244 кг/ха, и во споредба со приносот во 2023 година (3 182 кг/ха) е зголемен за 1,9%.

**Пченката** како житна култура во 2024 година е застапена на 27 981 ха или 18,4% од површините под житни култури и во споредба со 2023 година (28 527 ха) засеаните површини се намалени за 1,9% или за 546 ха. Вкупното производство на пченка во 2024 година (127 884 тони) е намалено за 1,8% во споредба со производство во 2023 година, кога изнесуваше 130 180 тони. Приносот во 2024 година изнесува 4 605 кг/ха, и во споредба со приносот во 2023 година е зголемен за 0,9%

**Оризот** како житна култура традиционално се одгледува во одредени производни региони во Република Северна Македонија. Во 2024 година е засеан на 3 125 ха. Производството на ориз во 2024 год. е 18 608 тони, што претставува намалување на вкупно производство од 6,9% во споредба со производството во 2023 година (19 997 тони), што се должи и на намален принос по ха, кој во 2024 година изнесуваше 5 964 кг/ха и е намален за 5,7%, во споредба со приносот во 2023 година кога изнесуваше 6 324 кг/ха.

**Преглед на површини и производство на житни култури, 2020-2024 година**

| | Година | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пченица | Засеана површина во хектари | 69 902 | 70 515 | 70 222 | 69 689 | 67 321 | 96,6 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ожнеана површина во хектари | 69 765 | 70 366 | 70 107 | 69 522 | 67 226 | 96,7 |
| | Производство во тони | 246 031 | 243 676 | 224 632 | 215 165 | 229 309 | 106,6 |
| | Кг по хектар | 3 527 | 3 463 | 3 204 | 3 095 | 3 411 | 110,2 |
| `Рж | Засеана површина во хектари | 3 936 | 3 794 | 3 807 | 3 416 | 3 193 | 93,5 |
| | Ожнеана површина во хектари | 3 936 | 3 782 | 3 791 | 3 410 | 3 189 | 93,5 |
| | Производство во тони | 9 481 | 8 500 | 8 571 | 5 279 | 4 897 | 92,8 |
| | Кг по хектар | 2 409 | 2 248 | 2 261 | 1 548 | 1 535 | 99,2 |
| Јачмен | Засеана површина во хектари | 45 011 | 47 890 | 45 498 | 45 711 | 44 999 | 98,4 |
| | Ожнеана површина во хектари | 44 995 | 47 683 | 45 429 | 45 580 | 44 739 | 98,2 |
| | Производство во тони | 147 711 | 151 600 | 137 691 | 145 019 | 145 149 | 106,3 |
| | Кг по хектар | 3 283 | 3 179 | 3 031 | 3 182 | 3 244 | 101,9 |
| Овес | Засеана површина во хектари | 3 489 | 3 101 | 2 899 | 2 656 | 2 587 | 97,4 |
| | Ожнеана површина во хектари | 3 489 | 3 100 | 2 866 | 2 649 | 2 587 | 97,7 |
| | Производство во тони | 6 341 | 5 563 | 5 240 | 4 267 | 3 689 | 86,5 |
| | Кг по хектар | 1 818 | 1 795 | 1 816 | 1611 | 1 426 | 88,5 |
| Пченка | Засеана површина во хектари | 32 013 | 30 425 | 30 322 | 28 527 | 27 981 | 98,1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ожнеана површина во хектари | 31 912 | 30 224 | 30 215 | 28 515 | 27 770 | 97,4 |
| | Производство во тони | 146 434 | 130 769 | 143 106 | 130 180 | 127 884 | 98,2 |
| | Кг по хектар | 4 589 | 4 327 | 4 736 | 4 565 | 4 605 | 100,9 |
| Ориз | Засеана површина во хектари | 3 177 | 3 111 | 3 114 | 3 177 | 3 125 | 98,4 |
| | Ожнеана површина во хектари | 3 177 | 3 111 | 3 114 | 3 162 | 3 120 | 98,7 |
| | Производство во тони | 19 518 | 18 962 | 18 981 | 19 997 | 18 608 | 93,1 |
| | Кг по хектар | 6 144 | 6 095 | 6 095 | 6 324 | 5 964 | 94,3 |

**10.2 Индустриски култури**

10.2.1.Површини и производство на тутун и остварен просечен принос за период 2020-2024 година

Во производната 2024 година тутунот беше засаден на површина од 12.959 ха, склучени беа 29.957договори за производство и откуп на тутун од вкупно 16.830 земјоделски стопанства, за договорено производство од околу 26.418 тони.

Договореното производство на тутун во 2024 година е приближно со исто како и договореното производство од реколта 2023 година и се движи околу 26.400 тони, а површините се движат околу 13.000 ха. Бројот на склучени договори е намален за 664 или околу 2%, а бројот на земјоделски стопанства е намален за 756 или околу 4% во споредба со реколта 2023 година.

Откупот на тутун од реколта 2024 година започна на 18 ноември од страна на 10-те откупни претпријатија. Според податоците внесени во електронскиот систем за евиденција на тутунот ИСЕТ од страна на откупните претпријатија од реколта 2024 година откупени се вкупно 24.321 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 399,80 ден/кгр.

Од типот ЈАКА се откупени околу 224 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 399,80 ден/кгр, а од типот ПРИЛЕП се откупени околу 24.096 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 399,80 ден/кгр.

10.2.2. Површини и производство на сончоглед и остварен просечен принос за период 2020-2024 година

Во производната 2024 година сончогледот беше ожнеан на површина од 9.363 ха и се оствари вкупно производство од 8.404 тони што претставува намалување на производството за околу 12.949 тони или околу 79% во однос на 2023 година, кога беше остварено производство од 21.353 тони, што се должи на неповолните климатски услови во летниот период со екстремно виски температури.

Просечниот принос на сончоглед за 2024 година е исто така намален за околу 1.622 кгр./ха или 36% во однос на 2023 година кога беше остварен просечен принос од 2.520 кгр./ха. Сончочледот најмногу е застапен во општина Битола со засеана површина од околу 5.800 ха.Според податоци доставени од ПЕ на МЗШВ за ожнеани површини и остварено производство на земјоделски култури од доцни посеви за период од 2018-2024 година кај сончогледот се забележува тренд на зголемување на површините во 2024 година за околу 36% во однос на 2018 година, а оствареното производство и остварениот просечен принос на сончоглед за период 2018-2023 година има тренд на зголемување за околу 25% со исклучок на 2024 година, кога климатските услови и екстремно виските температури во летниот период значително го намалија производството и приносот на сончоглед.

Површини и производство на сончоглед и остварен просечен принос за период 2020-2024 година

| Година | Ожнеана површина во ха | Остварено производство во тони | остварен просечен принос во кгр./ха |
|---|---|---|---|
| 2020 | 9.234 | 14.496 | 1.570 |
| 2021 | 9.129 | 20.148 | 2.207 |
| 2022 | 9.194 | 18.499 | 2.014 |
| 2023 | 8.473 | 21.353 | 2.520 |
| 2024 | 9.363 | 8.404 | 898 |

Извор: ПЕ на МЗШВ

10.2.3.Површини и производство на афион и остварен просечен принос за период 2020-2024 година

Афионот (Papaver somniferum L.) е ценета индустриска култура како маслодајно и лековито растение од која се добиваат семе и чушки. Семето се користи за добивање на масло, а чушките за добивање на морфиум и други лековити алкалоиди.

Во Република Северна Македонија афионот претежно се одгледува како есенска култура во централниот и јужниот дел од земјата, како рана окопна култура ги избегнува летните и многу раните суши кои се многу честа појава кај нас и се користи за создавање на многу квалитетен опиум.

Површините под афион претежно се во источен дел (Кочани, Виница, Штип, Радовиш и Кавадарци) и во централна Северна Македонија (Велес) и варираат во зависност од временските услови и откупната цена на семето и чушките од афион.

Афионовото семе е богато со масло и содржи 50-60%. Две третини од ова масло се користи како првокласно масло за јадење, а една третина служи како полусушливо масло за изработка на бои, лекови, сапуни и др. Афионовото семе со темносина боја се користи во слаткарството.
Афионовото ќуспе служи како одлична храна за млечниот и гоениот добиток.

Сувите чушки се вториот важен производ кои служат како суровина од која се екстрахираат алкалоидите морфиум, кодеин, нарцеин, тебаин, папаверин и други кои се употребуваат во фармацевтската индустрија. Морфиумот и другите алкалоиди се добиваат по пат на екстракција од млечниот сок на растенијата, со засекување на афионовите чушки од опиумскиот афион.Стеблото на афионот се користи за горење.

Алкалоид АД Скопје е единствениот регистриран преработувачки капацитет за производство на опојни дроги и психотропни супстанции, кој самостојно или преку овластени фирми организира производство, откуп и транспорт на афионовите чушки (шишарки) и обезбедуваат бесплатен квалитетен семенски материјал на производителите.

Комплетно го менаџираат производството на афион преку постојано следење на производството, обезбедување на механизација (за сеидба, за кршење и за веење на афионовото семе), навремено обезбедување на соодветна амбалажа за прибирање на афионовите шишарки, како и навремено исплаќање на откупените количини на афионови шишарки по 35,00 ден/кг. во рок од 60 дена.

Преглед на површини и производство на афионови чушки за потребите на Алкалоид АД Скопје 2020-2024 година

| Година | Засеана површина во ха | Ожнеана површина во ха | Откупени количини во тони |
|---|---|---|---|
| 2020 | 24,3 | 24,3 | 8,71 |
| 2021 | 42,5 | 42,5 | 12,2 |
| 2022 | 35,4 | 35,4 | 10,5 |
| 2023 | 28,1 | 28,1 | 10,7 |
| 2024 | 17,6 | 17,6 | 3,45 |

Извор на податоци: Алкалоид АД Скопје

**10.4 Фуражни култури**

Фуражните посеви во 2024 година се засеани на вкупна површина од 40 927 ха и во споредба со 2023 година (41 647 ха) засеаните површини се намаленени за 1,7 % .

Намалувањето на засеаните површи во 2024 година е кај луцерка за 1,3%, кај крмна пченка за 4,8% и на добиточната репа за 11,3%, во споредба со засеаните површини на одделни култури во 2023 година.Зголемувањето на засеаните површини во 2024 година, во споредба со 2023 година е кај детелината за 0,4% и зголемување на површините засеани со добиточен грашок од 11,9%.

Со оглед на засеани површи и вкупното производство во 2023 година е намалено производство кај детелината за 4,3%, кај луцерката за 6,7%, и кај добиточен репка за 6,5%.

Зголемено производство во 2024 година, во споредба со 2023 година е забележано кај граорот за 0,6%, добиточен грашок за 2% и кај крмна пченка за 1,7%.

Преглед на површини и производство со фуражни култури, 2020-2024 година

| Вид на фуражна култура | Година | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Детелина | Засеана површина во хектари | 4 015 | 4 207 | 4 060 | 4 438 | 4 456 | 100,4 |
| | Ожнеана површина во хектари | 4 012 | 4 198 | 4 060 | 4 437 | 4 456 | 100,4 |
| | Производство во тони | 20 297 | 21 438 | 21 594 | 20 942 | 20 045 | 95,7 |
| | Кг по хектар | 5 059 | 5 107 | 5 319 | 4 720 | 4 498 | 95,3 |
| Луцерка | Засеана површина во хектари | 19 096 | 19 679 | 18 897 | 17 967 | 17 735 | 98,7 |
| | Ожнеана површина во хектари | 19 076 | 19 660 | 18 891 | 17 947 | 17 688 | 98,6 |
| | Производство во тони | 104 065 | 98 618 | 102 235 | 91 352 | 85 236 | 93,3 |
| | Кг по хектар | 5 455 | 5 016 | 5 412 | 5 090 | 4 819 | 94,7 |
| Граор | Засеана површина во хектари | 1 960 | 1 830 | 1 835 | 1 635 | 1 659 | 101,5 |
| | Ожнеана површина во хектари | 1 960 | 1 817 | 1 833 | 1 629 | 1 659 | 101,8 |
| | Производство во тони | 6 659 | 6 260 | 6 049 | 5 213 | 5 245 | 100,6 |
| | Кг по хектар | 3 397 | 3 445 | 3 300 | 3 200 | 3 161 | 98,8 |
| Добиточен грашок | Засеана површина во хектари | 1 499 | 1 647 | 1 608 | 1 616 | 1 809 | 111,9 |
| | Ожнеана површина во хектари | 1 499 | 1 574 | 1 607 | 1 610 | 1 809 | 112,4 |
| | Производство во тони | 5 315 | 6 335 | 5 282 | 5 010 | 5 108 | 102,0 |
| | Кг по хектар | 3 546 | 4 025 | 3 287 | 3 112 | 2 823 | 90,7 |
| Крмна пченка | Засеана површина во хектари | 8 216 | 8 111 | 9 397 | 8 764 | 8 346 | 95,2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ожнеана површина во хектари | 8 216 | 7 027 | 9 380 | 8 761 | 8 346 | 95,3 |
| | Производство во тони | 189 439 | 154 009 | 286 455 | 195 612 | 198 963 | 101,7 |
| | Кг по хектар | 23 057 | 21 917 | 30 539 | 22 328 | 23 839 | 106,8 |
| Добиточна репка | Засеана површина во хектари | 461 | 447 | 446 | 363 | 322 | 88,7 |
| | Ожнеана површина во хектари | 461 | 447 | 446 | 363 | 322 | 88,7 |
| | Производство во тони | 3 750 | 3 816 | 3 809 | 3 358 | 3141 | 93,5 |
| | Кг по хектар | 8 134 | 8 537 | 8 541 | 9 249 | 9 754 | 105,5 |

Извор: ДЗС Макстат база, Државен завод за статистика

**10.5 Градинарски култури**

Градинарството на отворено е еден од најзначаните подсектори на земјоделското производство, со голем извозен потенцијал и претставува основа за работа на преработувачката индустрија на зеленчук, која во голем дел е извозно ориентирана.

Во структурата на градинарските површини во 2024 година најзастапен е компирот -чист посев на 12 235 ха и како меѓупосев на 243 ха.

Од вкупно засадените површини под градинарски култури, пиперките се на второто место, засеани на 9 635 ха, доматите на 5 668 ха, бостанот на 4 892 ха, зелката како главен посев на 4 708 ха, гравот на 4 073 ха чист посев, кромидот на 3 385 ха.

Преглед на површините, производството и приносот на градинарски култури како чист посев 2020-2024 година

| | Површина во хектари | Производство | | Површина во хектари | Производство | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | засеана | вкупно, во тони | кг, по хектар | засеана | вкупно, во тони | кг, по хектар |
| | Компир | | | Грав | | |
| 2020 | 12 627 | 191 775 | 15 199 | 4 429 | 5 955 | 1 356 |
| 2021 | 12 310 | 178 233 | 14 483 | 4 273 | 4 990 | 1 169 |
| 2022 | 12 223 | 194 891 | 15 992 | 4 310 | 4 926 | 1 161 |
| 2023 | 12 235 | 182 755 | 15 214 | 4 073 | 5 380 | 1 329 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024 | 11 848 | 199 629 | 16 852 | 3 815 | 4 500 | 1 180 |
| 2024/2023 | 96,8 | 109,2 | 110,8 | 93,7 | 83,6 | 88,8 |
| | Зелка | | | Леќа | | |
| 2020 | 4 531 | 126 547 | 28 016 | 71 | 80 | 1 127 |
| 2021 | 4 446 | 117 897 | 26 530 | 67 | 66 | 990 |
| 2022 | 4 690 | 123 557 | 27 154 | 60 | 83 | 1 383 |
| 2023 | 4 708 | 132 352 | 28 172 | 64 | 50 | 1 078 |
| 2024 | 4 713 | 159 689 | 33 882 | 59 | 51 | 870 |
| 2024/2023 | 100,1 | 120,7 | 120,3 | 92,2 | 102,0 | 80,7 |
| | Домати | | | Пиперки | | |
| 2020 | 5 475 | 155 131 | 28 449 | 9 275 | 204 919 | 22 187 |
| 2021 | 5 570 | 154 164 | 27 692 | 9 776 | 222 926 | 22 810 |
| 2022 | 5 620 | 151 187 | 26 935 | 9 740 | 237 624 | 24 414 |
| 2023 | 5 668 | 116 383 | 20 541 | 9 635 | 247 417 | 25 711 |
| 2024 | 5 597 | 115 681 | 20 668 | 9 480 | 247 476 | 26 108 |
| 2024/2023 | 98,7 | 99,4 | 100,6 | 98,4 | 100 | 101,5 |
| Лук | | | | Кромид | | |
| 2020 | 967 | 4 904 | 5 092 | 3 628 | 63 447 | 17 517 |
| 2021 | 974 | 4 373 | 4 495 | 3 622 | 63 861 | 17 631 |
| 2022 | 926 | 4 440 | 4 795 | 3 494 | 66 246 | 18 960 |
| 2023 | 901 | 5 509 | 6 114 | 3 385 | 61 030 | 18 030 |
| 2024 | 878 | 5 875 | 6 691 | 3 308 | 69 084 | 20 884 |
| 2024/2023 | 87,4 | 106,6 | 109,4 | 97,7 | 113,2 | 115,8 |
| | Бостан | | | Краставица | | |
| 2020 | 5 181 | 124 972 | 24 149 | 953 | 49 112 | 52 080 |
| 2021 | 5 336 | 126 809 | 23 832 | 1 066 | 52 950 | 49 905 |
| 2022 | 5 079 | 123 895 | 24 612 | 1 030 | 48 190 | 47 478 |
| 2023 | 4 892 | 124 314 | 25 443 | 1 064 | 31 657 | 29 809 |
| 2024 | 5 077 | 136 721 | 26 999 | 1 103 | 32 794 | 29 759 |
| 2024/2023 | 103,8 | 111,0 | 106,1 | 103,7 | 103,6 | 99.8 |

Извор: ДЗС, Земјоделски површини и растително производство, 2025 година

Во 2024 година зголемено производство во споредба со градинарско производство во 2023 година е значително кај:

-зелка за 20,7%;
-бостан за 11%
-кромид 13,2%
-компир за 9,2%
-лук 6,6%
-краставица 3,6% и
-леќа 2%

Преглед на површините и производство на градинарски култури (меѓупосев) 2020-2024 година

| | Година | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Грав-меѓупосев | Ожнеана површина во хектари | 8 175 | 8 216 | 7 650 | 7 196 | 7 046 | 97,9 |
| | Вкупно производство во тони | 5 149 | 4 717 | 5 913 | 5 054 | 4 390 | 86,9 |
| | Кг по хектар | 630 | 574 | 773 | 702 | 623 | 88,7 |
| Компир-меѓупосев | Ожнеана површина во хектари | 293 | 307 | 334 | 243 | 248 | 102,1 |
| | Вкупно производство во тони | 1 651 | 1 582 | 1 995 | 1 425 | 1 354 | 95 |
| | Кг по хектар | 5 635 | 5 152 | 5 972 | 5 866 | 5 460 | 93,1 |
| Зелка-меѓупосев | Ожнеана површина во хектари | 1 188 | 1 079 | 801 | 118 | 125 | 105,9 |
| | Вкупно производство во тони | 41 913 | 35 661 | 25 946 | 3 880 | 3 620 | 93,3 |
| | Кг по хектар | 35 281 | 33 050 | 32 392 | 32 881 | 28 960 | 88,1 |

Извор: ДЗС 2025

Површините засеани со компир како меѓупосев во 2024 година (248 ха) се зголемени за 2,1% во споредба со површините засеани во 2023 година (243 ха), а вкупно производство е намалено за 5%, како и приносот исто така е намален за 6,9% во споредба со приносот во 2023 година.

Во однос на гравот како меѓупосев ожнеаните површини во 2024 година се намалени за 2,1%, вкупно производство е намалено за 13,1%, а исто така е намален и принос по хектар за 11,3% во споредба со 2023 година.

Во 2024 година ожнеана површина со зелка како меѓупосев е зголемена за 5,9%, додека вкупното производство е намалено за 6,7%, како и пронос по хектар за 11.9%.

### 10.5.1. Градинарско производство во заштитени простори без загревање – пластеници

Согласно податоците на МЗШВ, во 2024 година раноградинарското производство во заштитени простори без загревање (пластеници) беше застапено на површина од околу 4 490 ха и вкупно оствареното производство од околу 174 715 тони.

Најзастапена култура која беше засадена во пластеници е зелката, на површина од околу 2 694 ха со остварено производство од околу 85 502 тони. Следува благиот пипер со површина од околу 885 ха со остварено производство од 33 710 тони. Трета најзначајна култура во овој вид на производство е доматот кој беше застапен на 709 ха со остварено производство од околу 50 695 тони. Пластеничкото производство на компир се одвиваше на површина од 131 ха со остварено производство од 3 329 тони, а на млад лук на површина од 18 ха со годишно производство од 220 тони. Младите кромидчиња се застапени на 26 ха, со годишно производство од 369 тони.
Градинарско производство во заштитени простори без загревање–пластеници, 2024 г.

| култура | обрана површина во ха | | | остварено пр-во во тони | | | остварен просечен принос во тони/ха | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | земјод. претпр. | индив. земј. произв. | Вкупно | земјод. претпр. | индив. земј. произв. | Вкупно | земјод. претпр. | индив. земј. произв. |
| Домат | 709 | 24 | 685 | 50 695 | 1 750 | 48 945 | 72 | 73 | 71 |
| Компир | 146 | 15 | 131 | 3 329 | 400 | 2929 | 23 | 27 | 22 |
| Благ пипер | 885 | 1 | 884 | 33 785 | 75 | 33 710 | 38 | 75 | 38 |
| Лут пипер | 10 | 0 | 10 | 370 | 0 | 370 | 37 | 0 | 37 |
| Млади лукчиња | 18 | 0 | 18 | 220 | 0 | 220 | 12 | 0 | 12 |
| Млади кромидчиња | 26 | 0 | 26 | 369 | 0 | 369 | 14 | 0 | 14 |
| Зелка | 2 694 | 13 | 2 2681 | 85 907 | 405 | 85 502 | 32 | 31 | 32 |
| Краставица | 2 | 0 | 2 | 40 | 0 | 40 | 20 | 0 | 20 |
| Останати култури | 29 | 10 | 19 | 1 480 | 800 | 680 | 51 | 80 | 36 |
| Вкупно: | 4 490 | 53 | 4 437 | 174 715 | 2 630 | 172 085 | 39 | 50 | 39 |

Извор: МЗШВ

### 10.5.2. Градинарско производство во оранжерии

Градинарското производство во оранжерии во производната 2024 година беше застапено на вкупно 95 ха, со вкупно производство од околу 3 311 тони.

Најзначаен раноградинарски производ е зелката кој е застапен на површина од 27 ха со остварено производство од околу 700 тони. Втора по значење култура е доматот засаден на површина од 12 ха, со остварено производство од околу 1 220 тони.

Извор:МЗШВ

| култура | расадена површина ха | очекувано пр-во тони | обрана површина ха | вкупно остварено пр-во тони |
|---|---|---|---|---|
| домат | 12 | 1 220 | 12 | 1 180 |
| краставица | 8 | 690 | 8 | 690 |
| благ пипер | 0 | 0 | 0 | 0 |
| зелка | 27 | 700 | 27 | 700 |
| кратка краставица | 12 | 800 | 12 | 741 |
| останати култури | 36 | 1 200 000 парчиња | 36 | 1 150 000 парчиња |
| ВКУПНО: | 95 | 3 410 | 95 | 3 311 |

## 10.6. Овоштарство

Површините под овошни насади во 2024 година опфаќаат околу 16 934 ха или 3,3% од вкупната обработлива површина (506 586 ха).

Споредено со минатата година забележано е зголемување на вкупните површини под овошни насади за 511 ха или за 3,1%.

Производството на јаболки е главна гранка од овоштарскиот сектор во Република Северна Македонија и зафаќа околу 64,3% од вкупното производство на овошје. Најзначајни реони за производство на јаболка се езерските (Ресенско-Охридски), каде се произведува околу 75% од вкупните количества на јаболка.

Во 2024 година во однос на 2023 година е забележано значително зголемување на производството кај сите овошја. Најголемо зголемување на производството е забележано кај јаболката за 59.1 % и кај црешите за 41.0 %, а намалувањето на производството е забележано кај дуња за 10%.

Преглед на вкупен број на стебла, родни стебла и производство на овошје во тони (2020-2024) година

| Година | | | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на стебла | Вкупно | Круши | 491 746 | 461 744 | 473 473 | 453 373 | 438 682 | 96,8 |
| | Родни | | 467 445 | 450.194 | 461 336 | 438913 | 426 859 | 97,3 |
| Производство | Вкупно (тони) | | | 6.631 | 10 327 | 6 075 | 8 114 | 133,6 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 8 790 | | | | | |
| | kг/стебло | | 19 | 15 | 22 | 14 | 19 | 135,7 |
| Број на стебла | Вкупно | Цреши | 259 591 | 264.372 | 304 486 | 293 932 | 284 736 | 96,9 |
| | Родни | | 242 360 | 254.615 | 295 158 | 280 511 | 278 330 | 99,2 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 6 258 | 4.716 | 5 768 | 3 928 | 5 537 | 141,0 |
| | kг/стебло | | 26 | 19 | 20 | 14 | 20 | 142,9 |
| Број на стебла | Вкупно | Кајсии | 217 670 | 221.826 | 277 019 | 273 065 | 274 599 | 100,6 |
| | Родни | | 207 004 | 211.503 | 259 961 | 253 025 | 255 615 | 101,0 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 3 434 | 2584 | 5 312 | 3 417 | 4 780 | 139,9 |
| | kг/стебло | | 17 | 12 | 20 | 13 | 19 | 146,2 |
| Број на стебла | Вкупно | Јаболки | 4 896 536 | 4.436.301 | 4 449 513 | 4 085 691 | 4 271 409 | 104,5 |
| | Родни | | 4 804 837 | 4.387.634 | 4 367 232 | 4 056 034 | 4 097 362 | 101,0 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 105 794 | 92.863 | 164 530 | 80 283 | 127696 | 159,1 |
| | kг/стебло | | 22 | 21 | 38 | 20 | 31 | 155,0 |
| Број на стебла | Вкупно | Сливи | 1 779 911 | 1.720.409 | 1 711 577 | 1 527 968 | 1628361 | 106,6 |
| | Родни | | 1 718 622 | 1.659.405 | 1 643 370 | 1 477 013 | 1 588 348 | 107,5 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 34 983 | 27.031 | 39 512 | 21 313 | 28 750 | 134,9 |
| | kг/стебло | | 20 | 16 | 24 | 14 | 18 | 128,6 |
| Број на стебла | Вкупно | Вишни | 1 111 068 | 943.250 | 884 460 | 976 257 | 967 250 | 99,1 |
| | Родни | | 1 054 895 | 913.384 | 857 307 | 895 549 | 890 775 | 99,5 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 9 892 | 8.372 | 8 725 | 6 144 | 7 857 | 127,9 |
| | kг/стебло | | 9 | 9 | 10 | 7 | 9 | 128,6 |
| Број на стебла | Вкупно | Праски | 564 299 | 559.851 | 563 455 | 535 620 | 534 739 | 99,8 |
| | Родни | | 537 507 | 551.875 | 552 898 | 529 792 | 528 182 | 99,7 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 12 765 | 6205 | 12 311 | 6 157 | 8 154 | 132,4 |
| | kг/стебло | | 24 | 11 | 22 | 12 | 15 | 125,0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на стебла | Вкупно | Ореви | 236 198 | 234.125 | 261 294 | 248 550 | 255 973 | 103,0 |
| | Родни | | 187 736 | 186.405 | 206 861 | 230 190 | 210 715 | 102,3 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 5 387 | 4.667 | 6 165 | 4 189 | 5 520 | 131,8 |
| | kг/стебло | | 29 | 25 | 30 | 18 | 26 | 144,4 |
| Број на стебла | Вкупно | Дуњи | 76 351 | 79.834 | 68 793 | 66 915 | 67 208 | 100,4 |
| | Родни | | 68 692 | 77.277 | 66 439 | 64 278 | 63 497 | 98,8 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 1 617 | 1.556 | 1 502 | 1 434 | 1 291 | 90,0 |
| | kг/стебло | | 24 | 20 | 23 | 22 | 20 | 90,9 |
| Број на стебла | Вкупно | Бадеми | 109 742 | 106.931 | 111 958 | 106 681 | 98 265 | 92,1 |
| | Родни | | 89 164 | 94.929 | 90 406 | 90 504 | 92 582 | 102,3 |
| Производство | Вкупно (тони) | | 801 | 633 | 801 | 411 | 703 | 171,0 |
| | kг/стебло | | 9 | 7 | 9 | 5 | 8 | 160,0 |

Извор: Површини и производство на посеви, по години, по општини, според НТЕС 2013

**10.7. Лозарство и винарска индустрија**

Виното, после тутунот, е вториот најважен производ во однос на извозната вредност на земјоделските производи.

Лозовите насади во Република Северна Македонија се со неповолна старосна структура. Причини за оваа состојба има повеќе, како што сефрагментирани парцели кои се резултат на долгогодишното „ситнење“ на обработливите површини, обичаите за наследство,традицијата за неформалните релации на пазарот на земјиште идолгиот временски период на слабо инвестирање.

Повеќе од 60% од лозовите насади се постари од 15 години кои треба да бидат цел на инвестиција за нивно обновување (копачење/пресадување) за да се одржи производствениот (квантитативен и квалитативен) потенцијал.

Вардарскиот и Југоисточниот регион имаат најголем удел во родните лозови површини. По своите климатски карактеристики, Република Северна Македонија е класифицирана како една географска област – реон за производство на регионално вино (трпезно вино со географска

ознака), па поради тоа, сите трпезни вина со географска ознака произведени во земјата носат иста географска ознака „реон Македонија".

Географските области на потекло погодни за производство на вина со контролирано потекло (ВКП) се виногорјата кои ги има вкупно 16 и тоа: Скопско, Велешко, Тиквешко, Гевгелиско-Валандовско, Струмичко-Радовишко, Овчеполско, Кочанско-Виничко, Кумановско, Кратовско, Пијанечко, Прилепско, Битолско, Преспанско, Охридско, Кичевско и Тетовско виногорје.

Вина со географски назив се: регионални вина (или трпезни вина со географска ознака – ВГО), вина со контролирано потекло (ВКП) и вина со контролирано потекло и гарантирано потекло (ВКГП) . Заради заштита на географското потекло на виното областите погодни за производство на вино со географски назив се делат на: реони, виногорја, локалитети, месности и ограничени единици.

Со новиот Законот за виното ( „Службен весник на РСМ" бр. 74/24 и 208/24) системот на заштитата на географските индикации на виното во целост се усогласени со европското законодавство, предвидувајќи истите да се заштитуваат на национално и меѓународно ниво со заштитена ознака за потекло или заштитена географска ознака. Традиционалниот назив на виното на национално и меѓународно ниво се заштитува со традиционална ознака.

Вината со географска ознака ќе треба да исполнуваат одредени барања во однос на квалитет или географски карактеристики, односно да бидат произведени од грозје кое потекнува исклучиво или во најголем дел од дефинираното географското подрачје и производството на вино се одвива во дефинираното географско подрачје.

Преглед на површини под лозови насади и производство на грозје, 2016-2024 година (винско и трпезно грозје)

| Година | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Површина (хектари) | 23 192 | 23 398 | 24 088 | 24 468 | 23 976 | 23 776 | 23 425 | 22 353 | 21 984 |
| Производство на грозје (тони) | 333 319 | 180 349 | 294 497 | 258 960 | 317 550 | 269 131 | 265 556 | 149 006 | 205 571 |

Извор: Државен завод за статитстика

Лозовите насади во 2024 година учествуваат со околу 4 % од вкупното обработливо земјиште. Според податоците од Државниот завод за статистика (ДЗС), вкупната површина под лозови насади во Република Северна Македонија останува стабилна, со благо намалување во последните две години, при што површините под лозови насади во 2024 година се намалени за околу 2% во споредба со површините во 2023 година, додека производството на грозје (винско и трпезно) во 2024 е зголемено за 28% во однос на 2023 година.

Производството на грозје во последните неколку години е релативно стабилно. Во површините под лозови насади, винските сорти грозје учествуваат со околу 80%, од што бели сорти се 40%, а црвени 60%. Најзастапени црвени вински сорти се: Вранец, Каберне Совињон, Мерло, Сирах, а од белите сорти: Смедеревка, Рајнски и Италијански Ризлинг, Шардоне,

Темјаника и др. Од трпезните сорти на грозје доминираат: Афус-Али, Кардинал, Мускат Италија, Мускат Хамбург, Бело Зимско, Викторија, Мишел Палиери, Рибиер и др. Во лозарството вклучени се околу 25 000 фарми, од кои околу 70% се индивидуални стопанства, а 30% се земјоделски фирми.

Република Северна Македонија има поволни климатски услови за одгледување на трпезно грозје со добар квалитетот кое му овозможува висок извозен потенцијал. Извозот на трпезно грозје е исто така променлив, односно од вкупно 20 720 тони во 2018 година и 12 625 тони во 2023. Трпезното грозје најмногу се произведува во вардарскиот регион, следат југоисточниот и североисточниот регион.

Специфичните климатски услови во Република Северна Македонија овозможуваат одгледување на трпезни сорти со различен период на созревање и тоа од многу рани, рани, средно доцни, доцни до многу доцни како и безсемени сорти.

Во 2023 година остварен е извоз на трпезно грозје во количина од  12.625 тони, а во 2024 година 13 360 тони, односно извозот е зголемен за 5,8% во однос на извозот во 2023 година.

Преглед на вкупно извезено трпезно грозје (во тони), 2018-2024 година

| Година | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трпезно грозје | 20.720 | 19.571 | 20.065 | 17.515 | 15.340 | 12.625 | 13.360 |

Извор: Државен завод за статистика

Преглед на откупот на винско грозје од домашни винарски визби (2018-2024 година)

| Година | Произведено винско грозје од индивидуални земјоделски стопансства и големи компании производители на грозје (во кг) | Произведено винско грозје од сопствени насади на винариите (во кг) | Вкупна берба (во кг) |
|---|---|---|---|
| 2018 | 122.136.680 | 16.730.392 | 138.867.072 |
| 2019 | 105.729.058 | 12.511.596 | 118.240.654 |
| 2020 | 105.337.520+<br>15.653.353 (Ковид 19 поддршка) | 16.712.360 | 137.703.233 |
| 2021 | 88.238.668 | 28.368.152 | 116.606.820 |
| 2022 | 76.173.838 | 16.941.505 | 93.115.343 |
| 2023 | 47.411.635 | 14.898.089 | 62.310.724 |
| 2024 | 68.577.141 | 12.079.858 | 80.656.999 |

Извор: Државен инспекторат за земјоделство

Откупот на грозјето во 2024 година се движеше со зголемување на откупени количини во однос на 2023 година во која имаше неповолни временски услови. Согласно доставените податоци од Државниот инспекторат за земјоделство, од страна на винарските визби откупени се вкупно 68.577.141 кг грозје,  што е за околу 44,6% зголемен откупот во однос на 2023 година. Што

се однесува на вкупната берба заедно со сопствени насади во 2024 година зголемена за 23% во однос на 2023 година.

### 10.7.1. Регистар на лозови насади

Регистарот на лозови насади, како дел од регистрите на постојани насади (лозов, овошен и регистар на насади под маслинки) е интегриран во рамките на СИЗП, вклучувајќи ги и специфичните податоци кои се однесуваат на површини, сорти, година на подигнување, растојание помеѓу редовите, систем на одгледување, систем за наводнување и подлога.

Во Република Северна Македонија под лозови насади се евидентирани вкупно 22.353 ха. Доколку се земе во предвид дека најмалку 50% од дополнителните недефинирани долгогодишни насади, ќе припаднат на лозови насади (приближно 3.500 ха), вкупните површини под лозови насади би достигнале околу 33.400 ха. Вкупниот број на регистрирани винарски визби до крајот на 2024 година изнесуваше 277, со вкупен капацитет од над два милиони хектолитри. Вкупниот капацитет за преработка на грозје во вино е два пати поголем од годишното производство на вино.

Севкупниот тренд на зголемување на бројот на винарски визби се уште е присутен, имајќи во предвид дека во 2003 година имаше само 28 регистрирани винарски визби.

Преглед на производство на вино од 2020-2024 година

| Година | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно производство на вино (илјади литри) | 93.589 | 83.465 | 83.720 | 60.160 | 66.067 |

Извор: Државен завод за статистика

Просечното годишно производство на вино во последните пет години е околу 80 милиони литри. Трендот на производството на вино укажува на благо зголемување во 2024 година, на количините на производство на вино за околу 9% во однос на производство на вино во 2023 година.

## 11.Сточарство

### 11.1 Број на добиток, живина и пчелни семејства

Во Република Северна Македонија сточарството во најголема мерка е застапено во ридско-планинските предели во периметар на северната, западната и источната граница со широчина на појасот од 10-80 км. Овие региони се граничат со регионите за производство на поледелски култури со што се зголемува интеракцијата од аспект на искористувањето на нус производите од поледелството во исхраната на добитокот.

Преглед на број на добиток, живина и пчелни семејства од 2020 – 2024 година

| | Говеда | | Свињи | | Овци | | Кози | Коњи | Живина | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Млечни крави и стелни јуници | Вкупно | Маторици и спрасни назимки | Вкупно | Овци за приплод | | | | |
| 2020 | 222 202 | 117 462 | 164 074 | 16 668 | 630 634 | 476 914 | 95 008 | 9 154 | 1 643 462 | 309 568 |
| 2021 | 177 622 | 105 421 | 186 146 | 18 399 | 633 281 | 489 579 | 75 753 | 11 140 | 1 484 025 | 312 623 |
| 2022 | 164 751 | 105 553 | 182 604 | 19 209 | 646 488 | 498 383 | 80 186 | 10 659 | 1 561 933 | 290 879 |
| 2023 | 148 693 | 75 901 | 193 412 | 18 825 | 587 073 | 423 285 | 85 528 | 10 104 | 1 746 029 | 306 415 |
| 2024 | 143 953 | 80 810 | 179 682 | 15 996 | 517 178 | 363 132 | 97 918 | 7 815 | 1 573 294 | 316 925 |
| 2024/ 2023 | 96,8 | 106,5 | 92.9 | 85 | 88,1 | 85,8 | 114,5 | 77,3 | 90,1 | 103,4 |

Извор: Државен завод за статистика 2025

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2024 година, во споредба со 2023 година, вкупниот број говеда е намален за 3,2 %. Намалување на бројот на говедата е забележано кај индивидуалните земјоделски стопанства, како и кај деловните субјекти.

Бројот на свињите во 2024 година, во споредба со 2023 година, е намален за 7.1 %. Зголемување на бројната состојба на свињите за 27.1 % е забележано кај деловните субјекти.

Вкупниот број овци во 2024 година бележи пад од 11.9 %.

Во истиот период, бројот на козите бележи пораст за 14.5 %.

Бројот на живината во 2024 година, во споредба со претходната година, е намален за 9.9 %.

### 11.2 Говедарство

Говедарството во Република Северна Македонија е најзастапено во ридско-планинските региони по должината на северната, западната и источната граница. Расна структура вклучува млечни раси на говеда, но застапени се и комбинираните раси за месо и млеко.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2024 година, во споредба со 2023 година, вкупниот број на говеда е намален за 3,2%. Намалување на бројот на говедата е забележано кај индивидуалните земјоделски стопанства за 2,3%, а кај деловните субјекти (земјоделските претпријатија и земјоделските задруги) намалувањето изнесува 38,7%.

Според податоците од Државниот завод за статистика во Република Северна Македонија, вкупен бројот на говедата за 2024 година изнесува 143 953 грла, од кои 80 810 се млечни крави и стелни јуници, што преставува зголемување за 6,5% на овие категории, во споредба со 2023 година (75 901 грла).

Во 2024 година број на млечните крави во Република Северна Македонија изнесува 73 522 грла, што преставува зголемување на бројот млечни крави за 6,2% или за 4 308 грла, во споредба со бројот на млечнитее крави во 2023 година (69 214 грла).

| Година | Вкупен број на говеда | Говеда стари до 1 год. - телиња за колење | Говеда стари до 1 год. - машки грла | Говеда стари до 1 год. - женски грла | Говеда стари од 1 до 2 год. - машки грла | Говеда стари од 1 до 2 год. - женски грла за колење | Други говеда стари од 1 до 2 год. | Говеда стари над 2 год. - машки грла | Говеда стари над 2 год. - јуници за колење | Говеда стари над 2 год. - стелни јуници | Говеда стари над 2 год. - млечни крави | Дру гове стар 2 год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 222 202 | 4 955 | 21 765 | 30 399 | 5 503 | 979 | 9 091 | 5 464 | 2 018 | 9 705 | 107 721 | 2 |
| 2021 | 177 622 | 6 332 | 17 890 | 24 717 | 3 672 | 1275 | 4 180 | 3 685 | 881 | 7 204 | 98 217 | |
| 2022 | 164 751 | 4 929 | 16 151 | 18 827 | 2 094 | 755 | 4 057 | 3 320 | 814 | 5 291 | 100 242 | |
| 2023 | 148 693 | 4 656 | 18 098 | 22 238 | 2 066 | 768 | 5 566 | 4 481 | 1 254 | 6 687 | 69 214 | |
| 2024 | 143 953 | 4 981 | 13 977 | 19 721 | 2 875 | 1 037 | 4 818 | 3 561 | 1 855 | 7 288 | 73 522 | 1 |
| 2024/2023 | 96.8 | 107.0 | 77.2 | 88.7 | 139.2 | 135.0 | 86.6 | 79.5 | 147.9 | 109.0 | 106.2 | 75 |

Извор: ДЗС, 2024

## 11.3 Овчарство

Овчарството во Република Северна Македонија во голема мерка се базира на мали индивидуални и семејни фарми, со големина на стадо од 20 до 200 овци, а поретко со над 300 со комбинирана производна насока (млеко, месо и волна).

Расната структура на популацијата на овци во Република Северна Македонија сочинуваат оплеменета „праменка", застапена со „овчеполски соj" и „шарплянински соj".

Во последно време се зголемува бројноста на мелезите од расите „виртемберг" (за производство на месо) и „аваси" (за производство на млеко). Автохтоните праменки се застапени со 48%, мелезите со 42 % и 10 % останати раси (виртембершка, аваси, плевенска-црноглава, источнофризиска и др.)

Овчо млеко завзема 7,9 % од вкупно производство на млеко во република.

**Преглед на број на овци, производство на овчо млеко и волна, 2020-2024 год.**

| Година | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на молзни овци | 451 110 | 487 254 | 464 922 | 388 271 | 340 401 | 87,7 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Производство на овчо млеко<br><br>(во илјади литри) | 26 925 | 34 812 | 38 675 | 30 750 | 25 698 | 83,6 |
| Просечна млечност по молзна овца<br><br>(во литри) | 60 | 71 | 83 | 79 | 75 | 94,9 |
| Производство на волна<br><br>(во тони) | 768,8 | 865 | 823 | 726 | 755 | 104 |
| Просек по стрижена овца<br><br>(во килограми) | 2,0 | 1,7 | 2,0 | 1,7 | 2,0 | 117,6 |

Извор: ДЗС, 2025

Според официјалните статистички податоци од Државниот завод за статистика за 2024 година, бројот на овците изнесувал 517 128 грла, од кои 340 401 се молзни овци, со просечна годишна млечност по овца од 75 литри.

Намалување на производството е забележано кај овчото млеко за 16,4 % во споредба со производството во 2023 година, односно вкупното производство на овчо млеко во 2024 година изнесуваше 25 698 илјади литри, додека вкупното производство на овчо млеко во 2023 година изнесуваше 30 750 илјади литри.

Најголем дел од млеко се преработува во овчо сирење, а помали количини се преработуваат во овчи кашкавал, кисело млеко и сурутка. Млечните и производи од овчо млеко имаат добар извозен потенцијал поради високиот квалитет.

Намалување на просечна млечност по овца во 2024 година (75 л/овца) изнесува 5,1% во однос на млечноста во 2023 година претходната година (79 л/овца).

Во 2024 година вкупното производство на волна изнесува 755 тони, со просечно производство од 2,0 кг/овца, што претставува зголемување на вкупното производство на волна од 4%, во однос на производство на волна и просек по овца за 17,6%, во споредба со просек по стрижена овца во 2023 година.

### 11.4 Козарство

Козарството како сточарска гранка е најзастапено кај индивидуалните земјоделски стопанства, додека само мал процент на козите се одгледуваат кај деловните субјекти.

Расниот состав на козите главно е од типот на балканска коза со изразено присуство на мелези од Санската раса, но има и козарски фарми кои располагаат со подобрен расен состав од расата Алпина.

Во 2024 година, бројот на козите бележи пораст за 14,5 % (97 918 грла), во споредба со бројот на кози во 2023 година кога бројната состојба изнесуваше 85 528 грла.

Козјо млеко учествува со 4,8% во вкупно производство на млеко во Република Северна Македонија.

| Година | Вкупно кози | Јариња | Кози, женски грла за приплод | Јарци и други кози |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 95 008 | 17 546 | 72 877 | 4 585 |
| 2021 | 75 753 | 13 303 | 57 881 | 4 569 |
| 2022 | 80186 | 16 265 | 57 561 | 6 360 |
| 2023 | 85 528 | 15 092 | 64 541 | 5 895 |
| 2024 | 97 918 | 20 425 | 71 507 | 5 986 |
| 2024/2023 | 114.5 | 135.3 | 110.8 | 101.5 |

Преглед на број на молзни кози, производство на козјо млеко 2020-2024 година

| Година | Број на молзни кози | Просек по молзна коза, литри | Производство на козјо млеко, 'ооо литри |
|---|---|---|---|
| 2020 | 70 132 | 222 | 15 567 |
| 2021 | 60 552 | 273 | 16 538 |
| 2022 | 54 216 | 253 | 13 702 |
| 2023 | 68 485 | 207 | 14 159 |
| 2024 | 68 205 | 226 | 15 392 |
| 2024/2023 | 99,6 | 109,2 | 108,7 |

Извор:ДЗС, 2024

Вкупното производство на козјо млеко во 2024 година изнесува 15 392 илјади литри, што претставува зголемено производство на козјо млеко во споредба со 2023 година за 8,7%.

Во 2024 година просечниот принос на млеко кај козите е 226 литри по молзна коза, односно забележана е зголемена млечност по коза за 19 л/коза или за 8,7% во споредба со млечноста по коза во 2023 година.

Поради релативно високите цени на преработките од козјо млеко, сé повеќе фармери се опремуваат со објекти за преработка на ниво на фарма со цел производство на специјални видови на козјо или мешано сирење.

**11.5 Свињарство**

Согласно податоците на Државен завод за статистика регистрирани се 9 категории свињи со бројна состојба прикажани во прегледот за бројната состојба на свињите по категории.

Бројот на свињите во 2024 година, во споредба со 2023 година, е намален за 7,1 %.Вкупен број на свињите кај деловните субјекти е зголемен за 27,1%, додека ка кај индивидуални земјоделски стопанства, бројо е намален за 23,4%

Зголемување на бројот на свињите во 2024 година во споредба со 2023 година е забележан кај категорија Свињи за гоење - од 51 до 80 кг за 5,2%, Свињи за гоење - над 110 кг за 41,6% и Свињи за приплод - спрасни назимки за 36,4%

Намалување на бројната состојба во 2024 година е забележано кај категорија Прасиња до 20 кг, Свињи од 21 до 50 кг и Свињи за приплод – маторици.

Преглед на бројна состојба на свињи по категории 2020-2024 година

| | Вкупен број на свињи | Прасиња до 20 кг | Свињи од 21 до 50 кг | Свињи за гоење - од 51 до 80 кг | Свињи за гоење - од 81 до 110 кг | Свињи за гоење - над 110 кг | Свињи за приплод - назимки | Свињи за приплод - спрасни назимки | Свињи за приплод - маторици | Свињи за приплод - нерези |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 164 074 | 44 053 | 27 329 | 28 122 | 24 200 | 21 975 | 1 294 | 2 065 | 14 603 | 433 |
| 2021 | 1861 46 | 44 626 | 29 899 | 29 059 | 31 349 | 30 882 | 1 548 | 1 871 | 16 528 | 384 |
| 2022 | 182 604 | 46 961 | 35 405 | 24 142 | 28 164 | 26 475 | 1 573 | 2 658 | 16 551 | 675 |
| 2023 | 193 412 | 52 709 | 36 682 | 26 338 | 33 944 | 22 105 | 2 052 | 1 847 | 16 978 | 757 |
| 2024 | 179 682 | 36 325 | 31 857 | 27 714 | 33 673 | 31 297 | 2 064 | 2 519 | 13 477 | 756 |
| 2024/2023 | 92,9 | 68,9 | 86,8 | 105,2 | 99,2 | 141,6 | 100,6 | 136,4 | 79,4 | 99,9 |

Извор: ДЗС, 2025

**11.6 Живинарство**

Бројот на живината во 2024 година, во споредба со претходната година, е намален за 9.9 %

Вкупниот број на живина во 2024 година изнесува 1 573 294 броја, од кој на кокошки несилки отпаѓа 1026434 броја или 65,2%.

Бројот на несилките е намален за 20,9%, производство на јајца е намалено за 18,6% и просек по кокошка е зголемен за 2,8%.

Околу 82,9% или 1 304 621 броја отпаѓа на одгледување на живина во индивидуален сектор, додека помал процент од 17,1% или 268 673 броја отпаѓа на одгледување на живина во деловните субјекти.

Преглед на број на живина и производство на јајца, 2020-2024

| Показател | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на живина | 1 643 462 | 1 484 025 | 1 561 933 | 1 746 029 | 1 573 294 | 90,1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Кокошки несилки | 1 188 239 | 1 060 401 | 1 089 502 | 1 297 453 | 1026434 | 79,1 |
| Производство на јајца (во илјада парчиња) | 183 152 | 130 914 | 148 395 | 185 645 | 151 087 | 81,4 |
| Просек по кокошка носилка, парчиња | 134 | 123 | 136 | 143 | 147 | 102,8 |

Извор: ДЗС, 2025

## 12. Органско земјоделско производство

Развојот на органското земјоделско производство во Република Северна Македонија продолжува и се одржува согласно мерките утврдени во политиките за поддршка утврдени во Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021–2027 година и Програмата за органско земјоделско производство за 2024 година. („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.17/24, бр.198/24 и бр.253/24), потребна за реализација на планираните активности.

Во 2024 година се забележува благо намалување на бројот на органските оператори (субјекти) во органското производство од 0,99% во однос на претходните две години.

Преглед на број на органски оператори, 2022-2024 година




Извор: МЗШВ

Според состојбата на вкупното обработливо земјиште во 2024 година, под растително органско земјоделско производство евидентирани се вкупно 4.616 ха. Вкупната површина без угар изнесува 4.376 ха, во кои најголемо учество во растителното органско производство имаат

житните култури со 40%, фуражните култури со 22%, овошни насади со 20% индустриските/аро-матичните/лековити растенија со 13%, лозови насади со 4,65% и градинарските култури со 0,35%.

Во сточарското органско производство водечка гранка е овчарството со 88,11% од вкупното органско сточарско производство. Говедарството учествува со 7,68%, козарството со 4,08% и живината 0,13% во вкупното сточарство. Во пчеларското органско производство вкупниот број на пчелни семејства во периодот од 2022 година изнесува 10.072 пчелни семејства и 10.944 пчелни семејства во 2023 година и во 2024 година изнесува 11.169 семејства.

Преглед на број на пчелни семејства, 2022-2024




| | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|
| Број на пчелни семејства | 10.072 | 10.944 | 11.169 |

Извор: МЗШВ

Согласно, Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот од 2021–2027 година, финансиската поддршка на органското производство продолжува и во 2024 година. Поддршката за органското пориизводство во 2024 година е за 30% повисока од висината на дирекните плаќања за конвенционалното производство за фуражни култури, 50% за полјоделски култури, сточарско и пчеларско производство, 70% за овоштарство и лозарство и 100% за градинарско производство, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство и покривање на 80% од трошоците за извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материии на почва и во органски производи.

Поддршката за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло изнесува 10% од вредноста на произведените и продадени производи, но не повеќе од 150.000,00 денари по оператор и 30.000 денари по сертифициран органски производ од растително и сточарско производство, за не повеќе од пет сертифицирани органски преработени производи. Поддршката за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи, но не повеќе од 150.000 денари по оператор.

## 13. Рибарство

Вкупното производство на риба во Република Северна Македонија се однесува на аквакултурното производство, уловот од комерцијалниот риболов на отворените риболовни води како и уловот при вршење рекреативен риболов.

Рибите од риболовните води за вршење комерцијален и организирање рекреативен риболов (освен од водите за кои постојат посебни акти за забрана) се даваат на користење на правни субјекти со објавување на јавен повик за период од дванаесет години, согласно одредбите од Законот за рибарство и аквакултура („Сл. весник на РСМ" бр. 64/24). Корисниците на риби имаат обврски да ги заштитат и да обезбедат одржливо користење на рибите од риболовните води. Сите активности се регулирани со потпишан договор и во согласност со одредбите од законот и неговите подзаконски акти.

Аквакултурно производство (одгледување на риба) вршат правни и физички лица кои исполнуваат потребни услови согласно законските одредби и се запишани во Регистарот на вршители на аквакултура.

Производството на поважните видови риби за периодот 2020-2024 година е прикажан во прегледот подолу.

**Преглед на производство на одделни видови на риба 2020-2024 година**

| Вид риба | 2021* | 2022* | 2023* | 2024* |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно кг. | Вкупно кг. | Вкупно кг | Вкупно кг |
| Пастрмка | 1.580.684 | 1.698.702 | 1.596.604 | 1.726.145 |
| Крап | 304.799 | 238.496 | 361.769 | 619.294 |
| Сом | 5.140 | 5.246 | 10.041 | 9.014 |
| Јагула | - | | - | - |
| Други | 23.303 | 114.347 | 104.927 | 120.537 |
| Вкупно | 1.913.926 | 2.056.791 | 2.073.341 | 2.474.990 |

Извор: ДЗС

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2024 година, вкупното производство на риба изнесува 2.475 тони и во однос на 2023 година е поголем за 19.4 %.

Со вршење комерцијален риболов покрај пастрмката и крапот како позначајни економски видови се изловуваат и јагулата, сомот, црвеноперката, белвицата, кострешот, линишот и други.

Уловот од комерцијалниот риболов во вкупното производство на риба учествува со 8.3%, додека со вршење на рекреативниот риболов се ловат околу 1.3% разни видови риба.

Во вкупниот улов, ладноводните видови риба (пастрмките) учествуваат со 69.7 %, а топловодните видови риба (крап, сом) со 30.3 %.

Во однос на 2023 година, уловот на пастрмка е поголем за 8.1 %, додека уловот на топловодни видови риба е поголем за 57.1 %.

Во 2024 година во однос на 2023 година, забележано е зголемување на аквакултурното производство за 24.7 %.

Аквакултурното производство изнесува 2.337 тони и учествува со 94.4 % во вкупното производство на риба.

## 14. Добиточно производство

### 14.1 Производство на млеко во 2024 година

Во Република Северна Македонија во 2024 година е произведено вкупно 323 407 илјади литри млеко, од кои 87,3% отпаѓа на кравјо млеко, 7,9% на овчо млеко и 4,8% на козјо млеко.

| | Број на молзни крави | Просек по молзна крава, литри | Производство на кравјо млеко, 'ооо литри | Број на молзни овци | Просек по молзна овца, литри | Производство на овчо млеко, 'ооо литри | Број на молзни кози | Просек по молзна коза, литри | Производство на козјо млеко, 'ооо литри |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 111 083 | 3 648 | 405 217 | 451 110 | 60 | 26 925 | 70 132 | 222 | 15 567 |
| 2021 | 106 632 | 3 062 | 326 523 | 487 254 | 71 | 34 811 | 60 552 | 273 | 16 538 |
| 2022 | 97 451 | 3 328 | 324 290 | 464 922 | 83 | 38 675 | 54 216 | 253 | 13 702 |
| 2023 | 79 021 | 3 016 | 238 328 | 388 271 | 79 | 30 750 | 68 485 | 207 | 14 159 |
| 2024 | 76 945 | 3 669 | 282 317 | 340 401 | 75 | 25 698 | 68 205 | 226 | 15 392 |
| 2024/2023 | 97.4 | 121.7 | 118.5 | 87.7 | 94.9 | 83.6 | 99.6 | 109.2 | 108.7 |

Производството на кравјо млеко во 2024 година изнесува 282 317 илјади литри, што е за 18,5% повеќе во однос на производство во 2023 година, а исто така зголемена е и просечната млечност по крава за 21,4%, односно млечноста во 2024 година изнесува 3669 л/крава, додека во 2023 година изнесуваше3 016 л/крава .

Намалување на производството е забележано и кај овчото млеко за 16,4 % во 2024 година (25 698 илјади литри) во однос на претходната година (30 750 илјади литри), поради намален број на молзни овци за 12,3% во споредба со бројот на молзни овци во 2023 година. Зголемување на производство на млеко е забележано кај козјо млеко за 8,7% во 2024 година.

### 14.2 Производство на месо во 2024 година

Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, вкупно производство на месо во Република Северна Македонија во 2024 година изнесува 21 430 тони и во споредба со произведеното месо во 2023 година од 22 069 тони, производство на месото е намалено за 2,9%.

**Преглед на производство на месо во тони од 2020-2024 година**

| | Вкупно производство на месо во тони | Говедско месо | Свинско месо | Овчо месо | Живинско месо |
|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 23 493 | 3 886 | 14 930 | 3 183 | 1 494 |
| 2021 | 24 584 | 4 214 | 15 578 | 3 097 | 1 695 |
| 2022 | 23 842 | 4 415 | 13 493 | 3 992 | 1 942 |
| 2023 | 22 069 | 4 024 | 12 080 | 3 891 | 2 074 |
| 2024 | 21 430 | 4 135 | 11 880 | 3 418 | 1 997 |
| 2024/2023 | 97,1 | 102.8 | 98.3 | 87.8 | 96.3 |

Извор: Државен завод за статистика

Според податоци од Државен завод за статистика, намалувањето на произведено месо е забележано кај сите категории на месото, освен кај говедското месо, каде производство во 2024 година е зголемено за 2,8% или за 111 тони. Намалувањето на производство на свинското месо е за 1,7%, на овчо за 12,2% и на живинско за 3,7% во спредба со производство во 2023 година. Најголемо учество во производството на вкупно производство на месо има категорија свинско месо со 55,4%, следи говедското со 19,3%, овчо со 15,9% и најмало учество има живинското месо со 9,3%.




**14.3 Производство на мед, цените на медот и на пчелните производи**

Цената на медот продолжи да расте и во 2024 година со што се задржа трендот на пораст на цената како и во изминатите години . Просечната најзастапена цена на медот на пазарите на мало во 2024 година изнесуваше 623,04 ден/ кг, што претставува зголемување за 4,13% во однос на цената во 2023 година.

Во 2024 година поленот се продаваше во просек по 1.125,00 ден/кг, пчелиниот восок достигна цена од 620,00 ден/кг, а прополисот на пазарот се нудеше во просек од 4.600,00ден/кг.




Цени на мед и пчелни производи за 2023 и 2024 година

| Вид на пчелни производи | Просечна цена за 2023 година | Просечна цена за 2024 година | Индекс (%) |
|---|---|---|---|
| Мед -кг | 598.35 ден. | 623.04 ден. | 4.13% |
| Полен -кг | 1,133.33 ден. | 1,125.00 ден. | -0.74% |
| Прополис -кг | 5,450.00 ден. | 4,600.00 ден. | -15.60% |
| Пчелин восок -кг | 670.00 ден. | 620.00 ден. | -7.46% |
| Матичен млеч -1 гр | 150.00 ден. | / | / |

## 15. Фитосанитарна политика

Фитосанитарната управа (ФУ) во рамки на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во соработка со останатите надлежни служби (Државната фитосанитарна лабораторија – ДФЛ, Државниот инспекторат за земјоделство - ДИЗ) вклучени во фитосанитарниот систем редовно ги спроведува активностите врзани со здравјето на растенијата и со одржливата употреба на производите за заштита на растенијата.

### 15.1 Државна фитосанитарна лабораторија

Државната фитосанитарна лабораторија (ДФЛ) како орган во состав на МЗШВ извршува специфични дијагностички испитувања за утврдување на здравјето на растенијата, лабораториски анализи за квалитетот на семенскиот и саден материјал и хемиски тестирања за квалитетот на фитофармацевските производи кои се користат во земјоделскиот сектор, како и контрола на содржината на резидуи од пестициди, анализа на квалитет на вино, квалитет на ѓубрива, нитарти/нитрити, тешки метали и микотоксини во храна од растително потекло.

Државната фитосанитарна лабораторија од 15 март 2013 год. е акредитирана од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија и работи во согласност со меѓународниот стандард за лаборатории МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Државната фитосанитарна лабораторија располага со 89 акредитирани методи, кои беа потврдени по успешно реализираната надзорна посета од страна на аудиторите од Институтот за акредитација на РСМ и е оценета како лабораторија во постојан развоен процес за подобрувањето на системот за управување со квалитет и имплементирањето на нови напредни методи во сите области на дијагностицирање.

Во текот на 2024 година тековно се реализираа тендерите во рамките на планот за јавни набавки на МЗШВ за обезбедување како на потребните хемикалии и реагенси, калибрација и сервисирање на опремата, така и за набавка на нова специјализирана лабораториска опрема.

Со цел одржување и подобрување на знаењето и лабораториските вештини на вработените од секторот за растителни болести и штетни органзими беше потпишан Договор помеѓу ДФЛ и ЕУ референтната лабораторија CREA DC од Италија за трансфер на биолошки референтен материјал со цел спроведување на меѓулабораториско тестирање со методот на ELISA во лабораторијата за вирусологија, меѓулабораториско тестирање со методите на IF, PCR и микроскопирање во лабораториите за бактериологија, микологија, ентомологија и нематологија. Овие тестирања воедно се дел од подготвителните активности за наредниот период кога е планирано да се акредитираат нови дијагностички методи со Real Time PCR. Освен тоа, беа реализирани обуки за вработените од лабораториите за нематологија и ентомологија од страна на експерти ангажирани во рамките на Twining проектот за зајакнување на капацитетите на фитосанитарниот систем и беше реализирана студиската посета на ЕУ референтната лабораторија CREA DC во Рим, Италија за вработените од лабораториите за вирусологија и молекуларна дијагностика.

Вработените од Секторот за аналитичка хемија и анализа на ѓубриња и Секторот за испитување на семе, саден материјал и сортна чистота во текот на 2024 година, учествуваа во профишенси тестовите за докажување на компетенции на аналитичарите и дијагностичарите организирани од БИПЕА, Франција согласно годишен план изработен за 2024 година.

Државна фитосанитарна лабораторијата е организирана во три сектори со различен број одделенија и воспоставени лаборатории согласно долунаведениот органограм, и тоа:

1. **Сектор за растителни болести и штетни организми**

1.1 Одделение за растителни болести

1.1.1.1 Лабораторија за бактериологија
1.1.1.2 Лабораторија за вирусологија
1.1.1.3 Лабораторија за молекуларна дијагностика
1.1.1.4 Лабораторија за микологија

1.2 Одделение за штетни организми

1.2.1 Лабораторија за нематологија

1.2.2 Лабораторија за ентомологија

**2. Сектор за аналитичка хемија и анализа на ѓубрива**

2.1 Одделение за аналитичка хемија

2.1.1 Лабораторија за аналитичка хемија

2.2 Одделение за испитување ѓубрива

2.2.1 Лабораторија за испитување на ѓубрива

**3. Сектор за испитување на семе, саден материјал и сортна чистота**

3.1 Одделение за семе, саден материјал и сортна чистота

3.1.1 Лабораторија за семе и саден материјал

3.1.2 Лабораторија за квалитет на земјоделски производи и сортна чистота

3.2 Одделение за административно-техничка поддршка

Органограм на структурната организација на Државата фитосанитарна лабораторија




Во **Секторот за растителни болести и штетни организми** се вршат специјализирани лабораториски испитувања на растенија, растителни производи и други објекти за дијагностицирање и детерминирање на растителни болести и штетни организми согласно усвоени меѓународни и EPPO протоколи.

**Секторот за аналитичка хемија и анализа на ѓубриња** реализира активности во лабораторијата за контрола на квалитетот на производите за заштита на растенија и одредување резидуи од пестициди во примарното земјоделско производство. Статутарните надлежности на секторот се определени согласно барањата на ЕУ Директивата 91/414 и ЕУ Директивата 788-2012 и вклучуваат: - испитување на содржината на активната супстанца во производите за заштита на растенија, - определување резидуи од пестициди во храна од растително потекло со LC/MS/MS метода. Воведена е нова метода за анализа на хербицидот глифосат и негови деривати (вкупно 5 пестициди), и истата е акредитирана. Во скрининг техника на GC/MS/MS воспоставена е метода за резидуи од 150 пестициди како backup на LC/MS/MS, така што моментално на GC/MS/MS може да се анализираат над 350 резидуи од пестициди. Со LC/MS/MS техниката се анализираат 260 резидуи од пестициди, односно вкупно 610 со напомена дека идната 2025 година се планира овој број да надмине 700 активни супстанции. Секторот за аналитичка хемија и анализа на ѓубриња дава подршка на извозно оретнираните компании кои вршат извоз на земјоделски производи (овошје и зеленчук и нивни преработки) на ЕУ пазарите преку навремена анализа за резидуи од пестициди како и за макро и микро елементи кои се законски регулирани.

**Секторот за испитување на семе, саден материјал и сортна чистота** извршува контрола за квалитет (чистота, ʼртност, влага и маса на 1000 зрна семе) согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, а хармонизирани според меѓународните ISTA методи. По извршените анализи за испитување на квалитетот на семенскиот и саден материјал согласно добиена акредитација, Државна фитосанитарна лабораторија издава „Сертификат за квалитетот на семето на земјоделски растенија ".

**15.2 Лабораториски анализи реализирани во 2024 година**

Своите услуги ДФЛ ги обезбедува за потребите на МЗШВ, субјектите во фитосанитарниот систем, компании во приватна сопственост (со основна дејност производство, откуп, дистрибуција и ставање во трговија) и целокупниот земјоделски сектор. Во 2024 година во ДФЛ се извршени вкупно 3 534 анализи*.*

**<u>По сектори прегледот на реализирани анализи во 2024 е следен:</u>**

**Сектор за аналитичка хемија и анализа на ѓубрива** има извршено вкупно 1666 анализи. Во табелата и графикот подолу дадени се детални информации за извршените анализи на фитофармацевтски производи, резидуи од пестициди, макро- и микроелементи, како и анализа на квалитетните својства на вино, а согласно статутарните надлежности на ДФЛ.

Преглед на вид и број на извршени анализи

| Бр. | Вид на анализа | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Анализа на фитофармацевски производи | 12 |
| 2 | Анализа на резидуи од пестициди во овошје, зеленчук, нивни преработки и вино | 1.047 |
| 3 | Анализа на макро- и микроелементи и елементи во трага | 426 |
| 4 | Анализа на квалитетни својства на вино | 181 |
| Вкупно | | 1.666 |




Од вкупно 977 донесени примероци за анализа на резидуи од пестициди, вкупниот број на позитивни примероци, односно, несообразности во однос на ЕУ воспоставените максимално дозволени нивоа (MRL), вклучувајќи ги и органските производи изнесува 16, односно 1,64 % како што е дадено во долунаведената табела и график.

Преглед на позитивни примероци од извршени анализи

| Начин на производство | Вк. број на примероци | Позитивни примероци | % |
|---|---|---|---|
| Конвенционално производство на овошје и зеленчук | 830 | 15 | 1,81 |
| Органско производство на овошје и зеленчук | 147 | 1 | 0,06 |
| Вкупно | 977 | 16 | 1,64 |



**Сектор за испитување на семе, саден материјал и сортна чистота** има извршено вкупно 620 анализи. Имено во 2024 година извршени се испитувања на 175 примероци за 4 параметри (ртност, влага, чистота и апсолутна маса) кои ги одредуваат минималните услови за квалитет на семенскиот материјал и се задолжителни да бидат исполнети согласно Правилникот за квалитет на семе и саден материјал за да се стави семенскиот материјал во трговска мрежа. Вкупниот број на извршени анализи изнесува 620 во мостри семенски материјал од домашни производители. Во табелата подолу даден е табеларен преглед на анализирани примероци за одредување на квалитетот на семе кај земјоделските растенија и квалитетот на земјоделските производи за 2024 година.

Преглед на број на примероци и извршени анализи по култури

| Бр. | Култура | Вкупен број на примероци | Вкупен број на анализи |
|---|---|---|---|
| 1. | Пченица | 95 | 416 |
| 2. | Јачмен | 69 | 179 |
| 3. | Добиточен грашак | 4 | 16 |
| 4. | Тритикале | 2 | 3 |
| 5. | Пченка | 3 | 3 |
| 6. | Пиперка | 1 | 1 |
| 6. | Луцерка | 1 | 2 |
| Вкупно | | 175 | 620 |

**Секторот за растителни болести и штетни организми** во вкупно 990 донесени мостри за анализа се извршени 1.248 анализи. Во табелата и графикот подолу даден е преглед на анализираните карантински микроорганизми (растителни болести и штетници) по шестте дијагностички лаборатории со вкупен број анализи по лаборатории и вкупен број анализирани организми по лаборатории како и видовите анализирани организми по лаборатории, чиј број е различен и варира од една до друга дијагностичка лабораторија. Најголем број организми се дијаностицираат во лабораторијата за ентомологија (40), а најмалку во лабораторијата за молекуларна дијагностика (4), иако се преземени активности за верификација на протоколи за напредна молекуларна дијагностика во сите лаборатории како конформативна. Сите лабораториски анализи и анализирани организми се извршени согласно мониторинг програмата за 2024 година.

Преглед на извршени анализи по лаборатории и анализирани организми

| Бр. | Дијагностички лаборатории | Вк. број донесени примероци/Вк. број анализи по лабораториии/Вк. број анализирани | Анализирани организми |
|---|---|---|---|

| | | организми по лаборатории | |
|---|---|---|---|
| 1. | Лабораторија за дијагностика на бактерии (ЛДБ) | 362/446/14 | *Ralstonia solanacearum*, *Clavibacter michiganensis* ssp. *sepedonicus*, *Clavibacter michiganensis* ssp. *michiganensis*, *Xylella fastidiosa*, *Xylophilus ampelinus*, *Pseudomonas syringae* pv. *persicae*, *Acidovorax citruli*, *Erwinia amylovora*, *E. stewartii*, *Xanthomonas arboricola* pv. *pruni*, *X. campestris* pv. *vesicatoria*, *X. campestris* pv. *phaseoli*, *X. arboricola* pv. *corylina*, *Pseudomonas syringae* pv. *actinidae* |
| 2. | Лабораторија за дијагностика на габи (ЛДГ) | 85/89/16 | *Synchitrium endobioticum*, *Alternaria mali*, *Phytiphtora ramorum*, *Fusarium circinatum*, *Monilinia fructicola*, *Peronospora tabacina* |
| 3. | Лабораторија за дијагностика на вируси (ЛДВ) | 123/143/10 | *Potato spindle tuber viroid*, *Tomato ringspot virus*, *Tobacco ringspot virus*, *Chrisanthemum stem necrosis tospovirus*, *Pepino mosaic potexvirus*, *Tomato brawn rugose fruit virus*, *Plum pox potyvirus*, *Tomato yellow leaf curl begomovirus*,, *Tobacco mosaic virus*, *Hop latent viroid* |
| 4. | Лабораторија за молекуларна дијагностика (ЛМолД) | 70/70/4 | *Grapevine flavescence doree*, *Cabdidatus phytoplasma pyri*, *Candidatus phytoplasma prunorum*, *Candidatus phytoplasma mali* |
| 5. | Лабораторија за дијагностика на нематоди (ЛДН) | 115/213/10 | *Globodera palida*, *G. rostochiensis*, *Meloidogyne chitwoodi*, *M. fallax*, *Meloidogyne* spp., *Bursaphelenchus xylophilus*, *Ditylenchus dipsaci*, *D. destructor*, *Xiphinema* spp., *Longidorus* spp. |
| 6. | Лабораторија за дијагностика на инсекти (ЛДИ) | 229/281/40 | *Epitrix cucumeris*, *E. papa*, *E. subcrinita*, *E. tuberis*, *E.pitrix* spp., *Scaphoideus titanus*, *Aromia bungii*, *Grapholita inopinata*, *Ceratitis capitata*, *Bactrocera doszalis*, *B.zonata*, *Halyomorpha halys*, *Anthonomus eugenii*, *Liriomysa sativae*, *L. trifolii*, *L. huidobrensis*, *Amauromyza maculosa*, *Bemisia tabaci*, *Tuta absoluta*, *Thrips palmi*, *Spodoptera frugiperda*, *S. eridania*, *S. litura*, *S. litoralis*, *Popillia japonica*, *Agrilus anxius*, *A. planipennis*, *Anoplophorac hinensis*, *A.glabripennis*, *Thaumatotibia leucotreta*, *Diabrotica virgifera*, *Quadraspidiotus perniciosus*, *Frankliniella occidentalis*, *Helicoverpa armigera*, *Ephestia ekutella*, *Lasioderma serricorne*, *Fungus gnats*, *Trogoderma granarium*, *Tecia (Scrobipalpopsi) spolanivora*, *Drosophila suzuki* |
| Вкупно (за сите лаборатории) | | | 1248 |




| | ЛДБ 1 | ЛДИ 2 | ЛДВ 3 | ЛДН 4 | ЛДГ 5 | ЛМолД 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк. број на донесени примероци | 362 | 229 | 123 | 115 | 85 | 70 |
| Вк. број на извршени анализи | 446 | 281 | 143 | 213 | 89 | 70 |
| Вк. број на организми | 14 | 40 | 10 | 10 | 16 | 4 |

### 15.3 Здравје на растенијата

Активностите на ФУ поврзани со здравјето на растенијата, спроведени во 2023 година се следните:

- Предлог-текстот на Законот за здравјето на растенијата со кој се транспонираат двете регулативи, Регулативата (ЕУ) 2016/2031 и Регулативата за официјална контрола (ЕУ) 2017/625 е финализиран и е во процес на јавни консултации помеѓу релевантните засегнати страни.
- Предлог-законот утврдува правила за утврдување на фитосанитарните ризици што ги предизвикуваат штетниците за растенијата на територијата на Република Северна Македонија и ја регулира здравствената заштита на растенијата, обврските и фитосанитарни мерки за спречување на влез, ширење, искоренување, задржување и следење на растителните штетни органими процедури за движење, транзит, воведување и извоз на пратки од растенија, како и размена на информации и фитосанитарен информациски систем, расходи и надоместоци, надлежности и обврски на властите, давателите на јавни услуги и имателите на јавни овластувања и извршување на официјални контроли и други официјални активности на надлежните органи и други прашања од областа на здравјето на растенијата. Се планира да се донесе во 2024 година.
- Спроведена е програма за фитосанитарна политика за 2023 година, која опфаќа фитосанитарен мониторинг поврзан со здравствената состојба на стратешките земјоделски култури: семенски и меркантилен компир, шумски видови, овошје, винова лоза, градинарски култури на отворени и затворени простори и тутунски растенија. Програмата ја подготвува Фитосанитарната управа, фитосанитарните инспектори вршат визуелни проверки и каде што е потребно земање мостри и лабораториско дијагностика.
- Јавно овластените институции (Факултет за земјоделски науки и храна, Земјоделски институт и Шумарски факултет) одговорни за извршување на задачите поврзани со здравјето на

растенијата, се вклучени во спроведувањето на програмата Мониторинг за здравјето на растенијата 2023 година во 2024 година, во особено, истражување на приоритетните штетни организмии, вклучително и дополнителни штетни организми кои се од национален интерес

- Програмата за фитосанитарна политика за 2024 е подготвена и усвоена („Службен весник" број 13/24)
- Редовно се ажурира здравствениот статус на растенијата за да се утврди присуство/отсуство на регулирани штетни организми врз основа на достапните податоци од програмите за мониторинг, официјалните контроли, издадените пасоши на растенијата, публикациите на истражувачите итн.
- Ажуриран е каталогот за селектирани растителни штетници што опфаќа фитосанитарна активност, карти за идентитет на штетни организми на карантински штетници и Истражувачки протоколи за карантински штетн организмии за 2024 година
- По усвојувањето на новиот Закон за здравје на растенијата, веќе се подготвени и ќе се донесат следните акти:
- План за фитосанитарни активности (документ за стратегија за политики)
- предлог Правилник за заштитни мерки од штетници на растенијата соглано со измените на Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2019/2072;
- предлог Правилник за Службен регистар на професионални оператори;
- предлог Правилник за дрвен материјал за пакување;
- предлог Правилник за пасоши на растенијата според ЕУ Регулативата 2020/1770
- предлог подзаконски акти и стандардни оперативни процедури поврзани со карантинските штетни организми на компирот
- Ревидиран Општ генерален план за вонредни состојби
- Нацрт планови за итни ситуации специфични за штетници и комуникациска стратегија за подигање на јавната свест и предупредување за штетниците *Popillia japonica*, *Anoplophora chinensis и A. Glabripennis*, *Bactrocera dorsalis и B. zonata*, *Grapevine flavescence dorée*, *Rhagoletis pomonella*, *Spodoptera chinensis*, *A. овошен вирус*, *Thaumatotibia leucotreta*. Во наредниот период планови ќе се подготват и за други штетни организми.
- Подготвен Акционен план за идентификација на професионални оператори кои ќе бидат регистрирани во фиторегистарот;

Идни активности

Се планира континуирано зајакнување на капацитетите на надлежните служби во фитосанитарниот систем преку нови вработувања на стручни лица од областа на заштитата на растенијата и редовни обуки на вработените поради потребата за надградба на занаењата и за профисионален развој (*GD SANTE- BTSF*, *TAIEX*, *EFSA* итн.), како и преку ИПА проекти.

- ➢ Усвојување на Законот за здравје на растенијата усогласен со релевантното *acquis*, вклучувајќи обука/консултација со засегнатите страни,
- ➢ Донесување на акти за спроведување
- ➢ Назначување на надлежните органи за здравјето на растенијата, официјални контроли и други официјални активности
    - o Назначување на Национална референтна лабораторија

- Континуирана обука на персоналот во областа на здравјето на растенијата, официјални контроли и други официјални активности
- Повеќегодишни програми за истражување и собирање информации за карантински штетни организми
- Годишни истражувања за откривање на присуство на приоритетни и други карантински штетни организми
- Процедури за официјална потврда на карантински штетни организми
- Одговорности на професионалните оператори и подигање на јавната свест
- Мерки во случај на неусогласеност и за искоренување на карантински штетни организми во случај на појава
- Стратегии за управување (вклучувајќи и планови за вонредни ситуации) за одржување и подобрување на нашиот здравствен статус на растенијата
- Да се развие понатамошна соработка помеѓу надлежните органи во земјата и другите организации (ЕППО, ЕФСА, ЕУРЛ).
- Да се зголеми подготвеноста за одговор на заканата по здравјето на растенијата (да се вклучи компетентен научен капацитет за непосредните регулаторни и идни стратешки потреби)
- За да работат во согласност со Регулативата (ЕУ) 2017/625 (Официјални контроли), лабораториите имаат троен мандат: 1. Обезбедување рутинско тестирање за официјални контроли, 2. Развивање аналитички методи и 3. Обезбедување непристрасна проценка на ризик заснована на наука и експертиза за информирање на контролните и политичките одлуки.
- Кампања за зголемување на јавната свест за Фиторегистарот,
- Координирање на воспоставувањето иницијативи за обука
- Симулациска вежба за планови за итни ситуации специфични за шт штетни организми
- Подобрување на научните врски помеѓу академијата, индустријата.

## 15.4 Фитосанитарен информациски систем - ФИС

Во однос на дизајнирањето, понатамошното развивање и имплементација на Фитосанитарниот информациски систем (ФИС) во тек е ревидирање и развивање нов модул за официјални контроли и за мапирање на фитосанитарниот статус. Во моментов ФИС-от е оперативен.

- -Подготовка на нови компоненти/модули во рамки на Фитосанитарниот информациски систем (ФИС) за годишни и повеќегодишни мониторинг програми за карантински штетници;
- -Развој на понатамошни содржини од различни веб страници за споделување основни информации поврзани со законодавството, официјални документи и ФИС за пошироката јавност.
- -Развиена понатамошна содржина на различни веб-страници за пренесување основни информации од законодавството, официјалните документи и ФИС до јавноста,
- -Подготвени се препораки за внатрешно и надворешно работење за да се направи ФИС функционален

**Останато (тековна техничка поддршка)**

На почетокот на 2022 година започна со активности Твининг проектот МК 19 ИПА АГ 01 21 „Подобрување на административните и оперативните капацитети на службите за заштита на растенијата". Проектот нуди поддршка за сите активности во фитосанитарниот сектор. Целта на проектот е подобрување на ефикасноста на Националниот систем за заштита на растенијата, обезбедувајќи правилно спроведување на националните политики и европското законодавство. Проектот е поврзан со развој на политиките и на правна рамка, со управување, со фитосанитарните политики и нивно комуницирање и со официјални контроли врз база на ризик и други официјални активности. Проектот заврши на 29 февруари 2024 година.

На крајот на 2022 година започна Градење на капацитетите на ветеринарните и на фитосанитарните служби во Западен Балкан – Лот 2 – Здравје на растенија SANTE/2022/EA-OP/0001. Градење капацитети и подобрување на перформансите на надлежните служби во Западен Балкан за обезбедување поволен фитосанитарен статус за целиот регион на долг рок, како и запознавање и спроведување на пристапот One Health, во согласност со правото на ЕУ и најдобрите практики во оваа област. Активно учество во спроведувањето на Одлука на ЦЕФТА за Мешовитиот комитет на Централноевропскиот договор за слободна трговија од 2006 година за олеснување на трговијата со овошје и зеленчук со цел да се постигне олеснување на трговијата меѓу земјите-потписнички.

## 16. Управа за семе и саден материјал

Управата за семе и саден материјал во 2024 година ги реализира активностите кои произлегуваат од законската регулатива од областа на семенски и саден материјал за земјоделски растенијата и тоа:

- -Донесена е Програма за семе и саден материјал во 2024 година во износ од 1.500.000,00 денари од страна на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/24), потребна за реализација на планираните активности на Управата за семе и саден материјал за 2024 година.
- -Издадени се 65 решенија на снабдувачи за семенски и саден материјал, кои се запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски и саден материјал за производство, подготовка за пазар, трговија, увоз и извоз, кој го води Управата.
- -Нема издадено решенија за доделување на селекционерско право за земјоделски вид
    - Доставени се 5 пријави за испитување на нови сорти (VCU тест) и 1 барање за продолжување на сорта во национална сортна листа.
- -Во овластените ген банки сместени во Факултет за земјодлски науки и храна - Скопје, Научен Институт за тутун Прилеп – Прилеп и Земјоделски факултет при Универзитетот Гоце Делчев – Штип се чуваат и одржуваат 84 сорти од семенски материјал од земјоделски растенија и 152 сорти од саден материјал од овошни растенија, како референтни примероци кои се запишани во Националната сортна листа.
    - Во производната 2023/2024 година, пријавени за производство и сертификација на семенски материјал се 30 производители на семенски материјал од житни и

фуражни растенија и пријавени посеани површина за производство се: пченица 1.803 ха, јачмен 1,265 ха, тритикале 98 ха, сточен грашок 274 ха, луцерка 20,8 ха и тутун 9.7 ха.

- Во тековната година произведен е сертификациран семенски материјал од: пченица 5.832.324 кг., јачмен 4.914.000 кг., тритикале 105.525 кг., сточен грашок 276.400 кг., и тутун 1.400 кг.

Пријавен се 10 снабдувачи за производство и сертификација на саден материјал од овошни растенија, 4 снабдувачи за производство и сертификација на саден материјал од винова лоза.

Произведен е сертифициран саден материјал од:

1. Винова лоза:
   - лозови садници 720.750 броја
   - калем гранки – окца 4.095.000 број,
   - ожилени калеми 251.060 броја
   - резници од подлога 560.000 броја и
   - матични растенија 16.000 броја.

2. Овошни растенија:
   - овошни садници 882.550 броја
   - калем гранки 32.860 броја,
   - подлоги 28.500 броја,
   - изданоци 314.500 броја,
   - избојци 120.500 броја,
   - резници 2.000 броја,
   - окуланти 95.925 броја,
   - семеници 85.950 броја.
   - семе 400 кг. и
   - матични растенија 12.859 броја.

3. Украсни растенија – Пријавен е 1 снабдувачи за производство и сертификација на саден материјал од украсни растенија и сертифицирани се 148.760 броја саден материјал од украсни растенија.

4. Градинарски растенија - расад – Пријавен се 3 снабдувачи за производство и сертификација на саден материјал од градинарски растенија и сертифицирани се 2.163.000 броја расад од градинарски растенија.

Организирана е постконтрола на семенски материјал во овластени правни лица за 2024/2025 година и земени се 98 мостри (мостри и контролни мостри) – сорти од снабдувачи на семенски материјал за испитување од партии семе ставени во трговија, истите се поставени во опитни полиња за нивно испитување.

## 17.Агенција за храна и ветеринарство

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, кое е одговорна за вршење на работите од областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности од

областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарно јавно здравство како и контрола на националните референтни и овластени лаборатории кои даваат поддршка на работата на Агенцијата.

АХВ функционира на целата територија на Република Северна Македонија со седиште во Скопје, 29 Подрачни единици и на 10 инспекциски места на граничните премини за увоз на храна од животинско потекло и живи животни и 17 инспекциски места за увоз на храна од неживотинско потекло и предмети и материјали кои доаѓаат во контакт со храната.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за:

- Извршување на работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни,
- Спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствена заштита на животните,
- Заштита и благосостојба на домашните животните и на домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат за експериментални и други научни цели,
- Извршување на работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло,
- Идентификација и регистрација на фармските и други животни,
- Извршување на работите од областа на ветеринарно-медицински препарати,
- Контрола на квалитетот на храната, со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло,
- Други работи од значење на ветеринарното здравство, безбедноста на храната и храната за животни

Во моментов, системот за безбедност на храна и храна за животни и ветеринарно здравство, вклучително и надзорот и официјалните контроли, се регулирани со девет закони и подзаконските акти кои произлегуваат од истите:

**1**. Закон за безбедност на храната ("Службен весник на Република Македонија" 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/2014, 72/15, 84/15, 123/15 (пречистен текст), 129/15, 213/2015 39/2016 , 64/2018 и 209/2023 );

**2**. Закон за ветеринарно здравство ("Службен весник на Република Македонија " бр. 113/07, 24/11, 136/11,123/2012, 123/2015 (пречистен текст), 154/2015 и 53/2016)

**3**. Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија" бр 149/2014, 149/15 и 53/2016);

**4**. Закон за нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на Република Македонија" 129/2023)

**5**. Закон за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на Република Македонија" 95/2012 , 27/2014, 149/15 и 53/2016 )

**6**. Закон за ветеринарно медицински препарати ("Службен весник на Република Македонија" 42/2010, 136/2011, 149/15, 53/2016 и 241/2018);

**7**. Закон за безбедност на храна за животни ("Службен Весник на Република Македонија" 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/2015 и 53/2016))

**8**. Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" број 146/2009, 53/11, 149/15, 39/16, 132/2016)

**9**. Закон за инспекциски надзор ("Службен Весник на Република Северна Македонија" 102/2019)

Агенцијата за храна и ветеринарство има и надлежности и од 8 дополнителни закони:
**1**. Закон за заштита на потрошувачи („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 236/2022.)
**2**. Закон за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија"бр.140/2010; 53/2011, 55/2012, 106/2013, 116/2015, 149/2015, 193/2015, 39/2016), и („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 150/2021 , 129/23)
**3**. Закон за сточарство („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/2008, 116/2010, 23/2013, 149/2015, 39/2016), („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 122/2021)
**4**. Закон за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 64/2024.),
**5.** Закон за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија", бр. 35/2008, 163/2013, 146/2015), и („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 190/2021)
**6**. Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија ", бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 99/2018), и („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 89/2022, 171/2022)
**7**. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија", бр. 68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/2011, 54/2011, 163/2013, 10/2015, 147/2015, 31/2016) и („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 21/2021)
**8**. Закон за водите („Службен весник на Република Македонија", бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015, 52/2016), и („Службен весник на Република Северна Македонија", бр 151/2021)

### 17.1 Здравствена заштита на животните

Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да обезбеди здравствена заштита на животните преку спроведување на мерки на здравствена заштита како и спроведување на годишни и повеќегодишни програми за здравствена заштита на животните, редовно да ја следи идентификацијата и регистрацијата на животните како и да ја унапредува благосостојбата на животните. Регистрирани и одобрени се 7 нови ветеринарни друштва.

**Бруцелоза кај мали преживари**

Во однос на бруцелозата кај малите преживари се имплементираат мерките на надзор и контрола на согласно Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/16) и Програмата за изменување на програмата за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците и козите („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/19) преку земање на примероци за дијагностичко испитување на овците и козите и вакцинација против бруцелоза на подмладокот на возраст од три до шест месеци во определени населени места каде е потврдена бруцелозата кај овците и козите во последните две години. Во текот на годината се спроведуваат ретстирања на сите позитивни одгледувалишта на овци и кози.

Со оглед дека во земјата се спроведува вакцинација против бруцелоза кај овците и козите, а цел на АХВ е намалување на преваленцијата на 1% (на ниво на одгледувалиште) односно 0,05%

на индивидуално ниво на целата територија на Република Северна Македонија во наредните години согласно направените анализи за застапеноста на болеста бруцелоза се планира намалување на бројот на населени места каде ќе се спроведува вакцинација на одгледувалиштата против бруцелоза кај овците и козите.

Со цел да се забрза процесот на ерадикација на болеста ќе треба да се зајакне управувањето со жариштата преку навремено одземање на заболените животни, редовни тестирања/ретестирање и формирање на специјална работна група која подетално ќе ги анализира сите жаришта на бруцелоза и ќе може да донесе одлука за депопулација. Во случај кога со тестирањето се откријат заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари. Заболените грла се одземат и се колат, а за нив од Буџетот на РСМ се обезбедуваат средства за исплата на надомест на штета во висина на пазарната цена на одземените овци и кози. Трошоците за тестирањето на примероците на бруцелоза кај овците и козите и дијагностичкото испитување се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година.

Во периодот од 12.03.2024 година заклучно со 15.12.2024 година вкупно се вакцинирани 753 овци и кози во вкупно 28 одгледувалишта.

**Ентеротоксемија кај овци и кози**

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2024 година заради подобрување на епизоотиолошката состојба со болеста и намалување на морталитетот кај овците и козите е извршена превентивна вакцинација на сите овци и кози на територија на Република Северна Македонија. Во 2024 година вакцинацијата против ентерокосемија беше на товар на одгледувачите.

**Бруцелоза и Туберкулоза кај говеда**

Мерките кои се спроведуваат за контрола на бруцелозата и туберкулозата кај говедата се согласно Програмата за сузбивање и искоренување на Бруцелозата кај говеда и Програмата за сузбивање и искоренување на Туберкулозата кај говедата. Дијагностичкото тестирање–туберкулинизација и земањето примероци се спроведуваше до 15.12.2024 година, додека сите ре-тестирања и постапките за потврдување на позитивни реагенти на туберкулоза се одвиваа во текот на 2024 година. На дијагностичко испитување на бруцелоза подлежат сите говеда постари од шест месеци на целата територијата на РСМ. Со цел намалување на инциденцата на болеста важно е да се спроведува целосно епидемиолошка истрага и контрола на движењето на животните (да се почитуваат рестриктивните мерки во позитивните одгледувалишта и навремено одземање на животните кои дале позитивна реакција).

Доколку со тестирањето се откријат заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари. Спроведувањето на овие мерки е задолжително. Заболените грла се одземат и се колат, а за нив од Буџетот на Република Северана Македонија се обезбедуваат средства за исплата на надомест на штета во висина на пазарната цена на одземените говеда. Тестирањето на бруцелоза кај говедата е бесплатно за одгледувачите (трошоците за земањето на примероците и дијагностичкото испитување се на

товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните за тековната година).

Редовните годишни дијагностички испитувања на бруцелоза кај говедата се вршат во рокови зададени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, а ретестирања на сите позитивни стада континуирано се извршуваат во текот на годината. Во периодот на ре-тестирања се врши он-спот контрола и сеопфатно епидемилошко испитување со цел утврдување на изворот на инфекција задолжително во присуство на официјален ветеринар.

**Скрининг на други болести кај животните**

Со цел реобновување на статусот на земја слободна од болести (лигавка и шап, чума кај малите преживари и чума кај копитарите)Агенцијата спроведе серолошки мониторинг од примероците кои се земени во рамките на прогамите за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај овците, козите и говедата.

**Инфекција со вирусот на син јазик**

Имајќи во предвид дека во РСМ болеста син јазик историски ја имаше во последните 20 година со потврда на два вируленти серотипови во 2020 година серотип 9 и нова појава во 2014 година на серотип 4 која предизвика поголеми економски штети и имаше голем импакт во одржливоста на сточарството како и неговата повторна појава во 2020 година, укажува на тоа дека вирусот на син јазик серотип 4 има поволни услови за презимување и опстојување во околината и е во корелација со присуството и динамиката на векторите (инсектите).

Во октомври 2024 година во РСМ потврдено е присуство на нов серотип 8 на вирусот на син јазик во одгледувалиште на овци и кози во Демир Капија. Агенцијата веднаш донесе решение за контролни и заштитни мерки и целата земја ја прогласи за заштитна зона. После изминување од период од 60 дена од потврдата на болеста до Агенцијата не пристигна пријава на нов сомнеж на болеста со што решенито за заштитни мерки беше укинато. Со цел зајакнување на системот за рано откривање на болеста син јазик, Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните ја разгледува можност за воведување на активен надзор во 2025 година во одгледувалишта на овци, кози и говеда со цел утврдување на циркулација на вирусот или евентуално детекција на нови серотипови на болеста син јазик.

## 17.2 Заштита и благосостојба на животните

Подготвен текст на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, каде се инкорпорирани забелешките од засегнатите страни.

Во сегментот за одобрување на превозници за превоз на животни, поднесени се 20 барања од оператори и на нив е одговорено следно: 16 позитивно одговорени предмети за превозници за превоз на животни за кратки патувања, издадено е едно одобрение за превозник за превоз на животни на долги патувања, издаден е еден сертификат за превозно средство за превоз на животни за долги патувања додека два предмета се во постапка.

Постапувано е по 8 поднесени барања за издавање на одобренија на лица за спроведување на тест за социјализација на кучиња, издадени се 8 решенија за овластување на лица за спроведување на тест за социјализација на кучиња.

Издадени се 18 уверенија за компетентност на возачот и надзорниците на патувањето.

Регистарот на одобрени прифатилишта за бездомни кучиња и нерегистрирани кучиња, Регистарот со издадени решенија за овластување на лица за спроведување на тест за социјализација, Регистрите на превозниците за кратки и долги патувања како и регистарот на издадени уверенија за компетентност на возачот и надзорниците на патувањето се објавени и тековно се ажурираат на интернет страницата на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Согласно договорот за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на 2024 година има постапувано по 49 барања за издавање на мислења и потврди за исполнетост на условите за заштита и благосостојба на животните до АФПЗРР.

Во текот на 2024 година до Одделението за заштита и благосостојба на животните за одобрување се доставени 30 планови и програми од страна на општините во поглед на системот за контрола на популација на бездомни кучињаПостапено е по сите предмети.

Одобрување прифатилишта за бездомни кучиња: доставени се 6 барања за одобрување на прифатилишта за бездомни кучиња и нерегистрирани кучиња и по комисика контрола на документација и на лице место, на нив е одговорено следното: издадени се четири решенија за одобрување на прифатилишта, на едно прифатилиште му е издадено решение за укинување на одобрение за работа, додека за едно барње во тек е постапка на одобрување.

Реализирани се три седници на комисијата за заштита и благосостојба на животните, каде е дискутирано за тековните случувања. Одобрени се три проекти за користење на животни за научни цели.

Одделението за благосотојба на животни во 2024 година спроведе аудити во одгледувалишта за проверка на исполнетоста и примената на условите за благосостојба на животните од страна на одгледувачите. Активноста е спроведена во следните одгледувалишта, едно за живина-бројлери, три за кокошки несилки, едно за говеда, едно за свињи и во една институцуја за користење на животни за научни цели.

Активности за координација на проектот „Improved animal disease control and implementation of the food safety system”..

### 17.3 Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство

Во текот на 2024 година издадени се 20 решенија за одобрување на објекти и оператори со храна за производство, обработка и манипулација со храна од животинско потекло.

Преглед на вкупниот број на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло во Република Северна Македонија во 2024 година.

| **Објекти и оператори со храна од животинско потело одобрени согласно Законот за безбедност на храна** | **Вкупно одобрен** |
|---|---|

| Секција | Вид на објект | Трајно одобрени | Локализирани | Времено одобрение | Традиционално | Привремено решение за локализирана активност | и БОХ во РМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | Објекти со општа активност | 94 | | 2 | | | **96** |
| I | Месо од домашни чапункари | 22 | 1 | 1 | | | **24** |
| II | Месо од живина и зајаци | 4 | | | | | **4** |
| IV | Месо од дивеч | 4 | | | | | **4** |
| V | Мелено месо, подготовки од месо, МОМ | 20 | 3 | | | | **23** |
| VI | Производи од месо | 40 | 7 | 1 | | | **48** |
| VIII | Риба и производи од риба | 4 | | | | | **4** |
| IX | Свежо млеко и производи од млеко | 51 | 4 | 1 | 10 | 3 | **69** |
| X | Јајца и производи од јајца | 39 | 14 | | | | **53** |
| XI | Жабји батаци и полжави | 1 | | | | | **1** |
| XIII | Обработени желудници, мочни меури и црева | 1 | | | | | **1** |
| XVI | Мед | 16 | | | | | **16** |
| XVII | Мешовити производи | 1 | | | | | **1** |
| | **Вкупно:** | **297** | **29** | **5** | **10** | **3** | **344** |

Во текот на 2024 година од страна на АХВ изготвени се 61 гаранции за објекти/оператори со храна за извоз на производи од животинско потекло во трети земји и извршена е пријава на четири оператори за извоз на производи од животинско потекло во ЕУ.
Во текот на 2024 година извршено е евидентирање на вкупно 84 примарни производители и тоа:

| Ред бр. | **Активност - дејност** | Број |
|---|---|---|
| 1 | Директно снабдување на конзумни јајца | 3 |
| 2 | Директно снабдување на крајниот потрошувач на мали количини производи од млеко | 9 |
| 3 | Директно снабдување на крајниот потрошувач на мали количини риба | 1 |
| 4 | Директно снабдување на мед и други производи од мед | 69 |
| 5 | Регистриран објект и оператор со храна за производство на производи од месо од страна на примарен производител | 1 |
| 6 | млекомат | 1 |

### 17.4.Одобрување на објекти и оператори со храна за животни

Во текот на 2024 година извршено е одобрување на еден оператор со храна за животни и објект за производство, обработка и манипулација со храна за животни.

Од вкупно поднесените 28 барања за добивање решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни, за 27 барања е издадено решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни. За едно барање е издадено решение за одбивање на барањето за добивање решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни. Издадени се седум решенија за одземање на регистрацијата на операторот со храна за животни и/или објектот и истите се избришани од Регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни. Издадени се две решенија за измена на решение за запишување во регистарот на регистрирани објекти и оператори со храна за животни.

Во текот на 2024 година од вкупно поднесените11 барања за регистрација на увозници на храна за животни, за осум барања е издадено решение за запишување во регистарот на увозници на храна за животни. За три барања е издадено решение за одбивање на барањето за регистрација на увозник на храна за животни. Издадено е едно решение за одземање на решението за регистрација на увозник на храна за животни и истиот е избришан од Регистарот на увозници за храна за животни. Издадено е едно решение за измена на решението за запишување во регистарот на увозници на храна за животни.

## 18. Државен инспекторат за земјоделство

Државниот инспекторат за земјоделство во 2024 година ги реализираше своите поставени работни задачи и цели согласно „Годишниот план за работа на инспекциската служба за 2024 година".

Активностите и динамиката беа во насока на доследно спроведување на одредбите од законите и подзаконските акти кои се однесуваат кон работата на Инспекторатот, преку вршење на инспекциски надзори и преземање на инспекциски мерки, кај правни и физички лица кои работат во овие области согласно добиени сознанија, доставени информации, поднесени пријави, претставки и поплаки и сл.

Вршењето на работа од оваа област е со цел ефикасно спречување на неправилности и злоупотреби и е во насока на доследно спроведување на одредбите од законите и подзаконските акти.

Со примената на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на проценка на ризик и водење на постапките на инспекциски надзор се постигна поголема ефикасност и економичност при реализирање на активности за субјектите на надзор.

Општата оценка на реализација на зацртаните програмски цели и задачи е на високо ниво на нивно исполнување, квалитетно, ефективно, ефикасно почитувањето на роковите при остварување на месечните планови, како и "Годишниот извештај за работата на Државниот инспекторат за земјоделство за 2024 година (објавен извештај за 2024 година на https://www.mzsv.gov.mk)".

Државниот инспекторат за земјоделство во текот 2024 година имаше планирано 1949 редовни, 705 контролни и 38.039 вонредни, или вкупно 40.693 инспекциски надзори. Во текот на годината извршени се 1884 редовни, 662 контролни и 46.077 вонредни инспекциски надзори или вкупно 48.623 надзори. Во текот на годината, се укажува потреба да се зголемуваат на бројот на контролите и вонредните инспекциски надзори, што и тоа дојде до надминување на степенот на

реализација на годишниот план 2024 година на 119.49%, или по вид на надзор степенот на реализација е 96.66% (редовни надзори), 121.13% (вонредни надзори) и 93.90% (контролни надзори).

| 2024 | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупно инспекциски надзори** | **40693** | **48623** | **119.49** |
| **Редовни** | 1949 | 1884 | 96.66 |
| **Вонредни** | 38039 | 46077 | 121.13 |
| **Контролни** | 705 | 662 | 93.90 |

Инспекторатот евидентираше неправилности – изречени мерки посебно по закони. Изречени се вкупно 905 неправилности од кои според видот на инспекциски мерки: 161 опомени, 123 забрани, 42 наредби, 296 задолжувања, 11 други инспекциски мерки, 181 прекршочни налози, 79 барања за сторен прекршок -прекршочни пријави, 12 кривични пријави.

Бројот на донесени инспекциски мерки изнесува 905 во овој период и во однос на планираните инспекциски надзори (23243) имаат учество од 1,81 %, а во однос на извршените (25156) има 1,67 % учество.

Извршена беше проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој инспекциски сектор одделно во Државниот инспекторат за земјоделство, при што беа лоцирани сензитивните точки по закони каде инспекторатот, при вршење на инспекциски надзор во текот на 2025 година треба да обрне големо внимание.

За овој период, беа планирани 745 неправилности по ризични области додека реализацијата на инспекциски мерки (905) или тоа е 121,5 % од планирањето.

Од страна на Државните фитосанитарни инспектори на 11-единаесетте гранични премини и 9 -деветте места на утовар извршени се вкупно 42.815 инспекциски контроли на производи, од кои 16.122 производи при увоз, на 19.284 производи при извоз, на 4834 производи при провоз (транзит) и 2.076 производи при реекспорт. Во текот на на 2024 година извршени се фитосанитарни прегледи на 60.326 пратки од земјоделски и шумски растенија и растителни производи, дрвен материјал, семе и саден материјал, фитофармацевтски производи, ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата при увоз, извоз, провоз (транзит) и реекспорт.

Државните инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство постапуваа и по донесени програми и тоа:

При имплементација на Програмата за фитосанитарната политика за 2024 година од страна на државните фитосанитарни инспектори од вкупно предвидените 1315 штетни организми во рамките на фитосанитарниот мониторинг, земени се примероци за 1113 штетни организми, односно реализацијата е 85%, а од предвидените 15 мостри по Мониторинг програма во областа на производството, преработка, складирање, дистрибуција, употреба, и сообразноста на фитофармацевските производи земени се вкупно 13 мостри односно 87% на реализација. Во делот за резидуи од фитофармацевски производи во производи од примарно земјоделско производство од растително потекло од пре.двидените 164 земени се вкупно 137 мостри односно реализацијата е 83, 5%. При реализација на Програмата за фитосанитарната политика за 2024 година земени се вкупно 1263 мостри од предвидените 1496, со севкупен процент на реализација од 84,4%.

Имплементацијата на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квали.тетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2024 година (Сл. Весник на РСМ бр.15/24) ја координира Фитосанитарната управа, а мострите ги земаат Државниот инспекторат за земјоделство, преку државните инспектори за земјоделство, додека лабораториските анализи ги спроведува акредитирани лаборатории, постапувајќи по Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата.

При имплементација на Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2024 година, државните инспектори за земјоделство од вкупно предвидените 82 земаа 63 мостри од внатрешен промет и 14 мостри од производители, или севкупно 77 мостри.

Инспекторатот работите од својата надлежност ги извршува преку државните инспектори за земјоделство и рибочувари на државни риболовни води, кои ги чуваат државните риболовни води кои не се дадени на концесија за риби, од бесправен риболов и риболовни кражби.

Во рамките на работењето на Државниот инспекторат за земјоделство функционира и EXIM системот - едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти, (www.exim.gov.mk), проект на Владата на Република Северна Македонија, и истиот овозможува одобрување на поднесените барања за дозволи и издавање на дозволите од извршените контроли на пратките.

## 19.Шумарство – Сектор за шумарство и ловство

### 19.1 Општи карактеристики на шумарскиот сектор

Согласно Уставот на Република Северна Македонија, шумите се прогласени за добро од општ интерес при што уживаат и посебна заштита. Шумите како природно богатство, покрај економската, имаат и значајна социјална и општокорисна функција. Сите активности на стопанисување со шумите (одгледување, користење и заштита) се регулирани со Законот за шумите („Службен весник на РМ“, бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13 , 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 274/22).

На шуми и шумско земјиште во Република Северна Македонија отпаѓаат 1.159.600 ха (45% од целокупната територија), од кои вкупната површина под шума изнесува 804.380 ха (39% од целокупната територија). Од 1970 година до денес површината е зголемена за повеќе од 140.000 ха преку пошумување на голини и ерозивни земјишта воглавно заради заштитна функција.

Според потеклото, шумите се класифицирани како:

- високостеблени, кои зафаќаат помалку од 30% од вкупната површина под шуми (254.725 ха) и учествуваат со 61,6% во вкупната дрвна резерва,
- нискостеблени, кои зафаќаат 70% од вкупната површина под шуми (548.425 ха) и учествуваат со 38,4% во вкупната дрвна резерва и
- средностеблени на површина од 1.230 ха.

По состав, шумите се 82% лисјарски, 12% четинарски и мешани 6%. Вкупната дрвна маса изнесува 82.948.018 $м^3$, а вкупниот годишен прираст 1.567.289 $м^3$ со просечен годишен прираст од 1,94 $м^3$ по хектар. Планираниот годишен сечив етат (планирана годишна дрвна маса за сеча) изнесува околу 1.200.000 $м^3$.

Согласно податоците од посебните планови за стопанисување со шумите од декември 2020 година, идентификувани се и определени 2.298 ха шуми со заштитна намена, со цел да се заштитат изворите на вода, земјиштето од ерозија, хидроакумулациите и друго.

Според сопственоста, шумите во Република Северна Македонија се во државна и приватна сопственост. Шумите во државна сопственост зафаќаат 89% од вкупната површина под шуми, а по дрвна резерва нивното учество е 92,2%. Шумите во приватна сопственост зафаќаат 11% од вкупната површина под шуми и учествуваат со 7,8% во вкупната дрвна резерва. Стопанисувањето со шумите во државна сопственост го вршат ЈП „Национални шуми", (во чиј состав се наоѓаат 30 подружници - шумски стопанства) и други правни лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена.

### 19.2 Управување и стопанисување со шумските ресурси

Преку Програмата за проширена репродукција на шумите се обезбедуваат финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за реализација на следниве мерки: пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна и приватна сопственост, нега на шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани шуми, санирање на опожарени шумски површини, превентивна заштита на шумите, шумските култури и друго.

Во 2024година, преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2024 година се изврши пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна и приватна сопственост на вкупна површина од околу 21,84 ha , при што беа засадени околу 70.000 садници, а санирање на опожарени површини под шума и шумски култури на вкупна површина од 154 ха, при што беа засадени 385.000 садници.

Во Република Северна Македонија има 42 расадници за производство на шумски саден материјал наменет за пошумување и за хортикултурно уредување и озеленување, од кои 12 расадници се на ЈП „Национални шуми". Годишно во расадниците на ЈП "Национални шуми" со произведуваат околу 8.000.000 садници со семе од издвоени семенски состоини. Производството на посадочниот материјал се извршува по класична и контејнерска метода.

Дрвните видови кои се произведуваат се од автохтони и алохтони дрвни видови кои се од посебен интерес за шумарството, а помала количина се декоративни дрвни видови и грмушки кои својата примена ја наоѓаат во пејсажната архитектура.

Дел од видовата структура од шумски саден материјал е следнава: црн бор, бел бор, приморски бор, молика, смрча, ела, дуглазија, аризонски чемпрес, ариш, јасен, јавор, даб, багрем и други.

### 19.3 Заштита на шумите

Во 202 година, согласно податоците од ЈП „Национални шуми“, настанати се вкупно 250 пожари, при што е опожарена површина од 61.061.03 ha ха и изгорена е дрвна маса во количина од 318.489,00м$^3$.

Сите овие шумски пожари беа резултат на човечки активности, т.е. палење на стрништа во земјоделството, незаконско проширување на површините под пасишта за штета на шумите, невнимателно ракување со оган од несовесни граѓани и што е најкритично - случаи со намерно подметнување на пожар од познат/непознат сторител итн.

Центарот за управување со кризи во меѓувреме, согласно нејзините законски надлежности во делот на пожарите, преку апликација до JICA – Јапонската агенција за меѓународна соработка имплементира проект во својство на национален координатор со наслов „РАЗВОЈ НА ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ОД ШУМСКИ ПОЖАРИ“.

Генерална цел е подобрување на Системот за управување со кризи и механизмите на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, преку зајакнување на техничките и оперативните капацитети на клучните субјекти кои се инволвирани во мерките и активностите на превенција, рано предупредување и справување со шумски пожари и пожари на отворен простор.

На веб базираната апликација од MKFFIS (Macedonian Forest Fire Information System) развиена од страна на проектот може да се пристапи од страна на јавноста на следниот линк http://mkffis.cuk.gov.mk

Следејќи ги појавите кои се јавуваат во природните и новоподигнатите шумски насади од аспект на заштита на шумите и шумските култури, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, организира известувачко-дијагнозно прогнозна служба во шумарството (ИДП Служба) на Република Северна Македонија.

За подобро функционирање на ИДП Службата, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го има определено Факултетот за шумарски науки во Скопје - Катедра за заштита на шумите и дрвото, како центар на службата.

На крајот на секоја година, врз основа на податоците добиени од терен од сите субјекти кои стопанисуваат со шумите (без оглед на намената), сопствените согледувања од терен и резултатите од лабораториските анализи и испитувања, Центарот за ИДП Службата на крајот на

годината изготвува детален извештај за присуството на штетни инсекти, растителни болести и други причинители на оштетувања во природните и новоподигнатите шумски насади за тековната година.

Согласно деталниот извештај, во текот на 2024 година, здравствената состојба на шумите е на задоволително ниво.

Бројноста на популациите од боровиот четник од генерацијата 2024/25 година е релативно ниска на поголем дел од површините под црн борови култури во Р. С. Македонија.

-На одредени микролокалитети, бројноста на популациите е повторно висока, што укажува на сериозноста од неговото присуство во тие региони, (како што е на лок. Бандера и Преслап - Виничко).

-Среден интензитет на напад од гасениците на боровиот четник е констатиран во црнборовите култури во одделни делови од регионите на: Пехчево, Виница, Свети Николе, Штип, Неготино, Прилеп и Битола.

- За контрола на бројноста на популациите од боров четник, се препорачува да се користат феромони за збунување, доколку се обезбедат финансиски средства од МЗШВ, и доколку таква можност постои.

-Од поткорници во 2024 год. најзагрозени се ново подигнати насади од црн и бел бор во регионите на: Пехчево, Берово, Штип, Виница, Велес, Неготино, Прилеп, Битола, Куманово и Крива Паланка. Тоа ја наметнува потребата од сериозна санација на состојбата, за да на пролет 2025 г. истите не би се пренамножиле.

-Црвеникавата борова оса не преставува посерозна закана за ново подигнатите црн борови насади за 2025 год.

-Во листопадните, особено буковите шуми, состојбата е сериозна заради пренамножувањето на буковиот минер (Rhynchaenus (=Orchestes) fagi L.), кој предизвика голобрсти на поголем дел од нив, со тенденција нападот да се прошири на уште поголема површина.

-Состојбата на дабовите шуми во Р. С. Македонија е добра, пред сѐ заради малата популациона застапеност на жолтомешката (Euproctis chrysorrhoea) и губарот (Lymantria dispar).

-Популациите на останатите дефолијатори, како што се големиот и малиот мразовец (Erramis defoliaria и Operophtera brumata) и зелениот дабов свиткувач (Tortrix viridana), се во рамките на нормалните граници. Ова е така, пред сѐ благодарение на природните непријатели кои извршија голема редукција на бројноста на популациите на овие штетни видови.

-Појавата на Cenangium ferruginosum е во почетна епифитотична фаза во црн боровите култури во регионите на: Прилепско, Битолско, Виничко, Штипско, Светиниколско, Пехчевско, Беровско, Кумановско, Кривопаланечко, Кавадаречко, Д. Каписко, Неготинско и Велешко.

Според досега изнесеното се наметнува потребата ИДП Службата внимателно да ја следи состојбата на потенцијалните економски штетени инсекти и растителни болести во наредната

2025 година, кои се закануваат да ги загрозат природните и новоподигнатите шумски насади кај нас, за навремено преземање на мерки за превентивна заштита на шумите во Република Северна Македонија.

### 19.4 Ловство и ловен туризам

Република Северна Македонија го зафаќа централното подрачје на Балканскиот полуостров кое е испреплетено со речни долини, котлини и високи планини, кои достигнуваат до 2.800 м.н.в. и сето тоа овозможува услови за развивање и негување на ловот и ловниот туризам како профитабилна стопанска дејност. Покрај организациониот, човечкиот и физичкиот потенцијал, најзначајниот ресурс на ловниот туризам е приодниот потенцијал, односно ловниот дивеч (ситен, прелетен и крупен) и ловиштата (отворени и оградени).

Во Република Северна Македонија востановени се вкупно 268 ловишта, од кои 123 се за крупен и 145 за ситен дивеч. Од вкупно востановените ловишта, пет се државни ловишта и тоа: „Јасен“, „Јасен I“ – Скопје, „Полаки“-Кочани, „Фазанерија“ – Скопје и „Трубарево“ – Скопје (наменето за наставно - научни цели), а 17 ловишта се со посебна намена и истите се во националните паркови.

Што се однесува до сегашната понуда и побарувачка на дивечот во ловниот туризам може да се каже дека ловиштата во државава претставуваат одлична дестинација за поголем број странски гости, како за лов на ситен дивеч (еребица и миграторни видови), така и за лов на крупен дивеч (дивокоза, волк, погонски лов на диви свињи во отворени или во оградени ловишта), а посебно за лов на алохтони видови дивеч кои што во овој дел од Европа можат да се најдат само во ловиштата во Република Северна Македонија. Поради овој факт, постои голем интерес кај странските ловци-туристи за отстрел на критскиот козорог, други видови на диви кози и овци, елен аксис, сика елен и други алохтони видови.

Ловната туристичка понуда во ловиштата во Република Северна Македонија е единствена, зашто на ловците-туристи им нуди лов на десетина различни видови крупен дивеч на едно место, што постојат само кај нас. Понуда за отстрел на овие видови не постои во Европа во ниту една ловно-туристичка дестинација што на едно место може да понуди толкав број крупен и трофеен дивеч, како што го нудат ловиштата во Република Северна Македонија. Од видови на крупен, проретчен и редок дивеч низ целиот свет, во нашите ловишта покрај дивокозата, срната и дивата свиња, можат да се ловат и обичниот елен, еленот лопатар, муфлонот и ретките видови: сика елен, елен аксис, берберска овца-аудад, рацка овца, хималајски тар, критски козорог, фор хорн, ферал коза и други мошне атрактивни видови.

Ловиштата во Република Северна Македонија нудат и отстрел на ситен дивеч, вклучувајќи ги и миграторните видови, а нудат и отстрел на мошне атрактивните полски еребици, како редок дивеч во Европа, кој што исчезнал во другите автохтони хабитати. За врвните птичари во Европа, ловиштата во Република Северна Македонија што се уште имаат солидни популации на полска еребица, нудат одлични услови за обучување кучиња во пролет и на есен со т.н. „продажба на

мирис". За овој вид туризам се заинтересирани одгледувачите на кучиња од Италија, Грција, Данска и многу други развиени кинолошки центри.

## 20. Управа за водостопанство

Управата за водостопанство е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, надлежен за активностите и дејностите на изградба, користење, експлоатација и одржување на хидросистемите, хидромелиоративните системи и системите за наводнување и одводнување.

Управата за водостопанство е надлежна за креирање на политики, планирање на развојот на водостопанската дејност за наводнување и одводнување, реализација на проекти за изградба, реконструкција и модернизација на водостопански објекти и стручен надзор над работењето на вршителите на водостопанската дејност за наводнување и одводнување.

### 20.1.Закон за водостопанство

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Управата за водостопанство е надлежен орган за споведување на Законот за водостопанство (Службен весник на РМ бр.51/15, 193/15 и 189/16) .

Со овој закон се уредуваат стопанисувањето, користењето, функционирањето и одржувањето на хидросистемите, системите за наводнување и системите за одводнување. Вршењето на овие водостопански дејности е во надлежност на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, како и јавните претпријатија Хидросистем Злетовица, Стрежево и Хидросистем Лисиче кои управуваат со хидросистемите, хидромелиоративните системи и системите за наводнување и одводнување и испорачуваат вода за наводнување до крајните корисници - земјоделците. Исто така во регионот на Гевгелија, Валандово и Богданци формирани се земјоделски задруги кои управуваат со мрежата за наводнување изградена во рамките на Програмата за наводнување на Јужната долина на река Вардар.

### 20.2.Хидромелиоративни системи за наводнување и одводнување

#### 20.2.1.Системи за наводнување

Со Водостопанската основа е оценето дека од обработливата земјоделска површина од околу 577.000 ха, со изградените хидромелиоративни системи и доколку се изградат нови хидромелиоративни системи, реално може да се обезбеди наводнување на околу 400.000 ха, односно 69% од вкупната обработлива земјоделска површина.

Во изминатиов период од 70 години изградени се голем број системи за наводнување со кои се опфатени околу 173.000 ха, од кои со детална мрежа за наводнување беа покриени околу 127.000 ха. Во изминатиов период поради недоволно функционирање на инфраструктурата за

наводнување, пренамена на земјоделското во градежно земјиште и изградба на градежни објекти, оваа површина е доста намалена.

Според времето, динамиката, изворите на финансирање и другите услови за изградба, карактеристични се три периоди во изградбата на хидромелиоративните системи за наводнување и тоа: до 1958 година; од 1958 до 1975 и од 1975 година до денес.

Во текот на сезоната за наводнување 2024 година, согласно податоците од АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Јавните претпријатија Стрежево, Лисиче и Злетовица, земјоделските задруги: ЗЗ Јужен Бисер Стојаково, ЗЗ Агробогданци, ЗЗ Петрушка река Миравци, ЗЗ Бојмија Балинци, ЗЗ Пирава и ЗЗ Јосифово Валандово, наводнувани се вкупно 21.738,6 ха земјоделски површини во рамки на системите за наводнување.

Преглед на наводнувани површини 2022-2024 година за АД Водостопанство, Јавните претпријатија Стрежево, Лисиче и Злетовица и Земјоделските задруги.

| Региони/ Години | Подружница Тиквеш | Подружница Брегалница | Подружница Свети Николе | Подружница Прилепско поле | Подружница Кумановско Липковско | Подружница Радовишко поле | Подружница Јужен Вардар | Подружница Струмичко поле | Подружница Скопско | Подружница Полог Гостивар | Подружница Тетово | Подружница Црн Дрим | Подружница Берово | ЈП Злетовица | ЈП Лисиче | ЈП Стрежево | ЗЗ Јужен Бисер Стојаково | ЗЗ Агробогданци Богданци | ЗЗ Петрушка река Миравци | ЗЗ Бојмија Балинци | ЗЗ Пирава | ЗЗ Јосифово Валандово | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2022 | 5.904 | 4.063 | 3.336 | 460 | 496 | 1.094 | 736 | 1.214 | 95 | 172 | 264 | 279 | 13 | 371 | 126 | 4607 | | | | | | | 23.230 |
| 2023 | 4.710,6 | 4.018,9 | 2.748,6 | 369,9 | 347,8 | 322 | 583,1 | 811,3 | 0 | 109,9 | 279,6 | 270,7 | 8.6 | 351 | 103 | 4.328 | | | | | | | 19.363 |
| 2024 | 6.194 | 4.376,5 | 2.812,5 | 436,3 | 381,1 | 401,2 | 112,6 | 1.288 | 0 | 136,1 | 216,4 | 265 | 9,8 | 377 | 128 | 4.195,7 | 17,2 | 17,6 | 180 | 40 | 67,2 | 86,3 | 21.738,6 |

Извор:Управа за водостопанство, 2025

Структура на наводнувани култури, 2022-2024 година

| Година/Култури | Ориз | Луцерка | Тутун | Сончоглед | Пченка | Градинарски | Лозови насади | Овошни насади | Житарици | Фуражни | Други индустриски | Втори култури | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2022 | 4.052 | 1.918 | 655 | 46 | 5.256 | 2.122 | 4.537 | 2.217 | 247 | 118 | 4 | 1.712 | 346 | 23.230 |
| 2023 | 4.059 | 1.202 | 597 | 7.6 | 5.519 | 1.046 | 4.135 | 1.894 | 137 | 8.7 | 1.2 | 2.1 | 754.5 | 19.363 |
| 2024 | 4.409.9 | 1248 | 769,4 | 30,6 | 5.188,1 | 1.001,5 | 2.721 | 5.406,7 | 71,1 | 5,6 | 0,1 | 8,9 | 877,7 | 21.738,6 |

Извор:Управа за водостопанство, 2025


Наводнувани површини по системи за наводнување во период 2022-2024
8000
7000
6000
5000
4000
3000
2000
1000
0
Подружница Тиквеш
Подружница Брегалница
Подружница Свети Николе
Подружница Прилепско поле
Подружница Кумановско Липковско поле
Подружница Радовишко поле
Подружница Јужен Вардар
Подружница Струмичко поле
Подружница Скопско поле
Подружница Полог Гостивар
Подружница Тетово
Црн Дрим
Подружница Берово
ЈП Злетовица
ЈП Лисиче
ЈП Стрежево




**20.2.2. Системи за одводнување**

Во Република Северна Македонија системите за одводнување се градени заради заштита и одводнување на земјоделски, комунални и други земјишта и заради уредување на режимот на водите, заштита на населби, сообраќајници и друго. Со системите за одводнување се опфатени 82.195 ха. Изградбата на овие системи е во два периода. Во првиот период до 1958 година изградени се 1.052 ха системи за одводнување, а во вториот период од 1958 година до денес изградени се 81.143 ха или вкупно 82.195 ха. Во "Скопско Поле" со системите за одводнување се одводнуваат 6.600 ха, во "Пелагонија" 30.000 ха, во "Струшко Поле" 2.680 ха, во "Струмичко Поле" 9.000 ха, во "Кочанско Поле" 6.000 ха, во "Овче Поле" 1.700 ха и во "Преспанско Поле" 1.800 ха.

Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.282/2023) донесена е Програмата за водостопанство за 2024 година (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.17/2024).

Со Програмата за водостопанство за 2024 година се утврдуваат намените за користење на средствата за реализирани работи во 2024 година, односно средствата се наменет за изградба, реконструкција, експропријација и пренамена на земјиште, набавка и одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изведбата, изготвување на елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување, обврски по започнати и недовршени работи по веќе склучени договори од претходни години за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица.

Корисник на средствата од Програмата за водостопанство за 2024 година се Управата за водостопанство и АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост.

**20.3.Капитални проекти:**

**ХС Злетовица**

Со реализација на првата фаза од проектот, односно со изградбата на брана Кнежево се реши проблемот со водоснабдување на преку 100.000 жители кои живеат во општините Пробиштип, Штип, Свети Николе, Кратово, Карбинци и Лозово, како и со водоснабдувањето на индустријата во тие општини. За комплетна реализација на овој хидросистем потребно е да се реализираат втората и третата фаза за што се преговара со странски финансиски институции.

**Брана Конско**

Водата во акумулацијата Конско ќе се користи за водоснабдување на населението на градот Гевгелија и околните населби, наводнување на земјоделски површини во гевгелиско – валандовско - богданскиот регион од околу 4,200 ха систем за наводнување капка по капка, производство на електрична енергија и обезбедување на дополнителни количини на вода за хидро системот "Спас на Дојранско езеро", кои се претходно усогласени со можностите на системот. Изградбата на браната е во тек и активностите се реализираат со предвидената динамика.

**Брана Речани**

Со изградба на брана Речани на река Оризарска, водата од акумулацијата се предвидува да се користи за водоснабдување на населението преку регионалните водоснабдителни системи на Кочани и Виница, за наводнување на земјоделски површини во Кочанско Поле од околу 1.500 ха како и за производство на електрична енергија преку изградба на две хидроцентрали. Изградбата на браната е во тек.

**ХМС Равен – Речица**

Со изградбата на ХМС Равен – Речица во регионот на Полог – Гостивар ќе се овозможи наводнување на околу 3300 ха земјоделски површини кои до сега немале можност да бидат наводнувани или се наводнувале делумно. Со проектот се гради зафат на реката Вардар кај село Равен, возводно од Гостивар, а водата ќе се доведува преку главен доводен цевковод со должина од околу 27 км и мрежа за наводнување. Во тек на реализација е првата фаза што опфаќа изградба на зафат и главен доводен цевковод, а за реализација на втората фаза – изградба на детална мрежа за наводнување во тек е изработка на техничка документација.

**Брана на река Слупчанска**

Со изградба на брана на река Слупчанска се планира да се обезбедат дополнителни количини на вода во вкупниот хидро систем систем Глажња - Липково за водоснабдување на населението во општините Куманово и Липково, наводнување на постојните околу 6.500 ха

земјоделски површини и обезбедување на вода за нови околу 1.300 ха. Во тек е докомплетирање на техничката документација потребна за добивање на одобрение за градење и започнување на изградбата.

**Програма за наводнување на Република Северна Македонија**

Целта на оваа Програма е одржливо зголемување на земјоделското производство и продуктивност преку подобрена достапност и ефикасно користење на водните ресурси во рамки на четири системи за наводнување во кои ќе се интервенира (ХС Конско, ХС Пепелиште, ХС Лисиче и ХС Јужен Вардар – трета фаза). Вкупна површина за наводнување зафаќаат 13.000ха.Реализацијата на оваа Програма е финансирана со заем од KfW и Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство. Во Јануари 2024 година потпишан е договор помеѓу консултанската куќа ЦЕС и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. Во Декември 2024 година формирана е проектна единица.

Целта на оваа програма е одржливо зголемување на земјоделското производство и продуктивност преку подобрена достапност и ефикасно користење на водните ресурси во рамки на четири системи за наводнување во кои ќе се интервенира (ХС Конско, ХС Пепелиште, ХС Лисиче и ХС Јужен Вардар – трета фаза). Реализацијата на оваа програма е финансирано со заем од KfW и буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во тек е избор на консултант за имплементација на проектот.

## 21. Управа за хидрометеоролошки работи

### 21.1. Климатски подрачја во Република Северна Македонија

Поаѓајки од искуствата на повеќето климатски класификации и адекватниот пристап за територијата на Република Северна Македонија ги разликуваме следните похомогени климатски подрачја [9]

- Субмедитеранско подрачје (50 – 500 м)
- Умерено – континентално – субмедитеранско подрачје (до 600 м)
- Топло континентално подрачје (600 – 900 м)
- Ладно континентално подрачје (900 – 1100 м)

- Подгорско – континентално – планинско подрачје (1100 – 1300)
- Горско – континентално планинско подрачје (1300 – 1650 м)
- Субалпско планинско подрачје (1650 – 2250 м)
- Алпско планинско подрачје (над 2250 м)

Субмедитеранското подрачје зафаќа мали површини кои се целосно земјоделски. Ограничено е на најужниот дел на Вардарската Долина (Гевгелиско – Валандовскиот регион до Демир Капија), потоа во Дојранско и југозападниот дел на Струмичко, а се карактеризира со најблагопријатни климатски и педолошки услови за производство на раноградинарски култури, производство на винова лоза, овошни култури и др.

Континенталното – субмедитеранското подрачје. Заедно со првата зона, континенталното – субмедитеранското подрачје зафаќа површина од 897.000 ха или 34,9 % од територијата на Република Северна Македонија. Се простира во деловите покрај Повардарието, од Демир Капија се до северната граница (Демиркаписко, дел од Тиквеш, Велешка и Скопска котлина), помали делови околу реката Пчиња, деловите околу долното и средното течение на Црна река, Брегалница и нејзините притоки. Се карактеризира со студени и влажни зими и топли, сушни лета каде што постојат поволни климатски и почвени услови за земјоделско производство.

Топлото континентално подрачје зафаќа површина од околу 704.000 ха или 27,4 % од површината од нашата земја. Се простира на деловите од Полошката, Кичевската, Дебарската, Струшката, Охридската и Преспанската котлина како и Пелагонија. Претставува преоден регион меѓу медитеранската и континенталната клима, односно подрачје каде доминира топлата континентална клима со слабо влијаните на медитеранот (што се манифестира преку медитеранскиот плувиометриски режим). Тоа се подрачја каде што се застапени житните култури, овошките и виновата лоза.

Ладното континентално подрачје зафаќа површина од 342.000 ха или 13,3 % од површината на државата, и тоа во суштина е понискиот дел од планините, каде рељефот е планински со геолошки супстрат од компактни карпи. Според климатските показатели ова подрачје е постудено и повлажно од предходното во кое доминира студената континентална клима со извесно влијание на планинската клима.

Подгорско континенталното планинско подрачје зафаќа површина од 250.000 ха или 9,7 %. Ова е подрачје на климазоналната заедница на буковата шума.

Горско континентално планинско подрачје зафаќа површина од 10,4 % или 269.000 ха. Тоа е подрачје на горска букова шума, распространета на целата површина од Република Северна Македонија, каде релјефот е исклучително планиски.

Субалпско планинско подрачје со површина од 97.000 ха или 3,8 % од површината на земјата со широка распространетост на неколку шумски заедници и тоа претежно четинари (ела, смрча, молика и кривуљ).

Алпско планинско подрачје се протега на височини над 2.250 м. и има површина од 13.000 ха или 0,5%, и овде нема шумски растителни заедници. Тоа е подрачје на високопланински тревни заедници и тоа на планините: Кожуф, Ниџе, Баба, Дешат, Кораб, Шар планина и Јакупица. Врнежите од дожд во овие региони варираат меѓу 500 и 800 мм.

### 21.1.2. Агрометеоролошка анализа на временските услови во Република Северна Македонија во периодот јануари-декември 2024 година

Анализата на влијанието на временската состојба врз земјоделските култури во производната 2024 година е направена врз основа на податоци од оригиналната документација на Управата за хидрометеоролошки работи. Во агрометеоролошката анализа се опфатени 8 станици, распоредени во различни климатолошки региони во Републиката, при што се опфатени подрачја со медитеранска и изменето медитеранска клима (Гевгелија, Струмица, Демир Капија и Скопје), како и подрачја со континентална клима (Прилеп, Битола и Штип) и изменето планинска клима, реонот на Берово.

Месец јануари, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како топол до просечен и просечен до сув месец во споредба со многугодишните просечни вредности (1991-20). Месечната температура се движеше од -0,6°C во Маврово до 5,7°C во Гевгелија. Споредено со просечните јануарски месечни температури, за триестгодишен период (1991-2020), овогодинешната беше 1,5°C над просечната на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 19-ти Јануари во Гевгелија и изнесуваше 20,6°C и беше повисока од апсолутната максимална 20,3°C измерена во Гевгелија во Јануари 2018година. Најниската температура во текот на месецот беше измерена во Берово, на 22 Јануари и изнесуваше -19,8°C. Забележаните минимални негативни температури на воздухот беа во границите на издржливост на културите. Зимските форми на жита ги поднесуваат овие температури. Овошките се наоѓаа во фаза на длабоко зимско мирување, каде животните функции (дишење, транспирација) се сведени на минимум, така да штети од зимски измрзнувања не се очекуваа. Месечната сума на врнежи во државата изнесуваше од 11мм во Штип до 116мм во Маврово. Врнежите беа од дожд и снег, и од локален карактер. Максимално дневно количество на врнежи од 29мм беше регистрирано во Маврово на 19-ти во месецот. На Попова Шапка беше измерена максимална снежна покривка од 28см на 07-ми во месецот. Споредено со јануарската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше 20% под просечната на ниво на држава. Врнежите од дожд имаа влијание на зголемување на влагата во почвата кај овошните култури, кај поледелските култури и виновата лоза. Појавата на снег на планините исто така ги зголеми резервите на вода кои ги подобрија хидролошките услови.

Месец февруари, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како екстремно до многу топол и сув месец во споредба со многугодишните просечни вредности. Месечната температура се движеше од 2,4°C во Лазарополе до 9,7°C во Гевгелија. Споредено со просечните февруарски средномесечни температури, за триестгодишен период (1991-2020), овогодинешната беше 3,9°C над просечната на ниво на држава. Највисока максимална температура беше измерена на 06-ти Февруари во Гевгелија и изнесуваше 22,9°C. Забележени се високи максимални температури во текот на целиот месец, а и продор на топлотен бран на целата територија на државата исто во текот на речиси целиот месец. Овие температури кои достигнаа надпросечни вредности во тој период од годината на некои места и до 17°C, допринесоа за пролетно будење на овошките, особено оние од коскестите видови, кои и вообичаено се првите видови кои почнуваат со вегетација, ова особено

се карактеризира за растенијата во јужните краишта и Повардарието. Забележени се минимални температури под нула во првите две декади од месецот, потоа минималните температури се над нулата, таквите временски услови беа доволен податок за земјоделските култури кои беа во услови на мирување, состојба која е неопходна во тој период. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Берово, на 01-ви Февруари и изнесуваше -11,0°C. Месечната сума на врнежи во државата изнесуваше од 6,8мм во Скопје Зајчев Рид до 33,5мм во К.Паланка. Врнежите беа од дожд и снег на планините. Максимално дневно количество на врнежи од дожд 27,3мм беше регистрирано во К.Паланка на 12-ти во месецот. Споредено со февруарската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше 30мм или 63% под просечната на ниво на држава. Врнежите од дожд кои паднаа беа добродојдени за надополнување на влага во почвата, особено за есенските посеви, со што се обезбедува добра залиха на влага за идниот вегетационен период.

Месец март, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија се карактеризира како многу топол и врнежлив, во споредба со многугодишните просечни вредности (1991/2020). Средномесечната температура се движеше од 3,3°C во Лазарополе до 12,1°C во Гевгелија. Споредено со просечните мартовски средномесечни температури, за триестгодишен период (1991-2020), овогодинешната беше 2,4°C над просечната на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 29-ти Март во Гевгелија и изнесуваше 27,4°C. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Лазарополе, на 20-ти Март и изнесуваше -6,9°C. Овие ниски температури кои беа регистрирани на одредени места од нашите станици при Управата за хидрометеоролошки работи, од агрометеоролошки аспект, беа причина за можност на појава на мраз, особено кај коскестите видови, сливата, раните сорти на кајсии, и бадемот, претежно оние кои беа веќе процветени. Во последните четири дена од месецот имавме продор на топлотен бран и невообичаено топло време. Месечната сума на врнежи во државата изнесуваше од 27,4мм во Штип до 161,8мм во Маврово. Врнежите беа од дожд и снег на планините. Максимално дневно количество на врнежи од 33,2мм беше регистрирано во Прилеп на 05-ти во месецот. Врнежите од дожд допринесоа за зголемување на влагата во почвата, која беше потребна за пролетната подготовка на почвата за садење на одредени култури. Обезбеденоста со вода е многу важен услов за нормален раст и развој кај сите земјоделски култури. Споредено со мартовската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше околу 30% над просечната на ниво на држава.

Месец април, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како многу топол и нормално врнежлив месец во споредба со многугодишните просечни вредности. Средномесечната температура изнесуваше од 7,9°C во Лазарополе до 16,6°C во Гевгелија. Споредено со просечните априлски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната беше 2,5°C над просекот на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 14-ти Април во Гевгелија и изнесуваше 30,7°C. На територијата на државата во текот на месецот, од 05 до 16 ти беше забележен продор на топлотен бран. Овие достигнати надпросечни вредности на температурата на воздухот, порастот на температурата на воздухот кои не беа карактеристични за тој период, го забрзаа темпото на развој на растенијата и времето на настапување на фенолошките фази. Ова изразито топло време во тој период од годината е невообичаено и беше неповолно за *земјоделските култури*. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Лазарополе, на 20-ти Април и изнесуваше -3,1°C. Забележена е појава на слаб

мраз на повисоките места од 18 до 22-ри во месецот. Месечната сума на врнежи во државата изнесуваше од 26 mm во Демир Капија до 80mm во Маврово. Врнежите од дожд кои паднаа во тој период, беа корисни за сите земјоделски култури, за надоплнување на влагата во почвата особено за есенските посеви, каде оптималните рокови за есенска сеидба беа во тек, со што се обезбеди добра залиха на влага за претстојниот период. Максимално дневно количество на врнежи од дожд 26mm беше регистрирано во Берово на 18-ти додека максимална снежна покривка од 9cm беше измерена во П.Шапка на 21-ви во месецот. Споредено со априлската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше околу просекот, на ниво на држава.

Месец мај, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како просечно топол и нормално врнежлив со исклучок на источниот дел од државата, каде се измерени поголеми количества врнежи во споредба со многугодишните просечни вредности (1991/20). Средномесечната температура на воздухот се движеше од 10,3°C во Лазарополе до 19,2°C во Гевгелија. Споредено со просечните мајски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната беше просечна, околу 16°C, на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 22-ри Мај во Гевгелија и изнесуваше 30,0°C. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Лазарополе, на 5-ти Мај и изнесуваше 1,2°C. Месечната сума на врнежи во државата варираше од 33мм во Струмица до 131мм во К.Паланка. Максимално дневно количество на врнежи од дожд, од 33мм, беше регистрирано во Охрид на 19-ти во месецот. На повеќе места во државата, како Велес, Куманово, Тетово и др. беше забележана појава на град. Во овој месец се почнува со расадување на некои градинарски култури на отворено, исто така и расадување на тутунот, а токму ваквите временски услови со врнежи од дожд беа добредојдени, како за градинарските така и за целокупното земјоделско производство. За житата беше започната последната фаза од животниот циклус– зрелост, каде овде се случуваат поголеми квалитативни промени, пред се, во зрното. Сончогледот како индустриска култура се наоѓаше во фаза на никнење, неговата коренова маса има голем процент на продуктивност, со голема моќ на впивање вода од подлабоките почвени слоеви, со тоа што овие резерви на влага беа корисни во фазите на интезивен пораст, кога се потребни повеќе од 40% од вкупните потреби на растението за вода, односно од цветање до физиолошка зрелост. Овошките во овој месец беа во интензивен раст. Споредено со мајската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше просечна, поточно околу 65мм на ниво на држава. Водата во овој период од годината беше неопходна за сите земјоделски култури поради нивниот интензивен развој.

Месец јуни, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како екстремно топол и многу сушен месец, со исклучок и многу врнежи во Крива Паланка и Скопје Зајчев Рид, во споредба со многугодишните просечни вредности (1991-2020). Овие надпросечни температури имат негативно влијание врз земјоделските култури со тоа што доаѓа до интензивна евапотранспирација, при што почвата брзо се суши и поизразено ја губи почвената влага. Од друга страна, ваквите временски услови беа оптимални за есенскиот јачмен каде се наоѓаше во фаза на полна зрелост. Во оваа фаза јачменот се прибира. Кај некои сорти од виновата лоза, кои беа во фенофаза заметнување на зрната и формирање на гроздови беа осетливи на инфекции од најзначајните патогени болести а тоа се причинителот на пламеница, пепелница и сиво гниење, затоа беше потребно е да се посвети

поголемо внимание на нивна заштита. Овие високи температури имат негативно влијание и на повеќегодишните растенија кај кои резервите на вода и во подлабоките слоеви постојано беа во намалување. Средномесечната температура варираше од 17,1°C во Лазарополе до 27,3°C во Гевгелија. Споредено со просечните јунски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната температура беше надпросечна за 3,5°C на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 20-ти јуни во Демир Капија и изнесуваше 40,9°C. Од 6-ти до 24-ти јуни имавме продор на топлотен бран. Надмината е максималната дневна температура во Струмица, согласно повеќегодишниот период (1951-2023). Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Лазарополе, на 06-ти Јуни и изнесуваше 5,5°C. Согласно среднодневните температури оваа година летото започна на 01-ви јуни. Месечната сума на врнежи во државата варираше од 0,6мм во Битола до 93,7мм во Крива Паланка. Врнежите беа од дожд и град. Максимално дневно количество на врнежи од 56,9мм беше регистрирано во Крива Паланка на 27-ти во месецот. Надминат е дневниот максимум на врнежи во Крива Паланка, согласно повеќегодишниот период (1951-2023). Споредено со јунската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше 42% под просечната на ниво на држава.

Месец јули, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како екстремно топол, на целата територија од државата, и многу сушен месец со исклучок на Берово, Охрид и Прилеп, во споредба со многугодишните просечни вредности. Сувото и топло време единствено е поволно за жетва на јачменот која е при крај, и на жетвата на пченицата која беше во полн ек. Повеќето од културите, како овошките, компирот, се наоѓаа во фаза на берба. Средно месечната температура се движеше од 18,7°C во Лазарополе до 29,2°C во Гевгелија. Споредено со просечните јулски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната температура беше надпросечна за 2,7°C на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 18-ти Јули во Д.Капија и изнесуваше 42,9°C. Карактеристична појава е пролонгираниот период, од 06 – 23-ти Јули, со максимални температури над 90 перцентилниот распоред 1991/20, односно продорот на интензивни топлотни бранови, особено во централниот дел на државата. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Лазарополе, на 05-ти Јули и изнесуваше 5,8°C. Месечната сума на врнежи во државата варираше од 0,1мм во Битола до 34,2мм во Берово.

Врнежите беа од дожд и град. Максимално дневно количество на врнежи од 27,7мм беше регистрирано во Берово на 25-ти во месецот. Силно невреме е забележено во источниот дел на Скопје на 18.07.2024, со дневни врнежи од дожд и град, со количество од 17,0мм со траење од 20мин. и брзина на ветер од 29,8м/с или 107км/час од северен правец. Според радарскиот материјал во текот на месецот , време со голема нестабилност беше забележено во Охрид, Струмица, Берово, Прилеп, Битола и Куманово. Споредено со јулската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше 64% подпросечна на ниво на држава.

Месец август, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како екстремно топол и просечно врнежлив до сушен месец во споредба со многугодишните просечни вредности 1991/20 година. Намалувањето на температурите за неколку степени во почетокот на месецот, не ја смени состојбата на долготрајната суша во земјоделството. Најниската минимална температура во текот на месецот

беше измерена во Берово, на 01-ви Август и изнесуваше 8,5°C. Највисоката максимална температура беше измерена на 16-ти Август во Демир Капија и изнесуваше 42,2°C. Забележено е од 11-18 Август појава на топлотен бран. Овие временски услови беа непогодни за сите култури, освен за некои видови на овошки кои се наоѓаа во фаза на берба и зреење на плодовите. Некои сорти на винова лоза беа во фаза на зреење, и недостигот на вода може директно да влијае на синтезата на шеќер, ароматичните и други материи. Потребите за вода беа големи, посебно за пролетните и окопните култури, особено за пченката, и сончогледот кој се наоѓаше во фаза на исполнување на зрното. Средномесечната температура се движеше од 18,2°C во Лазарополе до 28,0°C во Гевгелија. Споредено со просечните августовски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната температура беше 1,8°C надпросечна на ниво на држава. Месечната сума на врнежи во државата се движеше од 10mm во Битола до 53mm во Крива Паланка. Врнежите беа од дожд и град. Максимално дневно количество на врнежи од 35mm беше регистрирано во Крива Паланка на 20-ти во месецот. Споредено со августовската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше помала за 30% од просечната, на ниво на држава.

Месец септември, согласно мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како просечно топол со просечни количества на врнежи на ниво на држава во споредба со многугодишните просечни вредности 1991/20, но со поизразено количество на врнежи во северозападот на државата. За поледелските култури во месец септември започнува предсеидбената подготовка на почвата која има пресудно значење за постигнување високи приноси. Таа треба да биде навремено и квалитетно извршена. Паралелно со обработката на почвата се изведува и основното ѓубрење на посевот. Некои сорти на винова лоза како вранецот, смедеревка, кардинал и други, беа во фаза на берба. Високите температури и подолгото отсуство на врнежи имаа неповолно влијание скоро кај сите земјоделски култури. Исто така и кај некои овошни видови, високите температури и долгиот период без врнежи имаа можност да предизвикаат штети како врз плодовите, така и врз листовите и младите стебла. Штетата може да биде со појава на значајни изгореници на сите делови од растението. Средномесечната температура се движеше од 11,8°C во Лазарополе до 21,9°C во Гевгелија. Споредено со просечните септемвриски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната температура беше 0,5°C надпросечна на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 3-ти Септември во Гевгелија и изнесуваше 37,4°C. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Лазарополе, на 30-ти Септември и изнесуваше -0,6°C. Во почетокот на месецот од 01-ви до 8-ми имаше топол бран, со максимална температура до околу 37.4°C. Месечната сума на врнежи во државата варираше од 21,7mm во Д.Капија до 90,3mm во Маврово. Врнежите беа од дожд. Максимално дневно количество на врнежи од 40mm беше регистрирано во Маврово на 10-ти во месецот. Пообилни врнежи имаше во втората декада на месецот. Споредено со септемвриската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше за 13% под просечната на ниво на држава.

Месец октомври, според мерењата и набљудувањата на метеоролошките станици во Република Северна Македонија, се карактеризира како нормално топол и нормално до многу сушен во однос на врнежите, во споредба со многугодишните просечни вредности (1991/20). Во градинарството на почетокот во месец октомври се сади зелената салата, а кај останатите градинарски култури се врши берба на плодовите. Исто така и кај лозарството имаме берба на

некој касни сорти на десертно грозје. Кај поледелските култури во овој месец започнува сеидбата на пченицата и јачменот. Времето на сеидбата има големо значење, бидејќи директно влијае врз времето на поникнувањето, презимувањето на растенијата, а и врз приносот. Некои сорти се сеат порано а некои подоцна. Средномесечната температура се движеше од 8,9°C во Лазарополе до 16,4°C во Гевгелија. Споредено со просечните октомвриски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2010), овогодинешната октомвриска температура беше 0,7°C повисока на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 11-ти Октомври во Штип и изнесуваше 29,9°C. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Берово, на 02-ри Октомври и изнесуваше -3,7°C. Месечната сума на врнежи во државата варираше од 2,8мм во Гевгелија до 66,1мм во Маврово. Интензивни врнежи на целата територија на државата беа измерени на 5-ти во месецот, за да понатаму имаме посув период. Врнежите беа од дожд. Максимално дневно количество на врнежи од 58,4мм, на разгледуваните станици, беше регистрирано во Маврово, додека во мрежата на автоматски станици во државата, максимални дневни врнежи беа измерени во Жировница 83мм, на 05-ти во месецот. Повремените врнежи од дожд кои паднаа беа добродојдени за надоплнување на влагата во почвата особено за есенските посеви, каде есенска сеидба беше започната, со што се обезбеди добра залиха на влага за претстојниот период. Споредено со октомвриската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше помала за 61% од просечната на ниво на држава.

Месец ноември, според мерењата и набљудувањата на среднодневните температури и врнежи во метеоролошките станици на Република Северна Македонија, се карактеризира како студен и просечен во однос на врнежите, со исклучок на југозападниот дел каде месецот е сув, во споредба со многугодишните просечни вредности (1991/20). Средномесечната температура се движеше од 2,2°C во Лазарополе до 8,6°C во Гевгелија. Споредено со просечните ноемвриски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната ноемвриска температура беше 1,0°C пониска на ниво на држава. Кај виновата лоза, на почетокот во ноември, животните процеси се намалуваат или се сведени на минимум. Пченицата и другите есенски жита во тој период во месец ноември, се наоѓаа во фаза на никнење. Највисоката максимална температура беше измерена на 01-ви Ноември во Гевгелија и изнесуваше 23,3°C. Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Берово, на 24-ти Ноември и изнесуваше -10,1°C. Во почетокот на месецот среднодневните температури беа повисоки од 10°C за да од 05-ти се симнат под 8,0°C. Месечната сума на врнежи во државата варираше од 23,3мм во Скопје Зајчев Рид до 132,4мм во Маврово. Врнежите беа застапени во втората и третата декада од месецот и беа од дожд. Максимално дневно количество на врнежи од 58,6мм беше регистрирано во Лазарополе на 21-ви во месецот. Водата е најважниот фактор за одвивање на животните функции кај растенијата. Сите земјоделски култури имаат потреба на вода во текот на целата година, посебно во овој есенски период од годината, почвата треба да има доволно количество на влага и во подлабоките слоеви за да може растението да обезбеди резервна зимска влага.На 22-ри ноември беше забележена жестока олуја, според податоците од Штип (29м/сек или 104км/час од SE правец) но и на другите мерни места во државата. Во 07:00 часот СЕВ забележена беше снежна покривка од 10см на 30-ти на АМС П.Шапка и на АМС Маврови Анови. Споредено со ноемвриската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020), измерената месечна сума на врнежи беше 41% под просечната на ниво на држава.

Месец декември, според мерењата и набљудувањата на среднодневните температури и врнежи во метеоролошките станици на Република Северна Македонија, се карактеризира како просечен до топол и многу врнежлив месец, во однос на просекот 1991/20. Ова е период од годината кога есенските култури, лозовите насади и овошките се во фаза на зимско мирување. Животните функции (дишење, транспирација) се сведени на минимум, но не се прекинати. Коренот кај овошните видови, црпи извесна количина на вода за одржување на тургорот во круната. Во овој период овошките бараат одредена сума на ниски температури за да можат нормално да вегетираат во идната година. Средномесечната температура се движеше од -0,1°C во Маврово до 7,4°C во Гевгелија. Споредено со просечните декемвриски средномесечни температури, за триесетгодишен период (1991-2020), овогодинешната декемвриска температура беше 1,2°C повисока од просечната, на ниво на држава. Највисоката максимална температура беше измерена на 18-ти Декември во Гевгелија и изнесуваше 18,5°C.
Најниската минимална температура во текот на месецот беше измерена во Лазарополе, на 22-ри и изнесуваше -9.1°C. Месечната сума на врнежи во државата варираше од 58мм во Скопје З.Р. до 236 мм во Маврово. Врнежите беа од дожд и снег. Максимално дневно количество на врнежи од 96 мм беше измерено во Д.Капија на 01-ви во месецот. Надминати се апсолутните дневни максимални врнежи (1949/23) во Д.Капија и Прилеп. Максимална дневна снежна покривка е измерена во П.Шапка 73см на 26-ти и во Маврово 71см на 1-ви декември. Врнежите од дожд и снег и формирање на снежна покривка на повисоките места, се оценуваат како позитивни агрометеоролошки услови, особено за есенските посеви, каде количеството на паднат воден талог им обезбеди добра залиха на влага за идниот вегетационен период. Овие врнежи од дожд и снег допринесоа и за надополнување на вештачките акумулации, и подобрување на општата хидролошка состојба во земјава. Споредено со декемвриската просечна вредност за многугодишен период (1991-2020) која изнесува 65 мм, измерената овогодишна месечна сума на врнежи беше 100% над просекот на ниво на држава.

Во продолжение даден е табеларниот приказ на параметрите кои се земени во анализата за секоја метеоролошка станица посебно.

Средно месечна температура на воздухот (°C) година: 2024

| Метеоролошка станица | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Средна вредносот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гевгелија | 5,7 | 9,7 | 12,1 | 16,6 | 19,2 | 27,3 | 29,2 | 28,0 | 21,9 | 16,4 | 8,6 | 7,5 | 16,9 |
| Битола | 1,8 | 6,5 | 9,3 | 14,0 | 16,5 | 24,4 | 25,8 | 24,7 | 18,4 | 12,8 | 4,3 | 3,1 | 13,5 |
| Демир Капија | 3,2 | 8,8 | 11,8 | 16,2 | 18,9 | 27,2 | 29,3 | 27,4 | 21,3 | 15,7 | 6,6 | 5,1 | 16,0 |
| Струмица | 2,4 | 8,1 | 11,0 | 15,7 | 18,1 | 26,7 | 28,1 | 26,9 | 20,3 | 13,9 | 5,7 | 4,9 | 15,2 |
| Прилеп | 2,2 | 6,9 | 8,8 | 13,8 | 15,8 | 24,2 | 25,5 | 24,5 | 17,9 | 13,3 | 5,0 | 3,4 | 13,4 |
| Скопје | 3,0 | 8,4 | 11,2 | 15,5 | 17,8 | 25,7 | 27,5 | 27,0 | 19,8 | 14,4 | 6,2 | 4,1 | 15,1 |
| Штип | 3,4 | 8,7 | 11,1 | 15,6 | 18,2 | 26,5 | 27,8 | 26,8 | 20,2 | 14,8 | 5,8 | 4,8 | 15,3 |
| Берово | 0,0 | 4,0 | 6,4 | 10,9 | 13,1 | 20,9 | 21,9 | 20,7 | 14,7 | 9,5 | 2,9 | 2,2 | 10,6 |

Средно месечна максимална температура на воздухот (°C) година: 2024

| Метеоролошка станица | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гевгелија | 11,5 | 17,1 | 18,1 | 24,7 | 25,6 | 35,5 | 37,6 | 36,6 | 29,5 | 24,8 | 15,2 | 11,6 | 24,0 |
| Битола | 7,6 | 13,5 | 15,7 | 21,5 | 22,7 | 32,3 | 34,4 | 33,8 | 26,1 | 22,2 | 11,7 | 7,2 | 20,7 |
| Демир Капија | 9,0 | 15,5 | 17,7 | 24,2 | 25,4 | 35,5 | 38,5 | 36,8 | 29,1 | 23,5 | 13,0 | 9,1 | 23,1 |
| Струмица | 8,8 | 16,6 | 18,0 | 24,1 | 24,7 | 34,5 | 36,6 | 35,9 | 28,6 | 24,0 | 14,0 | 9,9 | 23,0 |
| Прилеп | 7,1 | 12,8 | 14,7 | 20,5 | 21,6 | 31,1 | 32,8 | 32,0 | 24,6 | 20,6 | 11,2 | 6,8 | 19,7 |
| Скопје | 7,7 | 14,9 | 17,6 | 22,9 | 23,8 | 33,7 | 35,3 | 35,6 | 27,0 | 21,6 | 11,9 | 7,3 | 21,6 |
| Штип | 8,5 | 14,9 | 16,9 | 22,8 | 23,7 | 33,9 | 35,4 | 35,0 | 27,4 | 22,7 | 12,2 | 8,7 | 21,8 |
| Берово | 6,3 | 11,9 | 13,2 | 19,6 | 19,4 | 29,3 | 31,3 | 30,4 | 23,3 | 20,0 | 11,4 | 6,9 | 18,6 |

Средно месечна минимална температура на воздухот (°C) година: 2024

| Метеоролошка станица | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гевгелија | 0,8 | 3,4 | 6,9 | 9,1 | 13,1 | 18,8 | 20,6 | 20,3 | 15,8 | 9,6 | 3,8 | 4,2 | 10,5 |
| Битола | -3,0 | 0,3 | 2,9 | 5,9 | 10,2 | 14,6 | 15,8 | 15,0 | 11,7 | 5,4 | -1,1 | -0,1 | 6,5 |
| Демир Капија | -1,9 | 2,4 | 5,6 | 7,5 | 11,9 | 17,9 | 19,3 | 18,2 | 14,2 | 8,1 | 1,0 | 1,6 | 8,8 |
| Струмица | -2,3 | 1,0 | 4,6 | 6,8 | 11,3 | 16,9 | 17,8 | 17,5 | 13,1 | 6,0 | 0,1 | 1,5 | 7,9 |
| Прилеп | -1,8 | 1,5 | 3,4 | 7,4 | 10,7 | 16,4 | 17,8 | 17,0 | 12,4 | 7,3 | 0,2 | 0,4 | 7,7 |
| Скопје | -0,6 | 2,7 | 5,7 | 8,6 | 12,4 | 18,1 | 19,9 | 19,4 | 14,3 | 9,1 | 1,6 | 1,4 | 9,4 |
| Штип | -1,2 | 2,4 | 5,2 | 7,9 | 12,4 | 18,0 | 19,1 | 18,4 | 14,0 | 7,8 | 0,5 | 1,3 | 8,8 |
| Берово | -5,2 | -2,0 | 0,8 | 2,8 | 7,0 | 10,5 | 12,3 | 12,0 | 8,2 | 1,7 | -3,3 | -1,3 | 3,6 |

Месечна сума на врнежи (mm) ) година: 2024

| Метеоролошка станица | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Сума |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Гевгелија | 15,3 | 20,3 | 102,3 | 43,0 | 45,6 | 7,5 | 18,1 | 46,5 | 25,0 | 2,8 | 46,0 | 193,3 | 565,7 |
| Битола | 27,0 | 14,0 | 75,1 | 47,5 | 23,6 | 0,6 | 0,1 | 9,9 | 52,4 | 11,9 | 30,1 | 118,8 | 411,0 |
| Демир Капија | 49,0 | 9,1 | 58,2 | 25,8 | 35,8 | 17,1 | 13,1 | 44,2 | 21,7 | 4,6 | 25,6 | 189,9 | 494,1 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струмица | 15,0 | 25,6 | 15,4 | 37,4 | 33,4 | 8,2 | 3,0 | 10,4 | 22,0 | 10,2 | 37,6 | 116,8 | 335,0 |
| Прилеп | 23,2 | 9,2 | 72,6 | 55,0 | 47,6 | 15,9 | 26,1 | 12,6 | 63,6 | 16,4 | 26,4 | 162,2 | 530,8 |
| Скопје | 11,9 | 6,8 | 45,5 | 31,9 | 31,2 | 90,4 | 2,9 | 12,4 | 58,7 | 30,7 | 23,3 | 57,6 | 403,3 |
| Штип | 10,6 | 11,8 | 20,6 | 45,6 | 29,0 | 26,4 | 2,4 | 26,0 | 26,4 | 7,6 | 27,8 | 83,2 | 317,4 |
| Берово | 33,2 | 25,3 | 51,0 | 63,6 | 81,3 | 15,8 | 34,2 | 25,6 | 29,3 | 27,1 | 35,9 | 123,4 | 545,7 |

## 22.Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, како јавен национален советодавен сервис, обезбедува широк спектар на услуги со примена на соодветни дефинирани методи за реализација на активности. Истото е во насока на доставување неопходни информации, совети, обуки, консултации, поддршка и помош потребни за земјоделските производители и останатите чинители во руралните средини. Целта е олеснување и развој на нивните технички, организациски и управувачки вештини и практики за производство на квалитетни и здрави земјоделски производи, други економски активности во руралните средини насочени кон развој на руралните средини, како и подобрување на нивната економија и животен стандард.

### 22.1. Реализација на Програми

АПРЗ со реализација на програмските активности придонесува за развој на конкурентни и напредни земјоделски стопанства, преку информирање, советување, едукација и техничко-административна помош, почитувајќи ги принципите на добра земјоделска пракса и зачувување на руралните области преку негување на традицијата и обичаите.

Програма: Советодави услуги

**Цел на Програмата**:

Организирање и обезбедување на советодавни услуги во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположливите ресурси преку одржлив земјоделски развој, заштита на животната средина и поддршка при аплицирање во користење на претпристапни фондови и владини програми.

Советодавните услуги се дизајнираат и обезбедуваат преку: практична примена на научните и техничките сознанија насочени според потребите на пазарот; јакнење и соработка на земјоделските здруженија; поддршка во спроведувањето на владините програми и мерки наменети за индивидуалниот земјоделски сектор; воспоставување и примена на информативни системи во функција на подобрување на следливоста на земјоделските активности и размена на информации со чинителите во агрокомплексот. Сето тоа придонесува  во подобрување на

состојбата во земјоделскиот сектор, правејќи го конкурентен, што директно влијае на подобрување на севкупниот економски развој.

Во 2024 година АПРЗ ја заврши со 64 земјоделски советници преку кои ги обезбедуваше советодавните услуги, за разлика од 2023 кога имаше 66 советници. Бројот на советници од година во година е во континуиран пад и не соодветствува со бројот на земјоделски стопанства односно баратели кои имаат потреба од советодавни услуги.

Вкупно се услужени 11.951 ЗС по пат на обуки, едукација, консултации, советување, информирање или административна поддршка, според евиденција во Системот од просечно 65 советодавци.

**Потпрограма 1: Специфични советодавни услуги**

**Приоритет бр. 1:** Зголемување на конкурентноста на земјоделското производство, одржлив развој на руралните средини и одржливо управување со природните ресурси

За реализација на овој приоритет се утврдени 2 (две) цели:

- зголемување на конкурентната и продуктивноста на ЗП преку обезбедување квалитетни СУ за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи, во насока на обезбедување на доволни количини квалитетна и безбедна храна;
- заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики, прилагодување на глобалните климатски промени и заедничката земјоделска политика на ЕУ.

Активностите за реализација на оваа потпрограма особено се насочени кон зголемување на конкурентната и продуктивноста на земјоделските стопанства преку обезбедување квалитетни советодавни услуги за зголемен принос и квалитет на земјоделските производи, како и заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики.

Земјоделските производители кои користат средства од мерките согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, при своите земјоделски активности треба да исполнат посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина. За таа цел АПРЗ обезбедува советување и информирање на земјоделски стопанства за вкрстена сообразност.

Советодавни услуги по специјалност, според вид на услуга, добиле **1.214 ЗС** од кои:

Совети од растително производство добиле **808 ЗС** (Планираниот резултат е исполнет со 68,5%).
Совети од сточарско производство добиле **406 ЗС (**Планираниот резултат е исполнет со 72,5%).
Советодавни услуги за Вкрстена сообразност добиле 1.091 ЗС, од кои:

- Извршена едукација на 207 ЗС согласно доставен список од АФПЗРР.
- Дадени совети на 428 ЗС
- Извршени обуки на 456 ЗС

Планираниот резултат е исполнет со 61%.

Советодавни услуги за Правилници за продажба од праг: растително и животинско производство добиле 44 ЗС:

- Реализирана едукација на 44 ЗС

За Потпрограма 1 – Специфични советодавни услуги, според бројот на корисници, се обезбедени и следните услуги:

- Информации за 3872 корисници
- Едукација за 469 корисници
- Обуки за 258 корисници
- Консултации за 128 корисници
- Демонстрации за 8 корисници
- Советодавни пакети за 6 корисници

Согласно доставен список од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за неисполнување на условите за Добра земјоделска пракса и Заштита на животна средина извршена едукација на 207 земјоделски стопанства.

**Потпрограма 2: Поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка**

**Приоритет бр. 2:** Олеснување на пристапот до политиките за поддршка во земјоделството и руралниот развој

За реализација на овој приоритет се утврдени 2 (две) цели:

- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од Програмата за рурален развој (ПРР), со изработка на деловни планови, технички предлог проекти, и сл.
- обезбедување на информации и техничко-административна помош на барателите за користење на финансиска поддршка од ИПАРД програмата, со изработка на деловни планови, технички предлог проекти, и сл., во насока на ефикасно користење на претпристапната помош од ЕУ.

АПРЗ дава целосна консултантска и техничко-административна услуга во подготовка на апликативни барања за користење на финансиска поддршка за мерките од Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој, ИПАРД програмата, јавните повици за закуп на државно земјоделско земјиште, како и сите останати јавни повици кои се објавуваат од страна на МЗШВ и АФПЗРР.

Вкупно обезбедени СУ за поддршка во мерките за финансиска поддршка на **4,861** корисници од кои:

-Обезбедени СУ за ПРР на 1.141 корисник од кои:

- Информирани 1.141 корисник,
- Изготвено Барање/Апликација на 54 корисници
- Обезбедена обука со Потврда за сите корисници

- Обезбедени СУ за ИПАРД на **1.134** корисници:
    - Информирани **1.134** корисници,
    - Обезбедена техничко-административна поддршка на **16** корисници

- Обезбедени СУ за др. ЈП на **2.586** корисници:
    - Информирани 2.586 корисници
    - Изготвено Барање/Апликација на 1.845 корисници
    - Изготвена Програма за закуп на з.з. на 535 корисници
    - Изготвен Извештај за закуп на з.з. на 77 корисници

За Потпрограма 2 – Поддршка на корисниците во мерките за финансиска поддршка, се обезбедени и вкупно:

- Изготвени Барања за финансиска поддршка за 724 корисници
- Изготвено единечно Барање на 223 корисници
- Изготвен Деловен план на 54 корисници
- Изготвен ТПП на 14 корисници
- Поддршка за дополнување на документи на 42 корисници

**Програма: ФАДН (Мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства)**

**Приоритет бр. 3:** Овозможување на спроведување на годишно истражување за структурата, производството, приходите и расходите кај земјоделските стопанства согласно законот за ФАДН

За реализација на овој приоритет се утврдени 2 (две) цели:

- Систематско следење и вреднување на производните, економските и финансиските резултати кај земјоделските стопанства;
- Утврдување и анализа на економските параметри и висината на приходот на земјоделските стопанства.

Оваа програма се реализира во функција на овозможување на спроведување на годишно истражување за структурата, производството, приходите и расходите кај земјоделските стопанства согласно Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

**Потпрограма 1: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН**

Согласно Закон, редовно се врши систематско следење и вреднување на производните, економските и финансиските резултати кај земјоделските стопанства, при што се прибираат соодветните сметководствени податоци.

- Прибрани се податоци од 956 земјоделски стопанства, дефинирано согласно Годишниот договор со МЗШВ.
- Во текот на 2024 година внесени се податоците прибрани во 2023 година од 949 земјоделски стопанства.